Просторно-амбиентални вредности на селото Дихово формираат еден рурален амбиент, вклопен со околината и природата како резултат на социјалните, религиозните и економските потреби на луѓето кои живееле овде. Посебна вредност на амбиентот на ова село претставува наследената руристичка матрица која сосем ја сочувала својата улична структура. Градењето на нови индивидуални станбени објекти во наследената структура на селото на места е наметливо, односно тоа ги нарушува како архитектонските така и урбанистичките карактеристики на селото.

Имајќи предвид дека руралната целина Дихово е сместена во еден специфичен природен амбиент во подножјето на планината, по живописното течение на реката

Драгор целината поседува и разновидни пејзажни вредности. Сите сочувани содржини кои ги поседува оваа рурална целина зборуваат за нејзините сведоштва и автентични вредности .

Специфичноста на оваа рурална целина се согледува и во нејзината руристичка матрица диктирана од конфигурацијата на теренот, искористена како подлога за градба на тукашните традиционални куќи кај кои е видливо градското влијание. Во руралната споменичка целина Дихово се среќаваат содржини со различни творечки изрази. Во основа тоа е архитектурата на тукашната селска куќа, со различни облици на архитектонски изрази во оформувањето на станбените објекти во селото. Оваа севкупност на материјални творечки изрази во себе ги има проткаено културните традиции, духот на градењето кој произлегува од етничкиот дух, професионалното определување изразено врз културата на живеењето и обичаите на населението кое живее во Дихово.

Својството на интегралност на содржините и функциите видливо е присутно во оваа рурална споменичка целина. Интегритетот на целината во голема мера е сочуван и покрај изграбата на нови објекти на влезот-северниот дел и излезот-јужниот дел од селото, со неадекватни архитектонски решенија за овој амбиент и со употреба на несоодветни градежни материјали. Степенот на зачуваност на целината од урбанистички и архитектонски аспект е на задоволително ниво од што во иднина ќе произлезе и определувањето на категоријата за оваа споменичка целина.

Руралната споменичка целина Дихово како жив организам ги исполнува повеќето руристички функции, што произлегуваат од нејзината природно-географска положба, етничката структура, традиционалните содржини и својства и од состојбите што ги наметнува современиот живот. Таа недвосмислено има значајна научна и културна функција во урбанистичко-архитектонските содржини кои ги поседува. Во целината делумно се практикува стопанската функција, иако со значително намален интензитет, како и туристичко - угостителската функција која е застапена, особено во сферата на алтернативните видови туризам.

Анализата на сите вредности, својства, функции и содржини што ги поседува целината упатуваат на тоа, дека истата ги поседува сите значења од културен, историски, етнографски, научен и поширок општествен карактер својствени за една споменичка целина.

### 6. 2. Ревалоризација

На подрачјето на опфатот нема објекти за ревалоризација

### *6. 3.КАТЕГОРИЗАЦИЈА*
***( според извршена валоризација )***

За споменичката целина село Дихово се предлага категорија значајно културно наследство.

Додека, според извршената валоризација на објектите во границите на опфатот, се предлага утврдување на следната категорија/статус на културно наследство.

| **Улица и (КП)** | **Категорија според загрозеност** | **Категорија според значење** | **Илустрација** |
|---|---|---|---|
| **1. Село Дихово**<br><br>**Кп. 866** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 695/3** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **3.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп.710** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **4.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп.726/4** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **5.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп.728/1** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **6.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 728/2** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп.730** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **8.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 731** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **9.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 735/2** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **10.**<br>**Село Нижеполе**<br><br>**Кп. 979** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **11.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 980** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12. Село Дихово**<br><br>**Кп. 989** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **13. Село Дихово**<br><br>**Кп.994** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **14. Село Дихово**<br><br>**Кп.997/1** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **15. Село Дихово**<br><br>**Кп.1005** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **16. Село Дихово**<br><br>**Кп.1006/2** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **17. Село Дихово Кп.1007** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1009** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **19. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1011/1** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **20. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1016/2** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **21. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1018** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **22. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1019/3** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **23. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1022/3** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **24. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1029** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **25. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1030** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **26. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1032** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **27. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1035** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **28. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1037/2** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **29.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 1037/1** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **30.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 1039/1** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **31.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 1039/2** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **32.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 1040** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **33.**<br>**Село Дихово**<br><br>**Кп. 1017** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **34. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1038/1** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **35. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1031** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |
| **36. Село Дихово**<br><br>**Кп. 1029** | Значајно културно наследство | Незагрозено |  |

- Археолошкиот локалитет "Стара црква" (на локацијата на Старата пошта), кој е лоциран на парцелите: КП 701/1 и КП 701/2, во опфатот на спомeничката целина е категоризиран како ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО.

- Археолошкиот локалитет "Св.Недела", кој е лоциран на парцелите: КП 957 и КП 958, во опфатот на спомeничката целина е категоризиран како ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО.

- Археолошкиот локалитет "Ограѓе", кој е лоциран на парцелите: КП 555/1, КП 555/2, КП 555/3, КП 555/4, КП 555/5, КП 556/1, КП 556/2, КП 557/1 и КП 1125/1, во опфатот на планот е категоризиран како ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО.

### *6. 4. Режим на заштита*

Подрачјето на опфатот на ***УП за село Дихово - Битола*** е поделено на три дела и тоа: рурална споменичка целина, контактна зона и зона без дејство на заштита

### *6. 4. 1. Зони на заШтита*

Во просторот на опфатот на УП за село Дихово, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Дихово за руралната споменичката целина *село Дихово* и контактната зона се предлага - **ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана) ЗАШТИТА.**

### *6. 4. 2. Степени на заштита за подрачјето на опфатот на УП за село Дихово*

- Во опфатот на УП за село Дихово, за руралната спомeничката целина *село Дихово* се пропишува ***втор*** (2) ***степен на заштита*.**
- За контактната зона се пропишува ***трет*** (3) ***степен на заштита*.**

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување на непосредна заштита на начин кој ке ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко архитектонски, уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите и просторот во целината за користење.
- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, односно споменичката целина и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Руралната структура (изградена и неизградена), се третира според карактерот на зоната, во согласност со тековните потреби и функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата.
- Подрачјето на опфатот се сочувува како зона со амбиентални објекти, стопански помошни објекти, дворови, зелени површини, со постоечките тесни кривудави селски улици и улички - сокаци за потребите на жителите и посетителите.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните, новопроектираните и помошните објекти во споменичката целина *село Дихово* не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- Постојните помошни објекти кои се наоѓаат во парцелите на објектите кои се предвидени да добијат статус на заштитено добро да не го променат изгледот, применетите материјали, габаритот и висината.
- На подрачјето на руралната споменичка целина *село Дихово* и контактната зона не се дозволува изведба на мансардни поткровја.
- Новопланираните објекти во заштитеното подрачје да го следат концептот на отвореност на визурите. Катноста и височината, на евентуално новопредвидените објекти / или на евентуалните доградби и надградби / да бидат резултат на анализи и прилагодување во општиот амбиент и просторни репери.
- При обликувањето на надворешниот изглед на новите објекти во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на нови објекти во опфатот и било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство ( Сл.весник на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/.

Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под (2) втор степен на заштита, треба да се почитуваат следните насоки:

- Режимот на заштита од втор (2) степен, се однесува на руралната споменичка целина и објектите категоризирани како значајно културно наследство, во зоната на ограничена, односно гарантирана заштита. На објектите се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на некои делови и санација со

можност за адаптација на ентериерот, под одредени услови, согласно законската регулатива

- Работите на непосредна заштита не смеат да бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата. Дозволените интервенции главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, а екстериерот, односно изгледот на фасадите на објектите се зачувуваат во целост, со зафати на конзервација и реставрација, делумна реконструкција (зависно од оштетувањата), санација на културното наследство во рамките на историскиот амбиент
- На објект кој има оштетувања од поголеми размери и каде санацијата не е можна се предлага реконструкција и факсимилна обнова. Овие интервенции ќе се извршуваат во согласност со пропишаниот режим на заштита.

За локалитетот "Св.Недела" се пропишува следниот ЗАШТИТЕН РЕЖИМ:

- На парцелите: КП 957 и КП 958 од археолошкиот локалитет "Св.Недела" во опфатот на споменичката целина, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.:20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Дихово, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на споменатите парцели, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

За локалитетот "Стара црква" се пропишува следниот ЗАШТИТЕН РЕЖИМ:

- На парцелите: КП 701/1 и КП 701/2 од археолошкиот локалитет "Стара црква" во опфатот на споменичката целина, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.:20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Дихово, во посебите одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на споменатите парцели или за санација на објектот, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања, согласно чл.74, ст.2, точ.1 од Закон за заштита на културното наследство. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

- Режимот на заштита од (3) трет степен, подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.
- Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство. ( Во случајов НУ Завод и музеј- Битола)

Со оглед на недоволната истраженост на теренот со систематски археолошки ископувања на парцелите КП 555/1, КП 555/2, КП 555/3, КП 555/4, КП 555/5, КП 556/1, КП 556/2, КП 557/1 и КП 1125/1 од локалитетот "Ограѓе", се пропишува следниот ЗАШТИТЕН РЕЖИМ:

- При изработката на Урбанистички план за с.Дихово, во посебите одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности на споменатите парцели, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.:20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања, согласно чл.74, ст.2, точ.1 од Закон за заштита на културното наследство. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

## 7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

### 7.1. Сообраќај

До подрачјето на планскиот опфат на село Дихово може да стигне од следните правци:

- од север - преку регионалниот пат Р2331 со кој село Дихово е поврзано со село Нижеполе и општина Битола; и

Во рамки на подрачјето на планскиот опфат во деловите кадешто постои изграден градежен фонд, реализирана е улична мрежа. Во голем дел станува збор за асфалтирани улици со променливи профил. Постојат и земјени пристапи до одредени објекти, меѓутоа генерално се работи за асфалтирана улична мрежа.

### 7.2. Хидротехничка инфраструктура

За постојната хидротехничка инфраструктура во рамки на планскиот опфат, добиени се податоци од ЈКП „Водовод" Битола според кои во рамки на селото постои изведена водоводна мрежа. Од КЈП „Нискоградба" Битола добиени се податоци дека не постои реализирана атмосферска канализација и фекална канализациона мрежа во нивна надлежност.

Водоводната мрежа во село Дихово претставува разгранок на системот за водоснабдување на град Битола и се напојува од крак источно од селото.

Хидротехничка инфраструктура е прикажана на графички прилог од Документационата основа (лист бр.5).

### 7.3. Електро-енергетска инфраструктура

Според податоците добиени од ЕВН Македонија АД - Скопје од електро-енергетската мрежа и објекти, во рамки на планскиот опфат евидентирани се:

- среднонапонски надземни водови (10kV);
- трансформаторски станици (10/0.4kV).

Според податоците од АД МЕПСО, низ планскиот опфат не поминуваат постоечки или планирани 110kV и 400kV објекти.

## 7.4. Електронска комуникациска инфраструктура

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат поминуваат траси на телефонски инсталации: бакарни кабли, оптички кабли, коаксијални кабли и телефонска канализација.

Трасите на евидентиранта електронска комуникациска инфраструктура се прикажани на графички прилог од Документационата основа (лист бр.5).

## 8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Дел од подрачјето кое е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно не бил предмет на истражување и планирање на следниот плански документ:

За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и смерници при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15 909/2016 од 26.12.2016). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y25216 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

## 9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

• Усогласување на УПС со поставките на Просторниот план на РМ дефинирани во Условите за планирање на просторот;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на единици на градежно земјиште со урбанистички параметри во согласност со намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Дефинирање на сообраќајната мрежа и нејзино оптимизирање, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и изградба на канализациона фекална и атмосферска инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и изградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и изградба на телекомуникациската инфраструктура;
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Евидентираните состојби на теренот и начинот на реализација на постоечкиот градежен фонд укажуваат на густа изграденост на градежниот фонд и пристапите кои не се во целост вклопени во правилничките нормативи согласно важечката законска регулатива, па инкорпорирањето на постоечките состојби претставува дополнителен предизвик во планирањето и детерминирањето на условите за просторен развој на предметниот плански опфат.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се засонова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25м²/жител станбена површина, 40-80м²/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елминирање, односно замена на субстандарниот станбен фонд.

При организација на јавните функции за село Дихово, појдовен елемент претставува постојната мрежа на јавнии функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе биде во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек. Битна алатка во креирањето на развојните насоки на селото Дихово претставуваат и демографските показатели, односно, планираниот број на жители и минималните површини кои треба да се обезбедат за непречено одвивање на животот и работата на сите корисници на просторот во планскиот период.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

## 10. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 909/2016 од 26. 12. 2016 година
Скопје

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на општина Битола, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола.

Површината на планскиот опфат изнесува 72,2 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. 25216 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во непосредна близина на заштитениот Национален парк Пелистер.

Доколку се утврди дека урбанизацијата на подрачјето може да има негативни импликации врз вредностите во паркот, при изработка на Урбанистичкиот план за селото потребно е да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ", број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален Парк (("Службен весник на РМ", бр.150/07), како и заштитните категории, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ во Студијата за заштита на природното наследство.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Битола, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), со постапка бр. 7245 од 31.10.2016 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 909/2016 од 16.12.2016 година.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македониј, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на ова Решение.

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО ОПШТИНА БИТОЛА

### КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y25216

Скопје, декември 2016

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО ОПШТИНА БИТОЛА

### КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: општина Битола

Тех.бр. Y25216

Раководител на задачата:
Лидија Петковска, дипл.инж.арх.

Координатор:
Весна Мирчевска Димишковска,
дипл.инж.зашт.жив.сред.

Агенција за планирање на просторот

Директор:

Љупчо Георгиевски д.и.а.

Скопје, декември 2016

# УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА

## УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО

## ОПШТИНА БИТОЛА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај **Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола**. Површината на планскиот опфат изнесува 72,2 ha.

Во рамки на опфатот се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.

***Основни определби на Просторниот план на Република Македонија***

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. **Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Република Македонија.

Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите. Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови







Општинска граница

Катастарска граница

### *Природни и климатски карактеристики*

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Во Пелагонија владее модифициран тип на **умерено континентална клима** со чисто изразени годишни времиња, а на планините се чувствува планинската клима која во зависност од надморската височина е различно изразена. Зимата е влажна и студена, а летото топло и суво. Есента е значително потопла од пролетта. Преминот од зима кон лето е побрз отколку обратно, пролетта е кратка и променлива.

Режимот на осончувањето е поволен и овој крај има доста ведри и сончеви денови како и доволен број на часови со сонце. Просечната годишна сума на сончевиот сјај во Пелагонија изнесува 2332 часа.

Просечната годишна температура изнесува 11,5$^0$C. Средно годишна максимална температура е 17,4$^0$C, а средно годишна минимална 5,3$^0$C.

Врнежите се одраз на влијанието на медитеранската клима во ова подрачје. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Максимумот е во ноември 73mm и во декември 68mm воден талог, а минимумот е во јули 32mm и август 34mm. Просечно годишно на ова подрачје паѓаат 610mm врнежи. Врнежите се најчесто од дожд, просечно 70–80%, а снегот е ограничен во зимските месеци. Просечно годишно има 30 денови со снежен покривач чија максимална дебелина е забележана од 63cm. Мразниот период е долготраен, во просек започнува во октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Првиот есенски ден со мраз е 25 октомври, а последниот пролетен ден со мраз е 8 април.Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 75%.

Ветровите се воглавно од северен и јужен правец, а поретко од останатите правци. Северниот ветер е со најголема честина и ја снижува температурата на воздухот. Неговата честина просечно годишно изнесува 183‰ со средна брзина од 2,2m/sek. Дува во текот на цела година особено во јули, март и февруари. Јужниот ветер се јавува со просечна честина од 131‰ и со средна годишна брзина од 3,6m/sek. Најчесто дува во март, април и ноември и ја зголемува температурата на воздухот. Западниот ветер е со мала честина од 56‰ и со средна годишна брзина од 3,6m/sek. Пелагонија се одликува и со појави на локални струења кои во летните месеци делуваат освежително.

Според сеизмичката карта на Р. Македонија и соодветната секторска студија, поширокото подрачје на Битола во кое спаѓа и предметната локација, се наоѓаат во зона на **VIII-ми** степен сеизмичност. Значи просторот претставува геолошки предиспониран терен за сеизмичка активност.

Податоците се од **мерна станица Битола.**

### *Економски основи на просторниот развој*

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и

политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

**Со разместувањето на економските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Битола со гравитационо влијание врз развојот на селото.**

Половите на развој ги формираат оските на развојот. Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за општината Битола на чиј простор припаѓа планскиот опфат за селото е “Јужната развојна оска” која што досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани- Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р. Албанија.

Развојните оски ќе се имаат предвид за просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградба на далекуводи, гасоводи итн.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

**Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**

**Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**

**Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 72,2 ha.**

### *Користење и заштита на земјоделско земјиште*

**Зачувувањето**, **заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

### *Шуми и шумско земјиште*

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Р. Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на терените каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на терените каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др;
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Р. Македонија за периодот до 2020 год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на **Р. Македонија**, во Регионот на **Битола (каде што се наоѓа с.Дихово)** се планира пошумување во шума и вон шума на околу **8.400** ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Битолскиот регион во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **49.400** ha, дрвната маса се проценува на износ од околу **6.800.000** $m^3$ и вкупен годишен прираст од **320.000** $m^3$.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се оствари оптимална корист од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање.
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

## *Водостопанство и водостопанска инфраструктура*

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за “воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како “ресурс” ја има многу помалку од “присутните води”.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП “Полог”, “Скопје”, “Треска”, “Пчиња”, “Среден Вардар”, “Горна Брегалница”, “Средна и Долна Брегалница”, “Пелагонија”, “Средна и Долна Црна”, “Долен Вардар”, “Дојран”, “Струмичко Радовишко”, “Охридско - Струшко”, “Преспа“ и “Дебар”. Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Селото Дихово, општина Битола, припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) “Пелагонија”, кое го опфаќа сливот на Црна Река, од извоишниот дел до водомерниот профил “Скочивир”.

Сливот на горниот тек на Црна Река е богат со вода., што го покажува и специфичното истекување (л/сек/км$^2$), кое изнесува 11,9 л/сек/км$^2$ кај водомерниот профил “Доленци” (кој го опфаќа изворишниот дел), и 5,2 л/сек/км$^2$ кај водомерниот профил “Расимбегов Мост”.

Богатството со вода на ова подрачје ја покажува и присуството на изворите. Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 л/сек регистрирани се 58. Во ВП “Пелагонија” регистрирани се вкупно 660 извори, од кои 4 се регистрирани како извори со значајна штедрост. Најголема штедрост и до 3м$^3$/сек има изворот на Црна Река “Црна Дупка”.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ВП “Пелагонија” изградени се акумулациите “Стрежево” на реката Шемница и “Прилепско Езеро” на Стара Река. Основната намена на водите од овие акумулации е наводнување на обработливите површини во Пелагонија.

Во планскиот период во ВП “Пелагонија” се предвидува изградба на акумулациите “Бучин” и “Скочивир” на Црна Река и акумулацијата “Цер” на Церска Река. Водите од овие акумалации се предвидуваат за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија и водоснабдување на населението и индустријата.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за населението.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа согласно со ширење на селото;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните цели во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е стриктно да се спроведува принципот на “заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување” преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат на селото;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како квалитет ќе биде доведен во согласност со “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”;

Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа во селото, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациската мрежа.

Во границата на планскиот опфат на селото минува реката Драгор за која при изработката на планската документација треба да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води со што ќе се заштитат објектите во крајбрежниот простор.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р. Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р. Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој

предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р.Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово - Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

**Планскиот опфат на село Дихово, општина Битола нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така 110 kV водот Битола-Ресен минува на 0,75km северно од селото Дихово**.

***Гасовод*** - Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Во однос на другите енергенти природниот гас при согорување испушта помалку штетни материи.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во земјата, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изградат делница-2 Неготино-Прилеп-Битола и делница-6 Битола-Охрид со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. **Трасата на планираниот гасовод од делница-2 минува далеку селото Дихово додека трасата кон Охрид сеуште не е точно дефинирана.**

***Население***

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и

како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

**Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Битола на која што припаѓа селото Дихово регистрирани се вкупно 95.385 жители, додека само во селото Дихово живеат вкупно 310 жители.**

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

***Урбанизација и мрежа на населби***

**Урбанизацијата** како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Планскиот концепт на **развојот и уредувањето на селските подрачја** претставува значајно стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален-сеопфатен развој на селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на **локалните потенцијали**, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот и

- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Во таа смисла, одредени иницијативи за просторен развој кои се манифестираат со зафаќање на нови простори, проширување на урбаните опфати и регулирање на постојните градежни подрачја треба да се преиспитуваат согласно решенијата од повисок, стратешки интерес за државата. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна, односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Рационално користење на просторот за изградба на инфраструктурните мрежи и системи во единствени коридори дефинирани во плановите и програмите на општините;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава просторниот план, при уредување на населбите треба да се почитува:

- Избор и распоред на активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- Создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;
- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
    - бесправната градба;
    - стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
    - заштита на создаденото и природното богатство;
    - насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

## *Домување*

Во Просторниот план на Р.Македонија, функцијата ***домување*** е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое домаќинство;
- подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичност во градбата;
- замена на субстандардниот станбен фонд;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба.

При проекција на потребниот станбен фонд за потребите на **Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола**, треба да се посвети внимание на:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства;
- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд;
- потребите за корегирање, односно подигнување на стандардот и културата на домувањето.

Како ориентациона рамка за одредување на проекцијата на станбените потреби во **селото Дихово** може да се користи проекција на станбени потреби на ниво на Општина Битола, а согласно податоците од ППРМ.

Проекција на станбени потреби на ниво на општина согласно податоци од ППРМ

| | Општина Битола |
|---|---|
| станбен суфицит | 4056 |
| станови кои се задржуваат | 26094 |
| субстандардни станови | 3525 |
| домаќинства во 2020 г | 32333 |
| нови станови по основ пораст на население | 6770 |
| нови станови по основ отклонување на дефицит | 0 |
| вкупно нови станови во 2020 г | 10295 |
| вкупно станови во 2020 г | 36389 |

Проекцијата на потребниот станбен простор поаѓа од стандардите и тоа: 20-25 $m^2$/жител станбена површина во зависност од типот на населбата и, 40 - 80 $m^2$/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

***Јавни функции***

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Целите за развој на јавните функции по дејности се следни:

Основно образование:

- по можност во секое населено место да има основни училишта или во непосредна околина, со организиран превоз со училишни автобуси;
- изградба на нови и реконструкција на стари училишни објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања како и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;
- целосна опафатеност на децата на возраст од 7-14 год. во училиштата;

Здравство:

- порамномерен развој на здравствената служба и подобрување на квалитетот на пружените услуги со подобрување на просторната организација и кадровска екипираност на здравствените служби, за задоволување на потребите на населението;

Култура:

- забрзан културен развој на населените места;

Физичка култура:

- обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност.

Во рамките на планирана мрежа на **јавни служби** покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:

- сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.);
- задржување на традиционалните функционални специфичности на одделни населби во однос на одделни јавни дејности;
- утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Препораката за организација на јавните функции за **село Дихово, Општина Битола**, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и другите промени кои се во тек.

*Образование:*

- основно образование (деветолетка) е задолжително за сите населби и доколку не може да се организира во предметната населба да се организира во населбата од непосредна близина.

*Здравствена заштита:*

- од примарна здравствена заштита задолжително е здравствена станица или мобилна здравствена служба, аптеки како комплементарни служби.

*Култура:*

- библиотеки;
- дом на културата, селски куќи-музеј, сценско музички дејности (пожелно е доколку постои интерес и економска основа за организирање на содржината).

*Физичка култура:*

- отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, опремени со минимални барања за одржување;
- покриени објекти за физичка култура со соодветни санитарни и останати пропратни простории.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во **село Дихово, Општина Битола** се:

За образование:

- за одредување на површината на училишниот објект потребно е минимум 7 $m^2$ по ученик и минимум 20 $m^2$ по ученик за комплексот на училиштето.

За здравство:

- гравитациско подрачје на здравствените станици и мобилна здравствена служба да е до 1000m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2 лекари.

За култура:

- потребен простор за библиотеките е со минимум 100 $m^2$ на 1000 жители.

За физичка култура:

- за задоволување на просторните потреби на објектите од физичка култура потребни се 2 $m^2$/жител.

### ***Индустрија***

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997), како и врз основа на

досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

**Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето и подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

**Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**

Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби кои треба да се имаат во предвид доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвиди простор за градба на индустриски објекти:

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;**
- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

**Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на**

**усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според философијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонента на развојот.**

***Сообраќај и врски***

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со “Е” ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта “Е” ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-5 -** (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија” број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А3 -** (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница

Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Релевантни регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) се:

- **Р-106** - (Градско-врска со М-1-Прилеп-Битола-Макази-врска со Р-505)
- **Р-506** - (Битола-врска со крак М-5-Ниже Поле-Пелистер-Љубојно-врска со Р-505).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" 133/11, 150/11 и 20/12)** овие регионални патни правци влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1",** и се преименуваат со ознаката:

- **Р1101 -** (Прилеп-врска со А3-Битола-Макази-Царев Двор-врска со Р1307);
- **Р2331** - (Битола-врска со Р1101) -Ниже Поле-Пелистер-Брајчино-Љубојно-врска со Р-1308).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

***<u>Железнички сообраќај</u>***: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ............................213,5 км
   - СР - Блаце-Скопје...........................................................31,7 км
   - ГР -Кременица-Битола-Велес......................................145,6 км
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..........................................84,7 км
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје.............................................143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

***Воздушен сообраќај:***Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

***Радиокомуникациска мрежа и антенски системи***

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig

Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Р.Македонија се М-Телеком и ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на двата мобилни оператори.

***Кабелска електронска комуникациска мрежа***

Кабелска електронска комуникациска мрежа се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност;
- заштита на работната и животната средина;
- заштита на просторот од непотребни интервенции;
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи;
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Битола.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа до крајот на 2020 година треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап

до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

***Заштита на животната средина***

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со изработката на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола и имплементација на параметрите за уредување на просторот ќе се обезбеди:

- Рационално и ефикасно користење на градежното земјиште и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина, како и површината на предвиденото проширување;
- Ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на населбата со комунална инфраструктура и неопходните функционални содржини;
- Стимулација на населението за траен опстанок во матичната средина преку целосна афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето и се создава неопходна социјална и економска сигурност;
- Се запазуваат и афирмираат културните и природните посебности и вредности и се запазува квалитетот на животната средина во селските подрачја.

**Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се преземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите;

- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

***Заштита на природното наследство***

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичкиот план за село треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и

извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16) и Законот за животната средина (Службен весник на РМ, број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во непосредна близина на заштитениот Национален парк Пелистер:**

**ПЕЛИСТЕР** НП (Национален Парк - заштитен)

Националниот парк Пелистер е дел од планината Баба која се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија. Во НП се среќаваат 37 видови на дрвенести растенија, 31 вид на грмушки, 18 видови на шумски заедници и 27 тревести заедници. Од растителните заедници најголемо пространство завземаат моликовите шуми кои како чиста состоина се среќаваат на површина од 1174 ha, а се среќаваат и моликово-елови, моликово-букови, моликово-букови-елови, букови и дабово-букови шуми. Од флористичките елементи особено значајно е присуството на петоигличестиот бор молика *(Pinus peuce)* - автохтон вид со терциерна старост кој расте само на неколку планини на Балканскиот Полуостров, а на Планината Пелистер го достигнува својот еколошки оптимум на развој, простирајќи се на висина од 1000 до преку 2200 м. Во високиот планински дел се среќаваат и ендемичните растенија: пелистерска качунка *(Crocus Peristericus)*, каранфилчето *(Dianthus myrtinervius), Sempervivum octopodes* и *Alchemilla peristerica.*

Од вертебратната фауна се среќаваат 12 водоземци, 16 влечуги, 130 видови на птици и 37 видови цицачи, од кои посебно внимание заслужуваат: мечката, срната, рисот, дивокозата, еленот, дивата свиња, еребицата камењарка (*Alectoris graeca*), златниот орел (*Aquila chrysaetos*), карпестиот лазач (*Tichodroma muraria*) и црвеноклуната галица *(Pyrrhocorax pyrrhocorax).* Од рибите значајно е присуството на ендемичната пелистерска пастрмка *(Salmo peristericus Karaman).*

Значење: Основни вредности кои истовремено претставуваат и природни мотиви за туристичко-рекреативните активности се: моликовите шуми, геоморфолошките форми, висинската расчленетост, глацијалните езера, планинските водотеци, флористичката разновидност и климатските карактеристики.

Намена: Природните погодности како и близината на урбаните агломерации - Битола и Ресен, овозможуваат овде доста нагласено да се развива викенд и излетничкиот туризам, зимскиот и летниот стационарен туризам, здравствениот туризам како и транзитниот и младинско-екзсурзиониот туризам. Во летниот период главни активности може да бидат: прошетки,

излети, планинарење, алпинизам и др. Заради големата побарувачка на карактеристичните шишарки од моликата на западно-европскиот пазар, тука доста е развиено собирањето на овој специфичен спореден шумски производ од страна на месното население.

Состојба на досегашната заштита: Во националниот парк извршено е зонирање, и тоа на: строго заштитена зона, туристичко-рекреативна и мелиоративна зона. Во строго заштитената зона опфатени се горните сливни подрачја на Ротинска, Цапарска и Магарешка Река со билото Козји Камен и врвовите Широко Стапало, Пелистер, Илинден и Стив со Црвени Стени. Зоната зафаќа површина од 1.500 ха. Како туристичко-рекреативната зони издвоени се: зоната Копанки и зоната Сапунџица. Мелиоративната зона го опфаќа останатиот простор на паркот. Во оваа зона како позначајни се сметаат растиштата на моликовите шуми со папрат. Во оваа зона во поголем дел опфатени се и тревните заедници, горните сливни подрачја на реките и сталиштето на целокупниот животински свет. Практично, тие имаат значење како просторна заштитна изолација на основниот природен феномен на националниот парк Пелистер.

Опфат: Националниот парк ги зафаќа источните предели на планината Баба од главниот гребен до реката Сапунџица. Вкупно 24 врва се повисоки од 2000 m. Меѓу нив позначајни се: Пелистер, Стив, Големо Стапало, Мразарник, Козји Камен, Голема Чешма, Скрково, Вртешка и др. Од високите планински била кон околните котлини се спуштаат 23 речни текови чија вкупна должина изнесува 212 km.

Загрозеност: Националниот парк Пелистер главно го има задржано природниот изглед на пределот.

Меѓународен статус: II

**Националниот парк Пелистер повторно е прогласен со нови граници во 2007 година, согласно Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален Парк (“Службен весник на Република Македонија” бр.150/07).**

**Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола се наоѓа во непосредна близина на националниот парк. Доколку се утврди дека урбанизацијата на подрачјето може да има негативни импликации врз вредностите во паркот, при изработка на Урбанистичкиот план за селото потребно е да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален Парк (Сл.в. на РМ бр.150/07), како и заштитните категории, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ (2004 год) - Студијата за заштита на природното наследство.**

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства *(International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN)*:

**Меѓународен статус: IUCN II - Национални паркови**

Националните паркови се релативно големи области кои содржат репрезентативни примероци за значајните природни региони, или каде растителните и животинските видови, геоморфолошките положби и области се од

специфична научна, образовна и рекреативна значајност (интерес). Тие содржат еден или неколку цели екосистеми кои не се материјално земени од човекова експлоатација или окупација. Најкомпетентните авторитети во земјата кои имаат јурисдикција врз тие области да преземат чекори за заштита или елиминирање на експлоатацијата и окупацијата и ефективно да се грижат за почитување на еколошките, геоморфолошките или естетските карактеристики.

Областа треба да е одржувана така, за да ги одржува рекреативните и образовните (научни) активности на контролирано ниво. Областа да се одржува во природна или скоро природна состојба. Влегувањето на посетителите да е под специјална контрола за образовни, културни и рекреативни цели. Спортскиот лов не е во компатибилна употреба. Но треба да се изберат цели за уредување.

Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето на катастарската општина кое е предмет на анализа **има** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет “Братиндолска Река”, Дихово, римски период*
2. *Археолошки локалитет “Варвара”, Дихово, среден век*
3. *Археолошки локалитет “Ограѓе”, Дихово, римски период*
4. *Археолошки локалитет “Св. Недела”, Дихово, среден век*
5. *Црква Св. Димитрие, Дихово, 19 век*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, се евидентирани следните локалитети:

**КО Дихово –** *Братиндолска река,* населба од римското време лево до патот Битола – Ресен. *Варвара,* средновековна некропола на источната периферија на селто. *Ограѓе,* населба и некропола од римското време на околу 500 m источно од задружниот дом. *Св. Недела,* средновековна црква и некропола во непосредна близна на мостот за Битола.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;

- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или поширокте подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

***Туризам и организација на туристички простори***

**Туризмот и угостителството** со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

**Предметната локација припаѓа на Пелагониски туристички регион со 9 туристички зони и 25 туристички локалитети и е составен дел од простори со меѓународно значење.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија” број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање , изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустриски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образованието и културата.

Обврска за изградба на засолништа за дополнителна заштита имаат инвеститорите на станбени и станбено деловни објекти..

***Сеизмичките појави - земјотресите*** се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Битола.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, лушени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;

- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

**Прво ниво**: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

**Второ ниво**: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

**Трето ниво**: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата,** а особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси;
- намената и користењето на површините;
- основите на долгорочната политика на урбанизација;
- мрежата на големата инфраструктура;
- **мрежата на населби**;
- определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите се следните:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**Условите за планирање на просторот се издаваат за потребите за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола.** Површината на планскиот опфат изнесува 72,2 ha.
Во рамки на опфатот се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

**При изработката на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

***Економски основи на просторниот развој***

- **При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.**
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**
- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 72,2 ha.**

***Користење и заштита на земјоделското земјиште***

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на

Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Шуми и шумско земјиште***

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- При обезбедувањето на потребните количини на вода селото Дихово, потребно е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и рационално користење на водата преку примена на модерни технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.
- Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во заштитните зони.
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.
- Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителна станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.
- Во границата на планскиот опфат на селото минува реката Драгор за која при изработката на планската документација треба да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води со што ќе се заштитат објектите во крајбрежниот простор.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Планскиот опфат за село Дихово, Општина Битола нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исключително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

***Домување***

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
- Проекцијата на потребниот станбен простор за селото во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 $m^2$/жител станбена површина, 40 - 80 $m^2$/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

***Јавни функции***

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ, а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и другите промени кои се во тек.

***Индустрија***

- **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- **Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**

- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР – Блаце – Скопје – Тетово – Кичево – Требеништа – Охрид – Битола – Меџитлија – ГР ) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ.

  **М-5** - (Крстосница Подмоље – Охрид – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Бабуна - крстосница Отовица – Штип – Кочани – Делчево - БГ-Звегор ), со (Крак Битола - крстосница Кукуречани – ГР – Меџитлија ).
- **Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија” број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

  **А3 -** ( Крстосница Требениште –в рска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид -Косел- Ресен – Битола - Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево - граница со Бугарија - граничен премин Рамна Нива ), делница Битола-крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен премин Меџитлија-делница Косел - врска со А-3-Охрид - граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).
- При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16)..

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа***

- Планскиот опфат за село Дихово, Општина Битола нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа**.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности**.**

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

***Заштита на природното наследство***

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во непосредна близина на заштитениот Национален парк Пелистер.**
- **Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола се наоѓа во непосредна близина на националниот парк. Доколку се утврди дека урбанизацијата на подрачјето може да има негативни импликации врз вредностите во паркот, при изработка на Урбанистичкиот план за селото потребно е да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата (“Службен весник на РМ”, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален Парк ((“Службен весник на РМ”, бр.150/07), како и заштитните категории, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ во Студијата за заштита на природното наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со

урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Туризам и организација на туристички простори***

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, **припаѓа на Пелагониски туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 25 туристички локалитети и е составен дел од простори со меѓународно значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Наш број: 1404-170/2
Скопје: 20 .01.2017 г.

**До:**
**Иванов Инженеринг**
**ул.„Борис Кидрич“ бр. 12/16**
**7000 Битола**

**Предмет**: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
**Врска:** Ваш број : 0302-01-10/01-2 од 09.01-2017г. преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на Урбанистички План за с. Дихово, Општина Битола, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на одделение : Зоран Алексов
Раководител на сектор:Борис Арсов

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ:
Синиша Апостолоски

АЕК-751-801.03

ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk
www.aek.mk



МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 02-656/1
08.02.2017 год.
Скопје

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
кабинет на Генерален директор
+ 389 (0)2 3 149 811
подружница ОЕЕС
+ 389 (0)2 3 149 814
подружница ОПМ
+ 389 (0)2 3 149 813
подружница ОПЕЕ
+ 389 (0)2 3 149 815
Ф: + 389 (0)2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**До**

Иванов Инженеринг

Ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 36-2/7

1000 Скопје

**Предмет: Податоци за постојни и планирани 110 kV и 400 kV објекти**

Врз основа на Вашето барање бр. 0302-01-4/01-2 од 09.01.2017 год., наш број 02/656 за податоци потребни за изработка на Урбанистички план за село Дихово во Општина Битола, Ве известуваме дека наши постојни и планирани 110 kV и 400 kV објекти не се вкрстуваат со горе наведениот Урбанистички план.

Изработил: Александар Костевски
Контролирал: Ванчо Трпевски
Одобрил: Климент Наумоски
Одобрил: Биљана Петреска

Генерален директор

**Ненад Јовановски**

Оператор на електропреносниот систем на Македонија — Скопје

**КО**: - Генерален директор
- Служба за стратешко планирање и развојни анализи
- Архива

ЈП „Стрежево“ - Битола
Булевар 1 Мај бр.77, 7000 Битола / тел. (047) 207 800, 207 816 / Факс (047) 207 836
e-mail: strezevo@t.mk / web: www.strezevo.com.mk
жиро с-ка: 500-172-93, Стопанска банка АД - Битола

**До**
**Иванов инженеринг**
**ул:„Борис Кидрич“ 12/16**
**7000 Битола**

Наш знак 09-24/8 Ваш знак

Битола, 16.01.2017

Предмет:

Вцртување на подземни инсталации

Во врска со Вашата постапка бр. 8309, заведена од наша страна под број 09 24/4на 16. 01. 2017 година, за потребите на постапката за изработување на **Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола,** Ве информираме дека на посочениот опфат даден на геодетската ситуација од Ваша страна, не постојат подземни инсталации на ЈП „Стрежево“ Битола.

Со почит,

Подготвил:
Павле Кондински, д.г.и

По овластување
Технички директор
Златко Чукалев, д.г.и.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола




Во наведениот опфат „Н. Стражево" нема подземни инсталации.

Благој Велковски

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

MKT_GENERAL_ALL
2017000340633

арх. бр: 1368 11/1
дата: 13 -01- 2017

ИВАНОВ инжeнеринг
Ул.,,Борис Кидрич'' бр. 12/16, 7000 Битола

Ваше упатување Барање на податоци и информации
Наше контакт лице Перо Ѓорѓевски, Владо Новески, Лидија Темелковска Костуранова
Телефон +389 70 300 759
Во врска со Известување за постојни и планирани тк инсталации за изработка на УПС

Почитувани
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за постојни и планирани ТК инсталации за изработка на УПС Дихово, Општина Битола, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојни ТК инсталации кои се аплицирани на графичкиот прилог.
Планерот треба да предвиди коридор за поставување на кабелска комуникациска инфраструктура на МКТ и пристапни точки за поврзување на објект/и во опфатот на УПС.

Ова известување важи 6 ( шест ) месеци од денот на издавањето.

**Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби**

Со почит,

Служба за управување со документација и телекомуникациска инфраструктура
Раководител
Николче Тасевски

Сектор за развој на мрежи и сервисни платформи
Директор
Лазар Динов
12.01.17

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје

Служба за планирање и имплементација на пристапни мрежи
Раководител
Горан Јордановски


ЛЕГЕНДА
катастарска евиденција
снимена положба на лице место
коти на терен
опфат
граница на катастарска општина
објект
црква
знак за припадност
гробишта
базен

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10 4107/2 од 26.08.2019**
Скопје

Одговорно лице: Александра Костовска

Контакт телефон: 072 933 023

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-01-1/14-2 од 21.08.2019 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на УПС Дихово, Општина Битола, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

☐ Високонапонска трансформаторска станица
☒ Среднонапонска трансформаторска станица

☐ Високонапонски кабелски вод
☒ Среднонапонски кабелски вод
☒ Нисконапонски кабелски вод

☐ Високонапонски надземен вод
☒ Среднонапонски надземен вод
☒ Нисконапонски надземен вод

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Оливер Мирчевски, дипл.ел.инж.



Zhiv.Farma Dihovo
Mrenoshki
BK Milenium
Vili Oskar
Pilana Pero
Dihovo 1
HPP Sap.Strezhevo
Dihovo 2
Vili Gerzo
Vili Kosa Tumba

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА
кјп НИСКОГРАДБА

Ваш знак:__________ Наш знак: 08-26/1

Битола 16.01 2017 год.

До
Иванов инженеринг ДООЕЛ
ул. Борис Кидрич бр.12/16
Битола

Предмет: Доставување на податоци за канализационата мрежа за с.Дихово

Во врска со Вашето барање бр. 0302-01-7/01-2 од 09.01.2017г. и Наш бр. 08-26/1 од 12.01.2016г. за податоци за канализациона мрежа за изработка на **„Урбанистички план за село Дихово"**, Општина Битола, Ве известуваме за следното:

На посочената локација немаме наша канализациона мрежа.

Имено, во самиот урбанистички план за с.Дихово пожелно е да се предвиди сепаративен систем на канализациона мрежа т.е. фекалните и атмосферски води се прифатат со посебни канализациони цевки. Фекалните води потребно е да се прифатат и одведат до пречистителна станица, а атмосферските води се прифатат и одведат во најблискиот реципиент.

За одредени консултации и информации можете да се обратите до Техничката служба на „КЈП Нискоградба" Битола.

Со почит,

составил:

КЈП Нискоградба - Битола

13.01.2016г.
Битола

КЈП "Нискоградба"-Битола
Бул. 1 ви Мај б.б. 7000 Битола, П.фах 20
тел.++389 (0)47 233-600, 233 199, факс. ++389 (0) 47 224 -520; e-mail:niskogradba@mt.net.mk
Ж-ска: 500-165-17, Деп. Стопанска Банка А.Д.Битола; Дан.бр: МК4002989122476

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

водовод БИТОЛА

**Врз основа на член 21 од Статутот на ЈКП ”Водовод”- Битола, а во врска со член 32од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 199/14 и 44/15), постапувајќи по барањето број 8309 од 30.12.2016год. поднесено по иницијатива на Општина Битола до Иванов Инженеринг - Битола во електронскиот систем e-urbanizam заради доставување на податоци и информации со кои располагаме на обележаниот опфат, ЈКП Водовод Битола се произнесува како што следува**

**бр. 08-5/4**
**од 17/01/2017**

**ПРЕДМЕТ: податоци и информации за водоводна мрежа**

заради изработка на: **УП за село ДИХОВО - ОПШТИНА БИТОЛА**

Почитувани,

Во врска со наведеното барање за вцртување на водоводни инсталации на приложената ажурирана геодетска подлога, Ви испраќаме ситуација со вцртани водоводни инсталации.

Прилог: ситуација

Со почит,

**З а б е л е ш к а**

**ЈКП ВОДОВОД**


ЛЕГЕНДА
катастарска евиденција
снимена положба на лице место
коти на терен
опфат
граница на катастарска општина
објект
црква
знак за припадност
гробишта
базен
LZ.C.600
LZ.C.600




# ЛЕГЕНДА

- катастарска евиденција
- снимена положба на лице место
- коти на терен
- опфат
- граница на катастарска општина
- објект
- црква
- знак за припадност
- гробишта
- базен

Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

**Република Македонија**
**Јавно претпријатие за државни патишта**

**ЕМБС:** 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. 10-350/2
Дата: 17-01-2017
Скопје

**До**
**Иванов Инжинеринг**
ул. „Борис Кидрич" бр.12/16
7000 Битола

**Предмет: Податоци и информации**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-01-11/01-2 од 09.01.2017 год. за добивање податоци за планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-350/1 од 10.01.2017 година:

- Ажурирана геодетска подлога со плански опфат.

Низ дел од планскиот опфат поминува, а дел од планскиот опфат граничи со регионалниот пат Р2331 (претходно означување Р-506) за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р2331 (Р-506) согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15 и бр.150/15, бр.31/16 и бр.71/16).

Со почит,

Д и р е к т о р,
Александар Стојанов

Република Македонија Јавно претпријатие за државни патишта Скопје

Изготвил: Гашпарова Д.
/Советник во одделението за заштита на патишта/
Контролирал: Тевдовски Б.
/Раководител на Секторот за одржување и заштита/
Одобрил: Тошевски Р.
/Помошник Директор на Секторот за одржување и заштита/

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

Друштво за производство, трговија и услуги САШКО ИВАНОВ ДООЕЛ
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
Бр. 0504-199/2018
23.11 2018 год.
БИТОЛА

**До**
**ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ**
**Ул.Св Кирил и Методиј 36-2/7**
**1000 Скопје**

**Министерство за образование и наука**

Бр. 10- 13614/1
16.11.2018 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна: www.mon.gov.mk

Врска ваш број 0302-37-14/10-2 од 09.11.2018
Број на постапката: 18236

**Предмет: Податоци, информации**

**Почитувани,**

Врз основа на Вашето барање согласно Член 32 од Закон за просторно и урбанистичко планирање за податоци при изработка на **УПС Дихово**, Битола, Ви ги доставуваме следните податоци, информации:

Во предметниот опфат егзистира Подрачно ООУ Д-р “Трифун Пановски” Општина Битола. При планирање на наменската зона во предметниот опфат со Класа на намена В1-Образование и наука, да биде во согласност со податоците од демографски развој на жители, како и план за иден развој, а при тоа да имате во предвид дека 12-14 % од планираниот број на жители се ученици во Основно образование.

Според меѓународните стандарди најголемо растојание од место на живеење до училишен објект е од 500 до 800 м.

Согласно наведеното напоменуваме планерот е должен да ги почитува наведените информации, како и да ги почитува границите на наменска зона каде егзистира Подрачното училиште Подрачно ООУ Д-р “Трифун Пановски”како и површината на наменската зона В1 да ја усогласи со наведентите информации во согласност со податоците од демографски развој на население. Задолжително во планската документација да се наведе името на училишниот објект кој егзистира.

За наменска зона В1- во посебни одредби да се стави напомена дека при разработка на парцелата не се дозволуваат компатибилни намени, односно наменската зона ќе се користи исклучиво за В1-образование и наука и Д3-спорт и рекреација со максимум 20% учество од основната класа.

Со почит,

**По овластување на Министер**
Државен советник за
капитални инвестиции
**Наташа Хаџи-Лега**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
3
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

СЕКТОР ЗА ВОДИ

Арх.бр.11-1417/2

14. 05. 2019

ИУСЛУГИ САШКО ИВАНОВ ДООЕЛ
БР 0504-126/2019
23.05.2019 год
БИТОЛА

ДО: Иванов Инжинеринг Битола

Ул. "Борис Кидрич 12/16

Битола 7000

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр.0302-44/01-02 од 18.02.2019 година за издавање на податоци и информации во однос на изготвување на Урбанистички план за село Дихово општина Битола, Ве известуваме дека при планирање на просторот согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 52/16) од аспект на заштита на водите треба да бидат исполнети следните критериуми:

1. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува изградба на објекти и постројки во крајбрежните земјишта освен со Водостопанска согласност.
2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општината, на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустриски места, според уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.весник на РМ број 18/99).

Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите. Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава Дозвола за користење на вода и Дозвола за испуштање на отпадните води.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Од најјужната точка на планскиот опфат, границата продолжува да се движи кон северозапад по јужната граница на КП 740, па свртува кон запад по југозападната граница на КП 745/1, продолжува кон север по западната граница на КП 745/1, минува низ КП 747, и КП 1119 до западната граница на КП 629/3, продолжува по запдните граници на КП 725, КП 724, КП 723 и КП 713 и стасува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од најзападната точка, границата на опфат скршнува кон североисток по северната граница на КП 713 и КП 712, оди кон североисток по северозападните граници на КП 691, минува низ КП 690/3, КП 685/7, КП 685/4, КП 684/4, КП 684/1, КП 684/33, КП 859/1, КП 629/1, продолжува на север по западните граници на КП 654/2, КП 654/4, минува низ КП 1143, КП 559/3, продолжува на север по западните граници КП 573, КП 574, КП 576, КП 620, КП 596, КП 597, КП 598, КП 599, скршнува кон исток по северната граница на КП 600/1, продолжува кон север по западните граници на КП 604/1 и КП 604/2 скршнува кон исток по северните граници на КП 604/2 и КП 605 и продолжува кон север низ КП 618/11, КП 618/4 и КП 618/1 и стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.

Површината на контактната зона во рамките на опишаните граници изнесува приближно **24.3 ха.**

### *4.1.2.* Инвентар на поединечни незаштитени недвижни добра

На подрачјето на опфатот на овие ЗКО има **поединечни незаштитени недвижни добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита,** и тоа:

Следуваат табели идентификација:

Традиционалната селска архитектура, како дел од материјалната култура на еден народ, неделива е од природното опкружување. Културното наследство во оваа област, материјалното и нематеријалното, создадено со векови station наназад како и неделивото природно опкружување му ја даваат скапоцената вредност на ова подрачје во непосредна близина на националниот парк.

Напуштањето, изумирањето на селата, староста на објектите, како и неизградената свест за заштита на руралното културно наследство се причина за негово исчезнување и руинирање.

Сочуваните објекти на подрачјето на опфатот, како архитектнски и градителски остварувања на непознатиот народен градител, воглавно датираат од почетокот и првата половина на 20 век, со ретки исклучоци на објекти и остатоци од објекти од крајот на 19 век.

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ - идентификација

Археолошкиот локалитет "Ограѓе", кој е лоциран на парцелите: КП 555/1, КП 555/2, КП 555/3, КП 555/4, КП 555/5, КП 556/1, КП 556/2, КП 557/1 и КП 1125/1,

Археолошкиот локалитет "Св.Недела", кој е лоциран на парцелите: КП 957 и КП 958,

Археолошкиот локалитет "Стара црква" (на локацијата на Старата пошта), кој е лоциран на парцелите: КП 701/1 и КП 701/2,

## СПОМЕНИЦИ ОД ИСТОРИЈАТА СПОМЕН БИСТИ, СПОМЕН ПЛОЧИ - идентификација



Во родното село на првоборецот Јонче Ѓорѓиевски се наоѓа негова СПОМЕН–БИСТА, преку која е обележано неговото значење за антиокупаторското и антифашистичко движење во Битолско. Тој бил борец во

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство

составот на Првата македонска бригада и го загубил животот на 25 март 1945 г. кај Славонска Пожега, Хрватска.



Во селото посто спомен-плоча на ЗАГИНАТИТЕ ВО НОАВМ, на која се испишани имињата на првоборците Јонче Т. Ѓоргиевски, Коте Б. Јовановски и Стефан М. Стојановски.

**Спомен плочите и спомен бистите се во релативно добра состојба и ке се третираат согласно законот за меморијални споменици.**

## **Чешми** - идентификација

| | |
|---|---|
| Ред. бр.<br>**1.** |  |
| **2.** |  |

| | |
|---|---|
| **3.** |  |
| **4.** |  |

## *5. Оценка на состојбата*

### *5. 1. Анализа на просторниот развој (за изработка на ДУП):*

#### *5.1.1 Детален приказ на историскиот развој на подрачјето на опфатот:*

Најстарите остатоци од живот во регионот кон кој припаѓа село Дихово му припаѓаат на железното време. Иако бројот на археолошките наоѓалиштата е сеуште мал, врз основа на основните материјали што ги дава површински откриениот материјал, може да се рече дека станува збор за населби од популации, чие основно занимање било земјоделието. Населбите се наоѓаат на падините на Баба Планина, оддалечени од Пелагониската рамнина, подигнати на  мали тераси кои сосема малку се издвојуваат од околниот терен.

Оваа област, уште од најстарите врмиња имала важна улога бидејќи се наоѓала на главните комуникации кои го поврзувале Егејското со Јадранското море, преку Охридскиот регион и Албанија. Археолошките наоди укажуваат за важноста на нејзината географска положба, природните и стопанските предности од праисторија до денес.

Во вториот век (168 год. пред н.е.) овој крај бил окупиран од римските освојувачи, кои имале големо влијание врз старите населби и врз културата на оваа област. Изградбата на патишта била првата работа што ја превземале Римјаните по освојувањето на некоја провинција. Така, патот Виа Игнациа е најважниот римски пат во оваа област, во воена и стопанска смисла.Римјаните брзо ги колонизирале освоените територии долж главните сообраќајници.Така, во соседните села Буково, Магарево, Кажани и Ѓавато на падините на Пелистер и во многу други, пронајдени се многу антички наоди и остатоци од пооделни населби.

Во 395г. со поделбата на Римското царство, овој регион останал во Источното римско царство т.е. Византија, а формираните населбите имале грчко-византиски карактер.

Во периодот 580-620г. овие простори биле населени од старото словенско племе Брсјаци, кое делумно ја презело традицијата на стариот етнички слој, кој беше субстрат од древните Македонци, Грци и Римјани. Во тој период престанува да се употребува античката географска номенклатура, а исчезнуваат и некои антички градски населби. Новодоселеното словенско население живеело во селата и се занимавало со земјоделие и сточарство. Словенското племе Брсјаци или Березите кое живеело овде го прифатило христијанството дури во 9. век и успеало да ги асимилира староседелците. Од бројните села во тоа време сочувани се топонимите на селата Ѓавато, Гопеш и др.

Регионот кон кој припаѓа селото Дихово има богати сведоштва од средновековието кои се наоѓаат во близина на скоро секоја селска населба. Сите села, сместени на планинските падини, лоцирани се покрај река или поток. Плодноста на почвата, богатите низински и планински пасишта и поволните климатски услови биле важни фактори за густата населеност во овој регион во Средновековието.

Општествениот живот во овој регион се изменил во текот на средниот век кога феудалците се појавиле како господари на црквите и манастирите кои постоеле на овие простори. Слободни биле само некои села поставени во високите планински области.

На почетокот од турското владеење, кон крајот на 14. век, од овој регион следела миграција на словенското население кон север и северозапад.

По продорот на Турците османлии настанал еден период на стабилност, кога земјата била султанска и се сметала за државна сопственост. Спахилуците се протегале на атарите на повеќе села и се давале на користење на пооделни заслужни личности. А понатака, развојот на чифчискиот режим го оптоварил населението во голема мерка.

Кон крајот на 18. век со слабеењето на Турската империја, југозападно од овој регион (Јанина, Костур, Грамос, Москополе) господарел Али – паша Јанински кој ги напаѓал христијанските населби, поради што Македонците и Власите ги напуштале своите огништа и се населувале на север и северо-запад во регионот на Битола и Преспа.

Во тој период спахиските имоти (тимари и зијамети) почнале да бидат наследни имоти. Земјата била насилно одземана од селаните и така се создавале чифлици, а дотогашните сопственици станувале чифчии. Со делење, чифлиците станувале се помали што довело и до промена на атарите на селата. Повластеното население формирало села со пространи синори, додека многу стари македонски села останале со сосема мали синори, недоволни за егзистенција на нивните жители.

Слабеењето на моќта на агите и беговите во 19. век довело до продавање на земјата на чифчиите и економско зајакнување на народните маси. Тоа време е познато како време на Преродба кога започнува да јакне и македонската национална свест. Во тоа време, црквата, како институција, била важен фактор кој имал влијание не само на верското, туку и на националното, просветното и политичкото организирање на народот.

Од поставеноста на селските населби високо на планинските падини, за време на Отоманскиот период, преостанале и сочувани се многу места со остатоци од селски населби: темели, камени ѕидови на станбени и сакрални објекти, како и топоними кои се користат се до денес: Селишта, Куќиште, Горно село, Старо село и сл.

За време на Илинденското востание во регион кон кој припаѓа село Дихово, формирани се повеќе комитски чети со селски и реонски војводи и извршени се повеќе акции против турскиот аскер. Заради тоа, во знак на одмазда, опожарени се повеќето од селата во Потпелистерието. Така, од времето пред Илинденското востание сочувани се малку примероци од традиционалната рурална архитектура, а затекнатите традиционални градби претрпеле измени и пренемени.

На крајот на турското владеење во 1912 г. многу селани ги напуштале селските населби и се отселувале во градовите, заради поголемата безбедност што владеела во нив.

Балканските војни и Првата светска војна оставиле големи последици во регионот на Битола и во селските населби во Потпелистерието кои се наоѓале на линијата на Солунскиот фронт, кога биле уништени многу села во овој регион: Нижеполе, Дихово, Трново и Магарево. Поради близината на фронтовската линија, која поминувала низ повеќе села во овој крај, дошло до евакуација на селаните од Дихово, Маловишта и напуштање и руинирање на истите во тој период.

Печалбарската традиција во овој крај започнала кон средината на 19.век, а особено била нагласена после Балканските и Првата светска војна. Во периодот меѓу двете светски војни, со печалбарски пари биле изградени голем број на објекти кои се сочувани се до денес, врз кои големо влијание имала градската архитектура.

Република Македонија Министерство за култура Управа за заштита на културното наследство Скопје

Тоа било период кога стопанството ослабнало и се ограничило на локално ниво. Голем дел од Власите и етничките Грци се иселиле во Грција, а Турците започнале иселување во нивната матична земја. Нивните имоти ги откупувале македонските селани и побогати градски трговци кои создавале свои големи имоти. Како последица на тоа, доаѓало до преместување на меѓите на селските синори и до интензивирање на земјоделието.

Селото Дихово како и другите села во регионот на НП Пелистер големи промени доживеале после Втората светска војна, што влијаело врз селските населби и врз селската архитектура, во исто време. Голем број на објекти со историски, етнолошки, архитектонски и амбиентални вредности биле напуштени и осудени на пропаѓање.

Поради колективизацијата во периодот од 1949-53 г. започнала нагласена миграција село-град, како и миграција во европските и прекуокеанските земји, што оставило видливи последици врз селските населби и традиционалната селска архитектура. Сепак сочуваните селски населби ги задржале основните карактеристики: „средселото" како важен урбанистички и социјален елемент и „маалите" како составни негови делови, односно елементи на урбанистичкиот развој на истите.

Историското минато на подрачјето на Националниот парк Пелистер, каде што припаѓа селото Дихово, од научен аспект, сеуште не е доволно познато, иако овој простор со сите свои географски и природни услови, биле активно вклучени во севкупниот процес на културниот и историскиот развиток на Македонија. Всушност, целото подрачје на Националниот парк Пелистер во археолошка смисла на зборот е незначително истражувано.

Ако се исклучат неколкуте археолошки локалитети на кои се вршени археолошки истражувања, малкуте податоци што се среќаваат во литературата потекнуваат од случајните наоди, откриени при обработувањето на земјата.

Археолошките истражувања, што би претставувале база во утврдувањето на материјалната култура во одредени историски епохи и покрај тоа што се незначителни во корелација со расположивите историски извори во голема мера ни ја отсликуваат сликата за животот на популациите во пелистерскиот крај, нивното формирање, како и процесот на нивниот културен и историски развој.

Најстари траги од живот на ова подрачје му припаѓаат на железното време. Основен тип на населби од овој период се т.н Градишта, подигнати на возвишенија, кои доминираат над околниот терен, опкружени со одбранбени Ѕидови.

Сосема друга е сликата за овој крај кога станува збор за времето на римското владеење, кога истиот со освојувањето и поделбата на Македонија влегува во четвртата област. За римско време во подпелистерскиот крај не располагаме со потребни историски и материјални податоци, но сигурно е дека тука поминувала главната

сообраќајна артерија Виа Егнатиа, и тоа според мислењето на Т. Јанакиевски, на патот Виа Егнатиа во пелистерскиот крај била лоцирана попатната станица Никеа ( Т. Јанакиевски, Прилог кон прашањето за убикација на античката населба Ницеа-станица на Виа Егнатиа, Мацедониа ацта арцхаеол. 2, Прилеп, 1976)

Во поблиското опкружување на опфатот забележани се и материјални сведоштва од доцноантичкиот период.

Средновековниот период на подрачјето на опфатот и пошироко е застапен на неколку локалитети и тоа во:

- с. Нижополе, локалитет "Горно село", на околу 1,5км. од селото и локалитет "Кај црквата", на околу 1,5км. западно од селото
- с. Дихово, локалитет "Варвара", на источната периферија на селото, во месноста викана "Лековита вода", и локалитет "Св. Недела", околу црквата во близина на мостот за Битола.
-

**село Дихово**

Археолошки наоди

Во атарот на селото не се вршени значајни археолошки истражувања, но досегашните рекогносцирања најавуваат можност за археолошки локалитет на местото гробишта каде се откриени стари монети.

На местото Ограѓе, 500 м од задружниот дом во селото, откриени се остатоци од населба и некропола од римско време, како и остатоци од гробови, питоси и тегули.

На местото Варвара на источната периферија на селото, откиена е средновековна некропола, остатоци од гробни конструкции, камени плочи и крстови од камен.

Во близина на црквата Св. Недела откриени се остатоци од средновековна црква и некропола, во непосредна близина на мостот кој води кон градот.

Во нивата на Тоде Димевски ( месноста Братиндолска река ) најдени биле четвртасти тули.

**Историски податоци**

Легендите за селото зборуваат за сочувани сеќавања кои се пренесуваат од генерација на генерација и претставуваат можност за претпоставка како настанало селото. Кажувачите пренесуваат дека старото име на селото било Водјево, поради изобилството на вода во околината, а подоцна го добило името името Дихово заради пријатниот и свеж воздух.

Оваа легенда се совпаѓа со народното кажување дека селото некогаш било лоцирано поблиску до реката, на местотоОреј, во близина на реката Драгор. Подоцна, поради чести поплави, населбата била дислоцирана на повисока положба.

Селото било едно од поголемите во битолската нахија и постоело и пред доаѓањето на османлиите. Првиот помен на селото под името Дихово потекнува од 15 век, односно од 1468 год. во Опширниот пописен дефтер каде се наведува дека селото било чистохристијанско, со 80 семејства, 4 неженети и 10 вдовици. Според пописните дефтери, во селото немало муслиманско население, се до 1731год, кога за прв пат се спомнува албанско - муслиманско население, во врска со расходи поврзани за посетата на румелискиот валија Осман паша, кој бил задолжен за прогонување на ајдуците и бунтовниците. За таа прилика селото било задолжено со 1122 акчи. Оттогаш христијанското и муслиманското население во Дихово било оданочувано посебно.

**Географска положба**

На четири километри западно од градот Битола, во подножјето на Баба планина, на средна надморска висина од 830м. се наоѓа селото Дихово. Со градот Дихово е поврзано со асфалтен пат ( од месноста Црвени Петли, односно до некогашната Живинарска фарма" Јонче Георгиевски"). Тоа е нов пат, додека стариот пат , почнувајки од средселото, врви низ многу живописна природа, покрај самата Диовска река ( Драгор ) се до денешната бензинска пумпа, односно мостот кај месноста Довлеџик. Овој пат денес најчесто го користат љубителите на природата - планинарите.

**Население**

Според првите пишувани податоци, кои датираат од 1468 година, населението на селото Дихово било исклучиво христијанско што би значело словенско - македонско, а кое наведува да се мисли дека и пред доаѓањето на Османлиите во ова село живееле Македонци кои водат потекло од племето Брсјаци. Следејки ги даночните обврски на село Дихово, согледуваме дека тоа долго време останало етнички немешано, односно се до населување на Албанци во осумнаести век (1731) кога за прв пат тие се споменуваат како оданочени жители на Дихово.

Албанците по Балканските војни, а особено по Првата светска војна се иселиле од Дихово. Истовремено во Дихово постапно се населувало македонско население од други села, како на пример: од битолското село Лера - во Горно маало и од преспанското село Брајчино ( 1927 ) - во Долно маало.

**Селото низ историјата**

Месното население името на селото го изговорува Дио ( со продолжено о ) меѓутоа официјалното име е Дихово. Под тоа име Дихово за прв пат се споменува во петнаести век, односно 1468 г. во опширниот пописен тефтер каде стои дека селото е чисто христијанско, со 80 семејства / отприлика 444 жители / и се вбројува во поголемите села во

Битолската нахија. Селото постоело и пред доаѓањето на Турците Османлии во Битолско.

Доаѓањето на Османлиите на овие простори внесло промена во целокупниот живот во селото Дихово. Со воведувањето на тимаро - спахискиот систем населението на Дихово, третирано како раја морало да ги плака предвидените даноци во натура или како пари на спахијата. Покрај даноците населението страдало и од разбојнички банди, арамии и силеџии.

Географската положба на селото влијаела на економската положба на населението во селото Дихово. Расположено во подножјето на Пелистер со ридести и рамничарски терени и со изобилство на вода од реката Драгор, во Дихово од дамнешни времиња се развиле земјоделството, сточарството, лозарството и користењето на водената енергија за изградба на воденици, валавици, а подоцна во деветнаести век и индустриски претпријатија.

Распаѓањето на тимаро-спахискиот систем во Турција се огледа и во појавата на чифлици какви во Дихово се споменуваат уште во осумнаесетиот век и сите како сопственост на муслимани, што зборува за пропаѓање на селата кои и така немале доволно земја за обработка. Меѓутоа, со текот на времето муслиманите ги продавале своите чифлици за пари при што сопственици на земјата станувале христијаните - Македонци, Власи.

Покрај земјоделството и сточарството како основно занимање на населението во Дихово, уште во седумнаести век се спомнуваат валавиците на вода и тоа за шајак, веленца и други волнени ткаенини. Валавиците биле примитивни, и градени од од самите диовчани. Некои валавици биле сопсвеност на Турци кои живееле во Битола а ги издавале под кирија на други.

Валавиците во Дихово се задржале се до наше време. Напоредно со валањето, дел од жителите на Дихово работеле со воденици за мелење на жито. Покрај споменатите дејности, благодарение на природниот фактор ( водата ) и порастот на потрошувачките потреби, пред се на турската војска за униформи, во Дихово се произведувал шајак. Посредниците кои го вршеле откупот а потоа и продавањето на шајакот во 1885 г. подигнале фабрика за производство на бел, сив и син шајак и позаманатерија. Фабриката во Дихово располагала и со своја предилница, во која годишно се пределе 180 000 оки волна. Нешто подоцна во Дихово била подигната уште една предилница.

Кога во 1897 год. српскиот учен д-р Ј.Х. Васиљевич го посетил Дихово, ни го оставил за селото следниот опис: Во ова село има основано фабрика за шајак и килими ( сицадет и други врсти ) и за гајтани уште пред 15 години. Сега ( 1897 год.) ги има три на вода а од пред кусо време основана е и четврта на пареа, бидејки водата од реката недостига за сите фабрики; оваа што е на пареа се наоѓа на сретсело и засега е најголема .Оваа фабрика ја основал битолскиот индустријалец Анести, Влав, заедно со некои индустријалци од Солун и браќата Јовановиќ од Скопје. Засега оваа фабрика е единствена од ваков вид во Македонија и во неа се изработуваат штофови за турската војска, додека гајтанот се извезува во

ПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство

Србија. Секој ден во овие фабрики работат по 250 - 300 души: луѓе, жени и деца од околните села, најмногу Власи.

Нешто подоцна во 1904 год. во Дихово, преку здружување на финансиски средства од примитивните ткајачници во Дихово, Трново и Магарево било формирано индустриско претпријатие под фирма "Касазис & Co" и тоа за ткаење на шајак со четири механички и 28 рачни разбои. Ова претпријатие - фабрика се наоѓало во Дихово и годишно преработувало 60 - 65 тони волна, односно произведувало волнени штофови за војската и граѓанството, волнена трикотажа преѓа за гајтани и позамантерија а исто така почнало да се занимава со плетење на чорапи. Со производството ги задоволувале локалните потреби но имале организирано одлична мрежа за пласман - претставништа во Скопје, Солун, Цариград, Драч, Смирна.

Во Првата светска империјалистичка војна, за време на кусотрајниот престој на бугарските сили - 1915 год. според некои показатели, машините од фабриките биле демонтирани и пренесени во Сливен и Габрово - Бугарија. Исто така од редовните бомбардирања од диовските фабрики останале само зидовите.

Бидејки атарот на селото бил мал, доста жители на Дихово оделе на печалба и тоа во прво време во Цариград и Влашко а покасно во САД, Канада, Франција. Кога печалбарите се вракале во родното село обично купувале земја, отворале дукани во Битола и скоро сите в село правеле нови и убави куки.Така, на пример, во Дихово во периодот 1930 - 32 год. се изградиле многу куки од тврд материјал и покриени со, за свое време, модерни ќерамиди, со балкони и убав простор за живеење, додека порано куките на диовчани им биле правени од камен и кал а покриени со камени плочи.

Печалбарството го променило начинот на живеење во Дихово. Тоа го исфрлило примитивниот начин луѓето да спијат во еден простор, на душеме покриено со рогузина и врз неа черги. Вообичаено и нормално станало луѓето да спијат на кревети со сламарици, некаде и на душеци покриени со чаршафи. На прозорците се истакнувале пердиња, а на зидовите обврзно стоело огледало и на него прикрепени фотографии од најблиските. Поимотните постилале на душемето ќилими, наместо поранешните черги. Куките биле редовно варосувани - обично пред Велигден.

Близината на градот и печалбарството набрзо ја истиснале народната носија и тоа прво мажите па потоа и жените ја прифатиле градската облека.

### *5. 1.2 Урбан развој на подрачјето на опфатот:*

Селото Дихово се наоѓа западно од Битола, во подножјето на планината, во близина на изворот на реката Драгор. Положено е на неговиот лев брег. Близината на градот и поволните природно-

географски фактори условиле ова село да се развие во богата и активна населба, не само од стопански, туку и од туристички аспект, не само во денешно време, туку и во минатото. Овде богатите еврејски фамилии од градот ги поминувале топлите лета и празници, капејќи се во природните базени - вирови што ги формира реката Драгор на одредени места. Дихово и денес е посетувано од градското население заради свежиот воздух, изобилието на вода и пријатниот селски амбиент.

Надморската висина на селото е 830 м, а големината на селскиот атар е 12,1 км2.Позначајни топоними во атарот на селото се Коса тумба, Мала и Голема Тумба, Довлеџик, Варвара.

Дихово е село од збиен тип со овален облик на селска населба, која се протега во правец север - југ. Неговата рурална структура ја сочинуваат три маала кои се делат на помали родовски групи. Куките се поставени една до друга, а во дворовите, кои често биле оградени со високи авлиски зидови и со големи влезни порти, се наоѓаат стопанските објекти. Нивите и останатото обработливо земјиште се надвор од селото, во неговата околина. Главната селска улица до пред триесетина години претставувала локален пат кој ги поврзувал Битола, Дихово и Нижеполе. Подоцна патот е трасиран надвор од селото, а сообрќајното решение на селската населба е од кружен ток, така што постои централен рурален блок со густо поставени станбени објекти во кои се наоѓаат училиштето, црквата и кафеана. Тоа е т.н. средна маала. Надвор од овај рурален блок, во правец североисток и југозапад, се протегаат помали селски улички кои формираат помали блокови во селската населба - Горна и долна маала.

Хаџи Васиљевиќ во делото "Битољ и околина (1897) наведува дека куките во ова село биле направени од камен и кал, а покриени со камени плочи. Во периодот 1930-32, биле изградени многу нови куки, со функционален распоред и архитектонски елементи слични на градските, покриени со керамиди.Таквите објекти биле израз на економската моќ на печалбарите кои се вракале во своето родно село.

Природниот и културен предел каде се наоѓа ова село, како и сликовитото и оригинално сочувано селско јадро со сочувани традиционални селски објекти се добра подлога за туристите кои ја претпочитаат природата и автентичниот амбиент, богат со културно наследство. Бројот на жителите како и близината на градот, исто така, го поддржуваат претходното тврдење.

Дихово како и останатите ридско-планински села кои се наоѓаат непосредно до НП Пелистер доживува брз развој, а воедно и изградба на современи објекти кои немаат никаква сличност со традиционалната селска куќа. Единствено низ стопанските дворови на овие села можат да се видат сочувани стопански објекти изградени од традиционален материјал во традиционални техники на градба.

## *5. 2. Анализа на постојна состојба*

### *5. 2. 1 Приказ на фактичка и правна состојба на споменичкото наследство*

Во опфатот на ЗКО за УП за село Дихово нема поединечно заштитени добра.

Во остварувањето на целите, зависно од видот и подрачјето на опфатот на планот, со заштитно конзерваторските основи се обезбедува:

- Задолжително опфаќање и почитување на недвижните добра заштитени според одредбите на овој закон;
- Разработка на режимот на заштита што е од значење за планирањето, уредувањето и користењето на просторот, според соодветна заштитно-конзерваторска основа;

Заштитно - конзерваторската основа во смисла на овој закон е документационата основа за третманот на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови. Ако нацртот на планот содржи плански решенија со кои се отстапува од заштитно-конзерваторските основи, надлежниот орган е должен за тоа да го извести доносителот на планот преку учество во стручната расправа, односно стручната консултација по нацртот на планот.

Урбанистичките планови во чиј плански опфат постојат споменици, споменички целини и други заштитени добра со статус на културно наследство, треба да содржат детални параметри за заштита на недвижното културно наследство.

### *5. 2. 2 Степен на негова зачуваност односно оштетеност*

Објектите кои се наоѓаат во границите на опфатот се со различен степен на зачуваност, односно оштетеност.

Поради употребата и видот на градежниот материјал (камен, дрво, земја, слама, трска), како и поради историски текови: војни, економско-социјални промени, елементарни непогоди, неодржување и сл., деградирани се одреден број на традиционални селски куќи и амбиенти.

Кај дел од постоечките објекти кои се зачувани и кои му одолеале на забот на времето, се забележува примена на нови материјали, додека дел од објектите се видоизменети, доградени, надградени, адаптирани. Во селото се среќаваат и рушевини, од сега веќе, напуштени објекти обраснати во трева и бујна вегетација до кои тешко се пристапува.

Зачуваноста на споменичкото наследство во опфатот се карактеризира со постојната физичка структура на споменичката целина, 36те објекти и трите археолошки локалитети кои заслужуваат да бидат ставени под заштита и се предмет на обработка во овие заштитно конзерваторски основи, како и објектите кои се дефинирани како неутрални и објектите кои придонесуваат во историскиот амбиент на целината.

Имајќи го во предвид горе наведеното, сепак, може да се каже дека е висок степенот на зачуваност на автентичната состојба на архитектонската форма, градежно - архитектонските карактеристики, употребените материјали и техники на градење. Покрај сите нарушувања и оштетувања целината е сепак релативно зачувана и препознатлива во својата урбано-архитектонска компактност и денес таа претставува значаен и функционален организам.

Исто, улога во губењето на културното наследство има и не извршената валоризација и ревалоризација на сите добра / и тоа поради недостаток на кадар и финансиски средства /, не истраженоста на археолошките локалитети и немањето на соодветна планска документација на сите населени места.

Денес, со менувањето на општествените прилики, се менува и функцијата на одредени објекти, така да дел од објектите од традиционалната архитектура и понатаму служат како станбени и викенд

објекти, а мал дел се ориентираат кон туризам и угостителство, додека сакралните објекти обично функционираат за време на верски празници.

За деградација на анализираната рурална средина допринесува и моторниот сообраќај, како движењето така и паркирањето на секое слободно место покрај самите објекти.

### *Причини за пропаѓање на селото*

Селото Дихово, како и останатите села во регионот на НП Пелистер, големи промени доживеале после Втората светска војна, што влијаело врз селските населби и врз селската архитектура, во исто време. Дел од објектите со историски, етнолошки, архитектонски и амбиентални вредности биле напуштени и осудени на пропаѓање.

Поради колективизацијата во периодот од 1949-53 г. започнала нагласена миграција село-град, како и миграција во европските и прекуокеанските земји, што оставило видливи последици врз селската населба и традиционалната селска архитектура.

Сепак Дихово, како сочувана селска населба ги задржала основните карактеристики „маалите" како составни негови делови, односно елементи на урбанистичкиот развој.

Објектите кои се сочувани, создадени се во различни периоди, и тоа во периодот од крајот на 19 век па, се до денес.

Објектите се со различен степен на зачуваност, односно оштетеност. Причините за оштетеноста на овие објекти се различни, меѓутоа како најевидентни се сметаат староста на објектите, структурата на материјалот, напуштеноста на објектите, како и различните деструктивни влијанија заради несоодветни зафати, санации и сл.

**Причини за пропаѓање на објектите во границите на опфатот**:

- Како фактор за пропаѓање на објектите во границите на опфатот може да се наведе староста на објектите и материјалите од кои истите се изведени, како и изминатиот период на тековно неодржување.

I. Појавна природна причина која практично ја влоши состојбата на постојните постари објекти во опфатот, може да се наведе земјотресот во септември 1994г. кој го погоди битолскиот регион. Сеизмичкиот потрес доведе до појава на конструктивни пукнатини на објектите, кои во комбинација со континуираното негативно дејство од атмосферските влијанија, делува постепено врз нивната статика.

II. Пропаѓањето на културното наследство од аспект на поврзаност со структурата на градбите, староста на употребените градежни материјали, постојната дотраена конструкција е евидентно кај скоро сите објекти на подрачјето на опфатот.

III. Промената на општествените, економските и социјалните услови и миграционите процеси, доведе до состојба на дел од објектите да бидат напуштени и препуштени на забот на времето.

***Претходни конзерваторски интервенции***

Во гранците на опфатот кој е предмет на овие заштитно конзерваторски основи, во изминатиот период не се вршени конзерваторски интервенции од страна на надлежните институции.

***Оспособеност за ефективно користење***

Оспособеноста за ефективно користење е условена од карактеристиките и постојните услови на просторот. Подрачјето на опфатот го сочинуваат во еден дел нови објекти / се мисли на викенд куќи / и дел амбиентални објекти со затекната состојба на тесните и кривулести сокаци, неадекватни за моторен сообраќај, кои ги пресекуваат насочените пешачки правци на движења.

Воглавно објектите се од станбен карактер. Во селско-стопанските дворови, освен станбените објекти се наоѓаат и бројни помошни објекти: амбар за жито, кошара за пченка, фурна, казан за печење ракија, плевна, говедарник, кокошарник, кочина, а надвор од стопанскиот двор и селската населба се сместени трлата и селските казани за варење ракија.

Во тој контекст, карактеристика на сегашната состојба на опфатот е структурата на објектите во контекст на селско стопанските дворови и зелените површини во оформени парцели, ограничени со постојните сокачиња од периодот на нејзиното настанување.

Ефективното искористување на просторот на опфатот би се овозможило со почитување и спроведување на пропишаните параметри од заштитниот режим за предметниот опфат.

Спроведувањето на овие зафати се наложува како регулатива на неопходни мерки со кои ќе се обезбедат непречено согледување и афирмација на објектите валоризирани како културно наследство, кои се иницирани како базична структура за ефективното искористување на просторот во опфатот.

**Инфраструктура**

Патната мрежа во Регионот кон кој припаѓа село Дихово, ја сочинуваат: магистралните, регионалните и локалните патишта. Со магистралниот пат бр. 26 Скопје-Кичево-Охрид-Ресен-Битола-граница со Грција и Скопје-Велес-Прилеп-Битола-Ресен, и регионалниот пат Прилеп, Битола, Макази, Царев Двор, Стење - албанска граница, просторот на регионот е поврзан со другите региони на РМ и соседните држави, а едновремено и со најважните патишта.

Воздушениот сообраќај во регионот се одвива преку постојниот аеродром во Охрид, истиот со мали интервенции би можел да ги опслужува скоро сите типови на летала. Овој аеродром, освен со Охрид и Струга, има поврзаност и со Ресен и Битола, а со тоа и со туристичките места.

Главната селска улица до пред триесетина години претставувала локален пат кој ги поврзувал Битола, Дихово и Нижеполе. Подоцна патот е трасиран надвор од селото, а сообрќајното решение на селската населба е од кружен ток, така што постои централен рурален блок со густо поставени станбени објекти, и тоа е т.н. средна маала. Надвор од овај рурален блок, во правец североисток и југозапад, се протегаат помали селски улички кои формираат помали блокови во селската населба - Горна и долна маала.

Објектите кои се наоѓаат во опфатот, како и објектите во подперлистерието, се електрифицирани, а со вода се снабдуваат од локални извори. Проблем претставува канализационата мрежа која е решена со септички јами, при што не смее да се занемари проблемот на загадување на природата. Од електронска и телекомуникација постои интернет, фиксна и мобилна телефонска мрежа.

### *5. 2. 3 Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство*

Надлежни субјекти за заштита и управување со споменичкото наследство, се: Управата за заштита на културното наследство (Министерство за култура на Република Македонија), НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Битола и локалната самоуправа како надлежна за просторното и урбанистичкото уредување на градот и селата во склоп на Општина Битола, како и сопствениците и корисниците на објектите кои се или ќе бидат заштитено добро.

### *5. 2. 4 Анализи на сите релевантни аспекти на уредување на просторот:*

- Главната селска улица до пред триесетина години претставувала локален пат кој ги поврзувал Битола, Дихово и Нижеполе. Подоцна патот е трасиран надвор од селото, а сообрќајното решение на селската населба е од кружен ток
  Останатите селски улици се помали и формираат помали блокови во селската населба и водат до секоја парцела.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство

- Селото Дихово претставува селска населба од збиен тип, со овален облик, која се протега во правец север – југ.
- Архитектонскиот концепт на објектите во текот на нивната градба бил прилагоден кон нивната функција и значење.
- Градбите од аспект на идентификација на културно историското наследство во границите на опфатот, според архитектонските карактеристики ги вбројуваме во типот рурална архитектура.
- Архитектонските карактеристики на објектите во рамките на опфатот се разновидни во зависнот од функцијата. Сочуваниот автентичен градежен фонд на објектите се со различен степен на оштетеност.
- Причините за пропаѓањето на овие објекти се: староста на објектите, квалитетот и трошноста на градежниот материјал, напуштеноста, како и различните деструктивни влијанија заради несоодветно одржување, со неадекватни санациони зафати и сл.
- Селото Дихово е лоцирано на 4 километри од градот Битола и представува непосредна околина на Националниот парк Пелистер.
- Објектите присутни во рамките на опфатот, со оглед на местоположбата, наменската функција и застапеност на објектите од јавен карактер, се со ограничен опсег на можности, во делот на услужни дејности.

***Јавни објекти, отворени јавни простори и зелени површини***

**Јавни објекти** во границите на опфатот: училиштето, поштата,

**Отворените јавни простори** во граници на опфатот се: игралиштето во склоп на училиштето.

**Јавни зелени површини** во рамките на опфатот:

Како јавна зелена површина во рамките на опфатот, може да се спомене заедничкиот двор во кој се разместени, училиштето и поштата, каде има и чешма и големи и стари дрвја со дебела сенка.

**Сакрални објекти -** во границите на опфатот се црквата Св. Димитрија и малото црквиче Св.Недела.

***Урбоморфолошка анализа :***

На планот на опфатот јасно може да се идентификува селото кое претставува населба од збиен тип, која со текот на годините и пропаѓањето на станбените објекти во неа, станала поретко населена.

Главната селска улица до пред триесетина години претставувала локален пат кој ги поврзувал Битола, Дихово и Нижеполе.Подоцна патот е трасиран надвор од селото, а сообракајното решение на селската населба е од кружен ток.

Останатите селски улици се помали и формираат помали блокови во селската населба и водат до секоја парцела.

Од осумдесетите година на минатиот век па наваму, на влезот и на излезот од селото, покрај главниот пат изградени се голем број на викендици, што влијае на проширувањето на населбата.

***Градежен фонд*** - *в*о границите на споменатиот опфат се третирани 96 објекти и три археолошки локалитети.

***Архитектонско – техничка анализа***

**катност, конструктивен систем, градежен матерјал, типови на кровови, кровен покривач, ритам на отвори и карактеристични елементи на фасадите**

Поради употребата и видот на градежниот материјал (камен, дрво, земја, слама, трска), како и поради наведените историски текови: војни, економско-социјални промени, елементарни непогоди, неодржување и сл.,

исчезнале или се уништени одреден број на традиционални селски куќи и амбиенти.

Во селото Дихово, како и во останатите села во регионот на НП Пелистер, според материјалите од кои се изградени, се сретнуваат неколку типови на куќи: куќи изградени од камен, куќи изградени од камен и плитар, куќи целосно изградени од плитар и куќи направени од комбиниран материјал камен, плитар, плет и сл. Кај сите нив дрвото е употребено за изведба на меѓукатните и кровните конструкции.

Градежниот материјал од кој се направени куќите се наоѓал во непосредната близина на овие ридско-планински села.

Во однос на покривниот материјал, идентификуван е голем број на традиционални куќи и стопански објекти кои во минатото биле покриени со камени плочи, а сега се со ќерамиди / кај помошните објекти како покривен материјал се срекава и лим /

Анализата на традиционалната куќа во село Дихово како и во селата од регионот на НП Пелистер, според сочуваните примероци и нивната развојната линија, укажува на постоење на неколку типови на селски куќи: приземни куќи, куќи од приземје и кат, односно два ката во зависност од конфигурацијата на теренот, бројот на членовите во семејството и економската моќ на сопственикот.

Сочуваните објекти воглавно имаат богата програмска содржина. Во овие села многу ретко се сочувани приземни куќи.

Во селско-стопанските дворови, освен станбените објекти се наоѓаат и бројни помошни објекти: амбар за жито, кошара за пченка, фурна, казан за печење ракија, плевна, говедарни, кокошарник, кочина, а надвор од него често се сместени трлата, водениците и селските казани за варење ракија.

## *5. 3 Анализа на развојни потреби потенцијали и можности*

Согледувања кои се однесуваат на привлечноста на ревитализацијата, оспособеноста за користење на споменичкото наследство како фактор на одржливиот развој (од аспект на културниот туризам кон барањето за нови пропратни функции со адаптација на просторот во опфатот, со сочувување на неговиот традиционален начин на функционирање и сл.)

Институциите кои се грижат за заштитата на културното наследство апелираат заштитата да не биде сфатена како кочница на урбаниот развој на просторот на опфатот, туку треба да се нагласи дека токму културата и културното наследство на едно подрачје се двигатели кои нудат поголем број на можности за развој на истите и соодветно на принципите на заштитата се настојува да овозможи реализација на барањата во рамките на заштитниот режим.

## *5. 4 Проценка на влијанијата*

Во периодот на социјалистичкото уредување со промената на условите во општеството се промени и состојбата на културното наследство.

Слободното толкување на општинските нормативи, и непостоењето на урбанистички планови во периодот некаде околу 70-80 години на минатиот век доведе до стихијна изградба на викенд објекти на подрачјето на опфатот / во селото и околу самото село, по патот кој води кон НП Пелистер, а минува низ селото / кои сега се предмет на легализација, а со кои директно се загрозени визурите, амбиентот и автентичноста на средината. Допринос кон денешната ситуација даде и миграцијата село-град, т.е. напуштањето на објектите, т.е. нивното оставање на забот на времето.

Меѓутоа со новиот Закон за заштита на културното наследство и со правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно конзерваторските основи за културното наследство дадени се патоказите за разрешување на сложената проблематика во ваквите урбани средини.

Со предложените мерки на заштита се предлагаат насоки за понатамошното урбанистичко планирање во границите на опфатот. Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за нивна соодветна идна имплементција.

## 6. МЕРКИ НА ЗАШТИТА

### *6.1 Валоризација*

Валоризацијата која следува во прилог е изготвена врз основа на теренските истражувања за потребите за изработка на урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола.

Со оваа валоризација, се врши усогласување со постојните законски прописи, според усвоената методологија со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство.

### *6.1.1 Валоризација*

Валоризација во опфатот на Урбанистички план за село Дихово, се однесува на постојната ситуација. На подрачјето на опфатот се предлагаат триесет и шест објекти и три археолошки локалитети да се здобијат со статус предлог.

### Образложение за целината:

Специфичниот израз на руралната целина Дихово произлегува од нејзините историски, архитектонско-урбанистички, градежнички,

етнолошки, амбиентални и пејзажни вредности кои му даваат одреден белег на целината, а кои се однесуваат на вредностите, својствата, функциите и значењето на доброто.

Застапеноста на севкупните вредносни содржини – археолошки и историски имаат значење во историскиот развојот на селото и му даваат одреден белег на истото. Историските вредности на оваа селска населба се должат на нејзината автентична урбана матрица. Карактеристиките на целината произлегува од автентично сочуваните архитектонски вредности на традиционалната архитектура во селото Дихово. Нејзините архитектонски вредности се присутни во масивните градби на кат изградени од камен кон крајот на 19. и во текот на 20. век, со правилна основа, со визба под целата нејзина површина или под еден нејзин дел, зависно од конфигурацијата на теренот, со симетрични основи и под влијание на градскиот тип објекти.

Сочуваните традиционални куќи во Дихово имаат архитектонски концепт што е резултат на функциите и формите на оваа куќа која е прилагодена на климатските услови и животот во ова приградско село. Автохтониот духовен и културен развој на селото, како и донесените печалбарски вкусови и амбиции влијаеле врз архитектурата, изгледот, просторната и функционалната организација на куќата во селото. Градежничката вредност е присутна во градителските модели и практики, својствени за традиционалните градителски центри во западниот дел на Балканот (во југозападниот дел на Македонија и северна Грција) - особено кај куќите со тимпанон над балконот, со примена на обработен и необработен камен и техники на градење на масивни, долготрајни градби на кат. Основните градежни материјали од кои се изградени традиционалните куќи на Балканот и во Македонија се каменот, дрвото и земјата кои заедно со вековното искуство на народните градители ја даваат градителската вредност на куќите во оваа рурална целина. Урбанистичката вредност на ова село е одраз, пред се на културата и традициите на населението и нивната професионална определеност, градителските вештини, а пред се на природно-географските карактеристики на локацијата. Дихово, за разлика од другите потпелистерски селски населби, било изградено на помала надморска височина, со улици паралелни со речниот ток и мрежа на улички производ на топографијата на теренот што формираат издолжена руристичка целина во правец север-југ со централен блок на објекти.

Самата селска населба Дихово е автентично сведоштво за збиен тип на село, со овален облик и градби поставени вдолж двете главни селски улици во блоковите кои тие ги формираат. Во неа сеуште постојат голем број на автентично сочувани градби кои припаѓаат на типот на куќи со централен распоред, на еден или два ката, од кои се сочувани само неколку. Најмногу ги има масивните камени градби на кат со правилна основа поставени во селско - стопански двор во кој се наоѓаат неколку помошни објекти, а самите селско-стопански целини ги дефинираат огради од камени Ѕидови и големи двокрилни порти.

Културата на доминантното македонско население, како и донесената култура доселениците од преспанските села Брајчино и Љубојно кои овде се доселиле во текот на 20 век го создале спојот на материјалното и духовното, на утилитарното и естетското во ова село.

Од културата на хомогените етнички карактеристики произлегува етнолошката вредност на оваа споменичка целина. Дихово било богато село во кое населението се бавело со земјоделство и сточарство,со валање на текстилни производи во валавиците покрај реката Драгор и мелење на жито на што укажуваат сведоштвата за постоење на повеќе воденици по текот на реката. На почетокот на 20 век во селото биле изградени првите мануфактурни фабрики кои произведувале текстил и декоративни гајтани за војнички униформи.

Како женска професија овде била развиена и домашната обработка на волна: ткаење на килими и јамболии, везење и плетење, како и изработка на други текстилни производи. Селската носија во ова село брзо била заменета со градската облека зардаи близината на градот и големиот број на печалбари кои гиноселе надворешните влијанија во селото.

Просторно-амбиентални вредности на селото Дихово формираат еден рурален амбиент, вклопен со околината и природата како резултат на социјалните, религиозните и економските потреби на луѓето кои живееле овде. Посебна вредност на амбиентот на ова село претставува наследената руристичка матрица која сосем ја сочувала својата улична структура. Градењето на нови индивидуални станбени објекти во наследената структура на селото на места е наметливо, односно тоа ги нарушува како архитектонските така и урбанистичките карактеристики на селото.

Имајќи предвид дека руралната целина Дихово е сместена во еден специфичен природен амбиент во подножјето на планината, по живописното течение на реката Драгор целината поседува и разновидни пејзажни вредности. Сите сочувани содржини кои ги поседува оваа рурална целина зборуваат за нејзините сведоштва и автентични вредности
.

Специфичноста на оваа рурална целина се согледува и во нејзината руристичка матрица диктирана од конфигурацијата на теренот, искористена како подлога за градба на тукашните традиционални куќи кај кои е видливо градското влијание. Во руралната споменичка целина Дихово се среќаваат содржини со различни творечки изрази. Во основа тоа е архитектурата на тукашната селска куќа, со различни облици на архитектонски изрази во оформувањето на станбените објекти во селото. Оваа севкупност на материјални творечки изрази во себе ги има проткаено културните традиции, духот на градењето кој произлегува од етничкиот дух, професионалното определување изразено врз културата на живеењето и обичаите на населението кое живее во Дихово.

Својството на интегралност на содржините и функциите видливо е присутно во оваа рурална споменичка целина. Интегритетот на целината во голема мера е сочуван и покрај изгрдабата на нови објекти на влезот-северниот дел и излезот-јужниот дел од селото, со неадекватни архитектонски решенија за овој амбиент и со употреба на несоодветни градежни материјали. Степенот на зачуваност на целината од урбанистички

и архитектонски аспект е на задоволително ниво од што во иднина ќе произлезе и определувањето на категоријата за оваа споменичка целина.

Руралната споменичка целина Дихово како жив организам ги исполнува повеќето руристички функции, што произлегуваат од нејзината природно-географска положба, етничката структура, традиционалните содржини и својства и од состојбите што ги наметнува современиот живот. Таа недвосмислено има значајна научна и културна функција во урбанистичко-архитектонските содржини кои ги поседува. Во целината делумно се практикува стопанската функција, иако со значително намален интензитет, како и туристичко - угостителската функција која е застапена, особено во сферата на алтернативните видови туризам.

Анализата на сите вредности, својства, функции и содржини што ги поседува целината упатуваат на тоа, дека истата ги поседува сите значења од културен, историски, етнографски, научен и поширок општествен карактер својствени за една споменичка целина.

## ***Поединечни објекти кои се предлагаат да добијат статус на културно наследство во подрачјето на опфатот***

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**1.** | <br> |
| Назив | Јавен објект |
| Локација | СелоДихово |
| Адреса | / |
| катастарска парцела | КП 866 |

| | |
|---|---|
| опис на содржините | Школо |
| Граници | Во граници на КП 866 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености***

Во селото Дихово (според некои податоци) во текот на неговото постоење имало училишта на повеке локации и во повеке објекти. Првото училиште кое било отворено во селото било на грчки јазик.Покасно биле отворени и училишта на бугарски и српски јазик (во зависност од влијанијата).

Во периодот на фашистичката окупација,бугарскиот окупатор отворил во селото прогимназија под име Средишно народно основно училиште.

Денешното училиште е изградено на место каде предходно имало училиште.

Објектот карактеристичен тип на јавен објект истиот по својот изглед и големина е граден во средината на 20 век. Истиот има приземје и кат и е релативно добро сочуван. Влезот во објектот е потенциран со масивни четвртасти столбови , а над нив тераса. Во текот на постоењето на објектот во некој период е изведена и доградба за потребите на училиштето што зборува за големината на селото и неговото значење.

Пред училиштето во поново време е направено и спортско игралиште со повеке намени (кошарка , фудбал, ракомет ) и друго.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени интервенции

***поранешна и сегашна намена***

училиште

***степен на зачуваност***

Добра

***Образложеие за вредноста на објектот:***

Карактеристичен тип на јавен објект-училиште. Тој со својата намена и изглед и местоположба доминира на самиот влез во селото. Образованието како дејност представува значаен сегмент за развој на селото во текот на неговото постоење до денес.

Објектот има историски, архитектонски и уметнички вредности, автентично е сочуван и обновен во последниве години

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**2.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | СелоДихово |
| Адреса | / |
| катастарска парцела | КП 695/3 |
| опис на содржините | домување |
| Граници | Во граници на КП 695/3 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | Први децении на 20 век(1923) |

| | |
|---|---|
| | |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености***

Објектот има приземје и кат.Зидан е од камен и тула. Каменот кој се гледа на фасада е фугиран . На аглите на објектот има употреба на камени тесани блокови . Истиот има симетрично распоредени отвори со околупрозорски декорации различни на приземјето и катот. Влезната врата е централно поставена , а над неа балкон над кој има тимпанон на кој се напишани во малтер годината на градба (15.ВИ.1923 ) и името на сопственикот кој е нечитко (еден дел од споменатиот натпис не постои (малтерот е испаднат ).

На прозорските отвори на приземјето и катот има метални заштитни решетки убаво декорирани

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени интервенции

***поранешна и сегашна намена***

*домување*

***степен на зачуваност***

средна

***Образложеие за вредноста на објектот:***

Карактеристичен тип на градска куќа ,со симетричен распоред, изграден под влијание на градската архитектура. Фасадата на објектот има карактеристичните декоративни елементи на второстепена пластика во комбинација со камени фасадни зидови што зборува за значењето на селото во тоа време . Објектот има историски, архитектонски и уметнички вредности, релативно добро сочуван.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **3.** |   |

| | |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| Адреса | / |
| катастарска арцела | КП 710 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 710 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Прва половина на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот се состои од приземје и кат.Граден е од камен кој е фугиран. Еден дел од фасадата е малтерисан и на бочната фасада се накнадно изведени надворешни скали.Прозорските отвори не се симетрично распоредени и се различни по димензии.На катот има врата која најверовантно служела за излез на балконот, но од некои причини тој денес не постои. Влезната врата во објектот е дрвена централно поставена со масивен дрвен надвратник. На прозорците има метални заштитни решетки На бочната фасада на објектот има накнадно изведени скали.

***Конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

средна

***Вредности на објектот:***

Објектот изградени од камен, карактеристични за селата во Потпелистериeто. Поседува архитектонско-етнолошки и традиционално техничко-технолошки вредности во смисла на конструкцијата и употребените градежни материјали. Од аспект на автентичност истиот не е автентично сочуван бидејќи врз него се вршени дополнителни градежни интервенции. Од аспект на автентичност истиот не е автентично сочуван,

| **Р. бр.** **4.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП726/4 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 726/4 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот е изграден на почетокот на 20 век. Истиот е изграден од камен и има приземје и кат. Влезната врата во објектот е централно поставена во однос на балконот на катот , прозорците се симетрично распоредени со метални заштитни решетки.На фасадата на објектот (во приземјето) има декоративни појаси вертикално и хоризонтално поставени ,хоризонталниот појас се наоѓа меѓу приземјето и катот додека вертикалните се сретнуваат од двете страни на прозорците и вратата влезна во објектот . На катот на горниот дел од прозорците и балконската врата има плитка декорација во малтер.

Во дворот на објектот има уште еден објект изграден исто така од камен кој служел за чување на стока и разни земјоделски производи за потребите на домаќинството и стоката.

***конструктивен систем и употребени материјали***

објект изграден од камен

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Средна

***Вредности на објектот:***

Објектот припаѓа на симетричниот тип на станбени објекти изградени од камен, карактеристични за селата во Потпелистериото. Поседува архитектонско-етнолошки и традиционално техничко-технолошки вредности во смисла на конструкцијата и употребените градежни материјали.

| **Р. бр.**<br>**5.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 728/2 |
| опис на содржините | Домување |

| | |
|---|---|
| граници | Во граници на КП 728/2 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Први децении на 20 век |

***Архитектонско стилски особености:***

**Образложение:**

Објектот има приземје и кат.Прозорските отвори се симетрично распоредени на приземјето и катот . Влезната врата во објектот е централно поставена во однос на балконот кој се наоѓа на катот.Фасадата на објектот е поделена по хоризонтала и вертикала. По вертикала истата е поделена со плитките канелирани пиластри и од двете страни на прозорците и балконската врата плитки декорирани појаси во малтер, додека по хоризонтала појаси во целата висина на фасадата кои се повторуваат три пати. Декорација се сретнува и над прозорските отвори.

***конструктивен систем и употребени материјали***

масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

добра

***Образложение за вредностите на објектот*:**

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение или објекти со централен распоред, изграден под влијание на градската архитектура.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **6.** |   |

| | |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | СелоДихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 730 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 730 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот со својата местоположба и поставеност (покрај патот) и сместен на височинка доминира во овој дел од селото. Истиот има симетрично распоредени отвори со заштитни решетки. Влезната врата во истиот е симетрично поставена во однос на балконот на катот.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

добра

***Образложение за вредностите на објектот:***

Објектот припаѓа на станбени објекти со централен распоред, симетрија на отворите. Поседува традиционални техничко-технолошки вредности во смисла на конструкцијата и употребените материјали. Од аспект на автентичност истиот не е автентично сочуван, бидејќи врз него се вршени одредени дополнителни интервенции .

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**7.** | <br> |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 731 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 731 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот има приземје и кат.Истиот е изграден од камен (се гледа на бочната фасада) која не е малтерисана и се гледа камен кој е фугиран.На оваа фасада има и прозорци со заштитни решетки. Фасадата во некој период на постоење на објектот била малтерисана и украсена со декоративни елементи(на катот), додека на приземјето малтерот на истата е со имитација на тесаници во малтер. На катот во целата негова ширина поставена е декорирана рамка од малтер која ја има и под прозорските отвори и на двете страни од истите.Влезната врата е симетрично поставена во однос на балконот на катот.Прозорските отвори се симетрично распоредени со декорации од двете страни.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

Домување

***степен на зачуваност***

добра

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение или објекти со централен распоред, изграден под влијание на градската архитектура.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**8.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект –двокуќа |
| Локација | Село Дихово |

| | |
|---|---|
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 735/2 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 735/2 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот е двојна куќа (двокуќа ) се состои од приземје и кат. Едната половина од објектот е обновен поставени се надворешни метални скали. Изграден е од камен кој е фугиран , а на аглите на истиот има камени тесани блокови. Прозорските отвори се симетрично распоредени како на приземјето така и на катот .

Другата половина од истиот објект по својата форма и висина е идентичнасо симетрично распоредени прозорски отвори како и централно поставена влезна врата на овој дел од објектот во однос на балконот на катот.Оваа половина на објектот е измалтерисана и со сочуван изглед на фасадата .

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Средна

***Образложение за вредностите на објектот:***

Објектот поседува карактеристични елементи од градска архитектура, што се огледува во симетрично поставената влезна врата, симетрично распоредените прозорски отвори, нивната форма и големина, како и со декорации од двете страни на истите кои покрај архитектонските му даваат и не многу наметливи естетски вредности. Објектот има техничко-

технолошки вредности со оглед на тоа дека е употребен традиционален материјал и техники на градење.

| **Р. бр.**<br>**9.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 979 |
| опис на содржините | домување |
| граници | Во граници на КП 979 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот има приземје и кат.Зидан е од камен. Каменот кој се гледа на фасада е фугиран . На аглите на објектот (на еден дел) има употреба на камени тесани блокови, додека на другиот дел нема. Отворите на едниот дел од објектот се симетрично распоредени со скромна декорација околу нив. Влезната врата е централно поставена , а над неа има балкон . На прозорските отвори на приземјето и катот има метални заштитни решетки .Другиот дел од објектот е со помали димензии и со идентични декоративни елементи околу прозорските отвори кои не се симетрично поставени.Објектот е напуштен.

***конструктивен систем и употребени материјали***

објект граден од камен

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

средна

***Образложение на вредноста на објектот:***

Еден од ретките објекти во селото од типот на братска куќа или двокуќа со несиметрично архитектонско решение.Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали. Вредностите се историско-етнолошки и техничко-технолошки.

| **Р. бр.**<br>**10.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 997/1 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 997/1 |
| автор | Непознат |

| | |
|---|---|
| време на настанување | 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот има приземје и кат. Отворите се симетрично распоредени отвори со заштитни решетки на истите. Влезната вратата во објектот е централно поставена во однос на балконот кој се наоѓа на катот на објектот.

Целокупниот изглед на објектот кој најверoватно е реновиран ги има карактеристиките на објект од средината на 20 век.

***конструктивен систем и употребени материјали***

масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Добра

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение, карактеристичен за архитектурата во сите села на Потпелистерието.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

| Р. бр. 11. |  |
|---|---|
| назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | |
| катастарска парцела | КП 1016/2 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 1016/2 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Концепциски објектот е решен како старите камени објекти во селото. Најверователно во текот на постоењето на објектот истиот бил реконструиран со што го добил денешниот изглед. Истиот има приземје и кат.Отворите на приземјето во однос на оние на катот не се симетрично распоредени.На истите има поставено метални заштитни решетки. Влезната врата во објектот е симетрично поставена во однос на балконот на катот.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Камен објект

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Добра

***Образложение на вредноста на објектот:***

Станбен објект од типот на симетрично архитектонско решение, карактеристичен за селската архитектура. Од аспект на конструкција автентично применета е традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали на ова поднебје. Кај истиот, применети се и накнадни градежни интервенции - малтерисување на камените фасадни ѕидови. Вредностите се историско-етнолошки и техничко-технолошки, но не е автентично сочуван.

| **Р. бр.** **12.** |  |
|---|---|
| назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1018 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 1018 |
| автор | Непознат |

| | |
|---|---|
| време на настанување | почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот има приземје и кат.Прозорските отвори на истиот се асиметрично распоредени за разлика од повекето објекти во селото каде истите се со симетричен распоред.Околу нив има дрвени опшиви како и метални заштитни решетки. Влезната врата во објектот е централно поставена, а балконот кој е на катот подпрен е на масивни кружни столбови.Граден е на почетокот на 20 век.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Камен објект

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Средна

***Образложение за вредностите на објектот:***

Скромен станбен објект карактеристичен за селската архитектура. Од аспект на конструкција автентично применета е традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали за ова поднебје. Кај истиот, применети се и накнадни градежни интервенции - малтерисување на камените фасадни Ѕидови. Вредностите се историско-етнолошки и техничко-технолошки.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **13.** |   |
| назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1029 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 1029 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век (1923год) |

***Архитектонско стилски особености:***

**Образложение:**

Објектот е граден по примерот на градските куќи што укажува на финансиската моќ на лугето што живееле тука, како и за развиеноста на селото во одреден период на неговото постоење.Истиот е граден од камен кој е фугиран со камени тесани блокови на аглите на истиот.

Објектот има приземје и кат. Прозорски отвори симетрично распоредени со околупрозорски венци како и заштитни решетки на истите.Влезната врата е симетрично распоредена во однос на балконот кој е на катот. Објектот има и нагласен тимпанон во центарот на истиот во кружна форма се испишани во малтер податоци за времето на градба на објектот и неговите сопственици со следниот текст

(БРАЧА ВАНКОВИЧ С.ДИХОВО 10.В.1923)

***конструктивен систем и употребени материјали***

Камен објект

***претходни интервенции***

***Состојба***

Средна

***Образложение за вредностите на објектот:***

Објектот е граден под влијание на градската архитектура. Архитектонско стилските особини во однос на волуменот и решението, отворите и начинот на обработката на фасадата и декорацијата во малтер го потврдуваат влијанието на градската архитектура. Автентично сочувана конструкција, со традицинална техника и материјали. Вредностите на објектот се архитектонско-естетски и техничко-технолошки. Во глобала истиот е автентично е сочуван.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**14.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | СелоДихово |
| Адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1030 |
| опис на содржините | домување |
| Граници | Во граници на КП 1030 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | Први децении на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености***

По своите димензии објектот е еден од поголемите во селото истиот е поставен на издигнатиот дел од парцелата. Објектот се состои од приземје и кат со симетрично распоредени прозорски отвори (на еден дел од објектот истите имаат дрвени опшиви). На катот има мал балкон кој за разлика од повекето објекти во селото не е симетрично поставен во однос на влезната врата.На фасадата на објектот има скромни плитки апликации во малтер поставени околу прозорците во централниот дел на фасадата.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот се вршени интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

добра

***Образложеие за вредноста на објектот:***

Еден од поголемите по димензии објекти во селото Дихово кој има комбинирани архитектонски карактеристики меѓу објект од традиционалната архитектура и елементи од градска архитектура.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**15.** | <br> |
| Назив | Индивидуален станбен објект |

| | |
|---|---|
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1037/2 |
| опис на содржините | домување |
| граници | Во граници на КП 1037/2 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Во текот на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Еден од ретките објекти во селото кој е приземен,и е изграден на агол меѓу две улици. Истиот има симетрично распоредени прозорски отвори со околупрозорски декорации . Декорацијата се повторува и на влезната врата на објектот. Од двете страни на истата има декорации од флорални елементи . Објектот е граден по примерот на градските објекти што зборува за финансиската моќ на населението и значењето на селото во одреден период.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објект изграден од камен

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

добра

***Вредности на објектот:***

Објектот припаѓа на станбени објекти со, централно поставени надворешни скалишта. Поседува традиционални - техничко-технолошки вредности во смисла на конструкцијата и употребените материјали. Од аспект на автентичност истиот е релативно автентично сочуван.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**16.** | <br><br> |
| Назив | Верски објект – црква |
| локација | СелоДихово |
| адреса | / |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| катастарска парцела | КП 1039/1 |
| опис на содржините | Верски |
| граници | Во граници на КП 1039/1 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Прва половина на 19 век (1830) |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Црквата е подигната во 1830 година и е една од најрано изградените цркви во битолско и во Македонија, кои му припаѓаат на периодот на националното будење и преродба на македонскиот народ.

Во овој период, со се поизразено слабеење на Отоманската империја, на политички и економски план, граѓанската класа и младата македонска буржоазија, направија вистински подем во градежната дејност, градејќи монументални објекти со различна намена. За верските објекти од овај период е карактеристично што доминираат градби од типот на трибродни псевдобазилики, каква што е и црквата „Св.Димитрија" во с.Дихово. Таа има и камбанарија над западниот влез а апсидата и е петнаесеттострана - со лачно вдлабнати страни. На висина над прозорецот таа преминува во петтострана.

Нејзината основа е 8,4м х 17,72м , од кои е апсидата за 1,2м надвор од таа должина и камбанаријата на запад за 2,5м. Дебелината на Ѕидовите е 1,0м а висината на црквата од подор во наосот до таванот на средниот брод е 5,75м. Страничните бродови се високи 4,35м.

Поделбата на три брода е направена со две колони од по четири столба. На двата крајни источни столбови е поставен иконостасот. Над средниот брод е изведен полукружен свод додека во страничните бродови се изведени рамни тавани на понисо ниво од сводот.

Покривот е двоводен со засечено слеме кон исток и запад со што се формираат трапезни калкани. Апсидата има кров во форма на низок полуконус.

Ѕидовите на црквата, полукуполата над апсидата и нишите, лаковите над прозорците се масивна конструкција. Совладувањето на распоноите ппомеѓу Ѕидовите како и над вратите и прозорците е архитравно. Кровната конструкција е систем столица.

Ѕидаријата на аглите од црквата, калканските прозорци, апсидата и подкровниот венец е изведена од делкан камен а на останатите делови од приделкан и обичен камен. Во помала мера е употребувана тула и тоа во Ѕидањето на лачните отвори и декорацијата на апсидата. Крвната конструкција е дрвена. Фасадите се обработена со дерсована фуга од варов малтер а фасадата на апсидата е од правилно обликуван камен.

Кровниот покривач некогаш бил од камени плочи а сега е од пресована ќерамида, освен над апсидата каде е заменет со поцинкуван лим.

***конструктивен систем и употребени материјали***

објект изграден од камен

***претходни интервенции***

На објектот се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

верски објект

***степен на зачуваност***

добра

***Образложение за вредностите на објектот:***

Црквата по својот изглед големина и тип на градба ги поседува сите карактеристики за времето на нејзината градба како и местото во кое е градена.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **17.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |

| | |
|---|---|
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1039/2 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 1039/2 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век (1923)год |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот е граден по примерот на градските куќи што укажува на финансиската моќ на лугето што живееле тука, како и за развиеноста на селото во одреден период на неговото постоење.Истиот е граден од камен кој е фугиран во комбинација со тула. Фасадите на истиот се со камени тесани блокови на аглите .

Објектот има приземје и кат. Прозорски отвори симетрично распоредени со околупрозорски венци скромно профилирани како и заштитни решетки на истите.Влезната врата е симетрично распоредена во однос на балконот кој е на катот. Објектот има и нагласен тимпанон во центарот на истиот во кружна форма се испишани во малтер податоци за времето на градба на објектот и неговиот сопственик.

(ВАСИЛ Д. ОНЧЕВИЧ 25.VII .1923)

Еден од поубавите и добро сочуван објект во селото.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Масивен систем на градба

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

Домување

***степен на зачуваност***

добра

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение или објекти со централен распоред, изграден под влијание на градската архитектура. Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали. Вредностите на истиот се историско-етнолошки и техничко-технолошки. Автентично е сочуван.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **18.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1040 |
| опис на содржините | Домување |

| | |
|---|---|
| граници | Во граници на КП 1040 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот е издигнат на неколку скали. Има приземје и кат. Прозорските отвори се симетрично распоредени со околупрозорска декорација која е различна на приземјето и катот. На прозорците на катот се наоѓаат убаво профилирани прави надпрозорници. Објектот е граден од камен кој е фугиран со употреба на камени тесаници на ќошевите. На прозорците има декоративни заштитни решетки.

***конструктивен систем и употребени материјали***

камен објект

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

лоша

***Образложение за вредностите на објектот:***

Објектот е со симетрично поставената влезна врата, симетрично распоредените прозорски отвори, нивната форма и големина, како и со декорации од двете страни на истите кои покрај архитектонските му даваат и не многу наметливи естетски вредности. Објектот има техничко-технолошки вредности со оглед на тоа дека е употребен традиционален материјал и техники на градење.Истиот автентично е сочуван.

| **Р. бр.**<br>**19.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1017 |
| опис на содржините | домување |
| граници | Во граници на КП 1017 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот има приземје и кат.Прозорските отвори на истиот се симетрично распоредени со плитка декорација околу истите на кој има и метални заштитни решетки.Влезната врата во објектот е симетрично поставена во однос на балконот на катот над кој се наоѓа масивен тимпанон. Во целата ширина поставена под кровот има плитки декорации. Објектот со својот изглед и декоративни елементи е граден по примерот на објектите од градската архитектура.

***конструктивен систем и употребени материјали***

објект граден од камен

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

лоша

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објект изграден од камен, со елементи од градска архитектура. Од аспект на конструкција објектот има традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали што ги потврдува техничко-технолошките вредности на истиот.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**20.** |  |
| назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | |
| катастарска парцела | КП 1031 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 1031 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток 20 век (1929) |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот е граден по примерот на градските куќи што укажува на финансиската моќ на лугето што живееле тука, како и за развиеноста на селото во одреден период на неговото постоење.Истиот е граден од камен кој е фугиран  во комбинација со тула (која се гледа на бочната негова фасада). Фасадите на истиот се со камени тесани блокови на аглите. Прозорските отвори на приземјето и катот се симетрично распоредени со околупрозорски профилирани венци на катот.На катот на кошовите има плитки рамни пиластри.Влезната врата во објектот е  централно поставена во однос на балконот кој е на катот.Над балконската врата на истиот е напишана годината на градба на истиот 1929 год.На прозорците има и заштитни метални решетки.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објект граден од камен

***претходни интервенции***

На објектот не  се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Добра

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение, карактеристичен за објектите од типот на градска  архитектурата во Потпелистерието. Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали. Вредностите на истиот се историско и техничко-технолошки.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство

| **Р. бр.**<br>**21.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| Адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1029 |
| опис на содржините | Домување |
| Граници | Во граници на КП 1029 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | Средина на 20 век (1942) |

**Образложение:**

**Архитектонско стилски особености:**

Објектот е граден по примерот на градските куќи што укажува на финансиската моќ на лугето што живееле тука, како и за развиеноста на селото во одреден период на неговото постоење.Објектот има приземје и кат.Прозорските отвори на приземјето и катот се симетрично распоредени. Под балконот на катот се наоѓа влезната врата во објектот. Над балконската

врата испишани во малтер се и иницијалите (најверовантно) на сопственикот на објектот како и годината на градба на истиот 1942 г.

Фасадата на објектот е поделена по вертикала со плитки декорации од страните на прозорците и на ќошовите на истиот, додека по хоризонтала тој е поделен во делот меѓу катовите , додека под кровот во целата негова ширина поставена има плитки декорации .

**конструктивен систем и употребени материјали**

Објект од камен

**претходни интервенции**

На објектот се вршени претходни интервенции

**поранешна и сегашна намена**

Домување

**степен на зачуваност**

Средна

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение, карактеристичен за објектите од типот на градска архитектурата во Потпелистерието. Вредностите на истиот се историско и техничко-технолошки.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**22.** | <br> |
| Назив | Индивидуален станбен објект |

| | |
|---|---|
| Локација | Село Дихово |
| Адреса | / |
| катастарска парцела | КП 1032 |
| опис на содржините | Домување |
| Граници | Во граници на КП 1032 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

**Архитектонско стилски особености:**

Објектот претставувал станбен објект од приземје и кат, изграден од камен, финално обработен со малтерисување на надворешните ѕидови. Заради негрижа на сопственикот денес објектот е руиниран и запуштен дрвенаријата е извадена.Истиот има симетрично распоредени прозорски отвори на приземјето и катот.Прозорските отвори на катот имаат околупрозорски декорации. Исто така на катот има и плитки пиластри симетрично распоредени на целиот кат.Влезната врата на објектот е централно поставена.На прозорските отвори на објектот имало метални заштитни решетки. Во северниот дел на дворот се наоѓа уште еден станбен објект изграден исто така од камен кој ја изгуби својата автентичност поради доградување кон исток, со што сега е добиен објект со основа во форма на „Г", чиј еден крак оди паралелно со основата на првонаведениот автентично сочуван објект. Камениот ограден ѕид кој ја врамувал целата парцела и го заокружувал целиот изглед во последниве години е разрушен и парцелата со овие два објекти е отворена кон улицата..

**конструктивен систем и употребени материјали**

Објект од камен

**претходни интервенции**

На објектот се вршени претходни интервенции

**поранешна и сегашна намена**

Домување

**степен на зачуваност**

Средна

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение, карактеристичен за објектите од типот на градска архитектурата во Потпелистериeто. Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали. Вредностите на истиот се историско и техничко-технолошки

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **23.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| Адреса | |
| катастарска парцела | КП 728/1 |
| опис на содржините | Домување |
| Граници | Во граници на КП 728/1 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | Во текот на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објектот е изграден на почетокот на 20 век. Истиот има основа во правоаголна форма и се состои од приземје и кат. Овој станбен објект спаѓа во објектите со централен распоред, што е карактеристично за селата во Потпелистериeто. Влезната врата во објектот е централно поставена, над неа има централно поставен балкон со ограда од ковано железо, а прозорците се симетрично распоредени. Во дворот на објектот има помошен приземен објект со неправилна основа која го следи обликот на парцелата.Помошниот објект е изграден од камен и служел за чување на стока и разни земјоделски производи. Дворот е заграден со камен ѕид кој ја врамува оваа станбена и стопанска целина.Денес, двата објекти се напуштени, но го имаат сочувано автентичниот изглед. Станбениот објект е релативно добро зачуван, а помошниот е разрушен.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објект изграден од камен, со дрвена меѓукатна конструкција и употребен кален и варов малтер како врзивен материјал.

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување и стопанисување

***степен на зачуваност***

Станбениот објект физички е сочуван, додека стопанскиот е во разрушена состојба.

***Вредности на објектот:***

Двата објекти оформуваат една станбено- стопанска целина. Станбениот објект припаѓа на станбените објекти со централен распоред и прецизна симетрија на отворите. Помошниот објект кој е во лоша состојба го надополнува амбиентот на селскиот двор. Оваа станбена и стопанска целина поседува традиционални техничко-технолошки вредности во смисла на конструкцијата и употребените материјали. Од аспект на автентичност станбениот објект е автентично сочуван, со исклучок на дополнитено поставената натстрешница од лим на балконот.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**24.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | / |
| катастарска парцела | КП 980 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 980 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Станбениот објект на оваа парцела е изграден на почетокот на 20 век. Истиот има правоаголна основа и се состои од приземје и кат, со масивно изградени надворешни Ѕидови од од камен. Влезната врата во објектот е централно поставена,над неа има централно поставен балкон, а прозорците се симетрично распоредени. Дворот на овој станбен објект е заграден со жива ограда која го заокружува целиот изглед. Објектот е релативно добро зачуван, во смисла на физичката состојба и автентичноста,со исклучок на поставената нова натстрешница на балконот.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објектот е граден од традиционални градежни материјали кои се наоѓаат во непосредната околина:камен, дрво и земја.

Меѓукатната и кровната конструкција се направени од дрво.

***претходни интервенции***

Врз објектот се превземени минимални дополнителни интервенции.

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

добра

## *Образложение на вредноста на објектот:*

Автентично сочуван објект од типот на објекти соцентрален распоред, односно симетрично архитектонско решение, карактеристичен за архитектурата во сите села на Потпелистериeто. Од аспект на конструкцијата применета е традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали.Вредностите на истиот се архитектонски, историско-етнолошки и техничко-технолошки.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **25.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |

| | |
|---|---|
| Локација | Село Дихово |
| адреса | |
| катастарска парцела | КП 989 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 989 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Овој објект е изграден од камен како и повеќето објекти во селото Дихово.

На некои делови од објектот има примена на тула. Неговата основа е во форма на буквата „Г" . Објектот има приземје и кат и е изграден на почетокот на 20.век.

Скалите кои водат на катот на објектот се дрвени надворешни. Прозорските отвори се симетрично распоредени со надпрозорници од тула и дрвени опшиви околу истите.на прозорците има и метални заштитни решетки . Непосредно до објектот се наоѓа помошен стопански објект изграден од камен и дрво и изглед карактеристичен за ваков тип објекти

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објект граден од камен, дрво, кален и варов малтер, со применета карактеристична бондручна конструкција на спратот.

***претходни интервенции***

На објектот се вршени интервенции во смисла на поставување на натстрешница над надворешните скали кои се накнадно направени.

***поранешна и сегашна намена***

домување

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

*степен на зачуваност*

Средна

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на селски куќи со основа во форма на „Г”. Применети се традиционалните материјали и традиционалната техника на градење со дрвена конструкција. Вредностите на истиот се историско-етнолошки и техничко-технолошки. Релативно автентично е сочуван.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**26.** |  |
| Назив | Заеднички станбен објект – „братска куќа” |
| Локација | Село Дихово |
| Адреса | |
| катастарска парцела | КП 994 |
| опис на содржините | Домување |
| Граници | Во граници на КП 994 |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | Средина на 20 век |

**Образложение:**

**Архитектонско стилски особености:**

Карактеристична братска куќа која се состои од три еднакви делови- трокуќа, вертикално издвоени, во кои живееле оддвоено три фамилии. Објектот има правоаголна основа, се состои од приземје и спрат и секој дел има свој посебен влез и скали кои водат на катот.

Објектот е релативно добро сочуван со сите карактеристични елементи за ваквиот тип објекти кои ретко се сретнуваат во Потпелистерските села. Надворешните Ѕидови се од фугиран камен. Прозорските отвори се симетрично распоредени и декоративно обработени со печена тула.

Објектот е сместен во голем двор во кој се наоѓаат и помошни објекти.

**конструктивен систем и употребени материјали**

Објект од камен , дрво, земја и малтер, со дрвена меѓукатна и кровна конструкција.

**претходни интервенции**

На објектот се вршени своеволни градежни интервенции во последниве неколку години. На западниот крај на оваа куќа еден од сопствениците интервенирал врз објектот со дислоцирање на скалите од внатрешниот ходник и поставување на главната фасада на објектот, со што ја нарушил автентичноста на објектот, со цел физичка делба на неговата станбена целина што долево до девалвирање на истиот.

**поранешна и сегашна намена**

***станбена***

**степен на зачуваност**

Средна

***Образложение на вредноста на објектот:***

Братските куќи се објекти не само со архитектонски специфичности туку и со традиционални вредности и карактеристики. Ваквите куќи ретко ги има во селата на Потпелистерието. Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали. Вредностите на истиот се пред се етнолошки, историски и техничко-технолошки. Начинот на живот на пошироката фамилија под ист кров потекнува и е карактреистичен за семејните задруги и многубројните, многудетните фамиии кои се бавеле со земјоделство. Објектот автентично е сочуван и делумно е изменет во една од неговите целини. Братските објекти освен другите вредности имаат нагласена етнолошка вредност. Кај овој објект не е занемарлива и ликовната вредност што е доловена со декорацијата изведена во печена тула околу прозорските отвори на објектот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА Управа за заштита на културното наследство СКОПЈЕ

| **Р. бр.** **27.** |  |
|---|---|
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| адреса | |
| катастарска парцела | КП 1005 |
| опис на содржините | |
| граници | Во граници на КП 1005 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Почеток на 20 век (1920) |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Овој објект е изграден од камен како и повеќето објекти во селото Дихово.

Неговата основа е во форма на буквата „Г"и истиот има форма на двојна куќа (двокуќа) со два оделни влезови .На катот има и два балкони едниот е дрвен а другиот е со метална декоративна ограда

Објектот има приземје и кат и е изграден во почетокот на 20 век односно 1920 година која е напишана на бочната фасада на објектот . Има симетрично распоредени прозорски отвори со околупрозорски декорации на кои има примена на чивит боја која се сретнува на објектите во селото.На нив има и метални заштитни решетки.Објектот е напуштен и неодржуван.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објект изграден од камен

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување /напуштен објект

***степен на зачуваност***

Лоша

***Образложение на вредноста на објектот:***

Објектот го претставува типот на симетрично архитектонско решение, карактеристичен за архитектурата во сите села на Потпелистериeто. Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционалните материјали. Вредностите на истиот се историско-етнолошки и техничко-технолошки. Автентично е сочуван.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.**<br>**28.** | <br> |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| Локација | Село Дихово |
| Адреса | |
| катастарска | КП 1006/2 , |

| | |
|---|---|
| парцела | |
| опис на содржините | Домување |
| Граници | Во граници на КП 1006/2 , |
| Автор | Непознат |
| време на настанување | На почетокот на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објект лоциран во долг двор во кој се наоѓаат и два новоизградени објекти. Објектот кој се предлага да биде заштитен е еден од постарите во селото и поставен е со западната фасада на уличната линија. Се состои од приземје и два ката и претставува единстен со таква спратност во селото. Изграден е од камен, со клесани тесаници на аглите од објектот. Западната фасада има само два отвори, а источната фасада има симетрично поставени прозорски отвори, централно поставен влез и балкони на секој кат кои се потпирале на конзоли од лиено железо и со огради од ковано железо. При последниот увид констатирано е дека балконските огради и конзолите се извадени од страна на сопствениците . Објектот има симетричен распоред на собите околу централниот ходник. Веќе подолго време не се користи за живеење, туку како помошен објект, а превземените интервенции во екстериерот значајно го девалвирале истиот, но и покрај тоа може да се рече дека овој објект со воочливо градско влијание врз архитектонските детали на главната фасада е релативно автентично сочуван.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Објектот има дрвена меѓукатна и кровна конструкција. Употребените материјали се камен, дрво, земјен и варов малтер и применета бондручна конструкција за внатрешните Ѕидови.

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени интервенции во ентериерот, но екстериерот после отстранувањето на баконската ограда од ковано железо и конзолите од лиено железо на првиот и вториот кат значајно е девалвиран.

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

Средна

***Образложение на вредноста на објектот:***

Единствен сочуван објект во селото кој се состои од приземје и два ката, со централен или симетричен распоред на просториите. И покрај девалвираноста на главната т.е. источната фасада постои можност за враќање во неговата првобитна состојба и зачувување на истиот со оглед на тоа што е сочувана неговата меѓукатна конструкција. Од аспект на конструкција автентично е сочувана традиционалната техника на градење и применети се традиционални градежни материјали. Вредностите се архитектонски, историско-етнолошки и техничко-технолошки. Автентично се сочувани сите фасади со исклучок на главната, заради веќе наведените причини.

| | |
|---|---|
| **Р. бр.** **29.** |  |
| Назив | Индивидуален станбен објект |
| локација | Село Дихово |
| адреса | |
| катастарска парцела | КП 1007 |
| опис на содржините | Домување |
| граници | Во граници на КП 1007 |
| автор | Непознат |
| време на настанување | Средина на 20 век |

**Образложение:**

***Архитектонско стилски особености:***

Објект од приземје и кат изграден од камен со појани греди и бондручна конструкција и несиметрично распоредени отвори со дрвени опшиви.на аглите на истиот има поставени масивни камени тесаници. Денес објектот е напуштен и руиниран во лоша физичка состојба.Граден е во средината на 20 век.

***конструктивен систем и употребени материјали***

Камен објект

***претходни интервенции***

На објектот не се вршени претходни интервенции

***поранешна и сегашна намена***

домување

***степен на зачуваност***

делумно срушен

***Образложение на вредноста на објектот:***

| 7 | **Е -** инфраструктура | **Е1 -** комунална инфраструктура | 7,21 | | 9,99% | |
| | **ВКУПНО** | | **72,18** | | **100%** | |

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО
# ОПШТИНА БИТОЛА

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПОВРШИНА: 72.18 ха

РУЖА НА ВЕТРОВИ




| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ<br>БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА<br>WWW.IVANOVENG.COM.MK | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА БИТОЛА | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095<br>НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 | ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443 |
| СОРАБОТНИЦИ | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА диа<br>СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа | ПАВЛЕ ХРИСТОВ диа |
| ПРИЛОГ | ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РМ | |

| ТЕХ. БРОЈ | ДАТУМ | ЛИСТ |
|---|---|---|
| 0801-01-04/17 | 04.2017 | 1 |

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

---

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

**Користење на земјиштето** *Карта бр. 20*

---

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## ***Систем на населби и сообраќајна мрежа***

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

**Образование**
- Средно
- Вишо
- Високо

**Здравствена заштита**
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

**Оски на развој**
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## ***Водостопанска и енергетска инфраструктура***

*Карта бр. 23*

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*

## ***Реонизација и категоризација на просторот за заштита*** *Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини






| | |
|---|---|
| | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО<br>ОПШТИНА БИТОЛА |
| ДЕЛ | ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА |
| РАЗМЕР | 1 : 10000 |
| ПОВРШИНА | 72.18 ха |

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ОПШТИНА
- ТРАСА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ

N = 142 ‰
NE = 120 ‰
NW = 81 ‰
W = 74 ‰
234 ‰
E = 56 ‰
SW = 37 ‰
S = 82 ‰
SE = 114 ‰

| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ<br>БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА БИТОЛА | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095<br>НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 | ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443 |
| СОРАБОТНИЦИ | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА диа<br>СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа | ПАВЛЕ ХРИСТОВ диа |
| ПРИЛОГ | МЕСТОПОЛОЖБА И ПОШИРОКО СООБРАЌАЈНО ОПКРУЖУВАЊЕ НА СЕЛОТО | |
| ТЕХ. БРОЈ | 0801-01-04/17 | ДАТУМ 04.2017 — ЛИСТ 2 |



# ЛЕГЕНДА

- катастарска евиденција
- снимена положба на лице место
- коти на терен
- опфат
- граница на катастарска општина
- објект
- црква
- знак за припадност
- гробишта
- базен

| | |
|---|---|
| | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО<br>ОПШТИНА БИТОЛА |
| ДЕЛ | ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА |
| РАЗМЕР | 1 : 2500 — ПОВРШИНА 72.18 ха |
| ЛЕГЕНДА | |
| | ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ |

РУЖА НА ВЕТРОВИ

N = 142 ‰, NE = 120 ‰, E = 56 ‰, SE = 114 ‰, S = 82 ‰, SW = 37 ‰, W = 74 ‰, NW = 81 ‰, 234 ‰

| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ<br>БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА БИТОЛА | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095<br>НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 | ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443 |
| СОРАБОТНИЦИ | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА диа<br>СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа | ПАВЛЕ ХРИСТОВ диа |
| ПРИЛОГ | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | |
| ТЕХ. БРОЈ | 0801-01-04/17 — ДАТУМ 04.2017 | ЛИСТ 3 |




| ред. бр. | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | | површина (ха) | | процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | група на класи на намени | основна класа на намени | | | | |
| 1 | **А -** домување | **А1** - домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско-стопански двор; | 33,25 | 33,64 | 46,06% | 46,60% |
| | | **А4** - времено сместување | 0,39 | | 0,55% | |
| 2 | **Б -** комерцијални и деловни намени | **Б1 -** мали и комерцијални дејности | 0,29 | 0,76 | 0,40% | 1,05% |
| | | **Б5 -** хотели | 0,47 | | 0,65% | |
| 3 | **В -** јавни институции | **В1 -** образование и наука | 0,26 | 0,33 | 0,36% | 0,46% |
| | | **В5 -** верски институции | 0,08 | | 0,10% | |
| 4 | **Г -** производство, дистрибуција и сервиси | **Г2** - лесна индустрија | 0,39 | | 0,55% | |
| 5 | **Д** - зеленило и рекреација | **Д3** - спорт и рекреација | 0,29 | 0,79 | 0,40% | 1,10% |
| | | **Д4 -** меморијални простори | 0,50 | | | |
| 6 | **Н3 -** неизградено земјиште | | 29,05 | | 40,25% | |
| 7 | **Е -** инфраструктура | **Е1 -** комунална инфраструктура | 7,21 | | 9,99% | |
| | **ВКУПНО** | | **72,18** | | **100%** | |

Билансни показатели

# УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДИХОВО ОПШТИНА БИТОЛА

ДЕЛ: ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

РАЗМЕР: 1 : 2500 | ПОВРШИНА: 72.18 ха

ЛЕГЕНДА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | | | | |
| | ГРАНИЦА НА ЗОНА СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО | | Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА: АСФАЛТИРАНА УЛИЦА | | ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦСИКА ИНФРАСТРУКТУРА |
| А1 | ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ; И ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ СО СЕЛСКО СТОПАНСКИ ДВОР | | Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА: ЗЕМЈЕН ПРИСТАП | | БАКАРЕН КАБЕЛ |
| | | | | | ОПТИЧКИ КАБЕЛ |
| А4 | ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ | | ВОДЕНИ ПОВРШИНИ - РЕКА - КАНАЛИ | | |
| Б1 | МАЛИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ | | ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА | | |
| Б5 | ХОТЕЛИ | | ВОДОВОД | | |
| В1 | ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | | ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА | РУЖА НА ВЕТРОВИ | |
| В5 | ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ | | СРЕДНОНАПОНСКИ НАДЗЕМЕН ВОД (10kV) | | |
| Г2 | ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА | | НИСКОНАПОНСКИ НАДЗЕМЕН ВОД (0.4kV) | | |
| Д3 | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | | Е2 - ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА (0.4/10kV) | | |
| Д4 | МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ: ГРОБИШТА | | | | |
| Н3 | НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | | | | |

N = 142 ‰
NE = 120 ‰
NW = 81 ‰
W = 74 ‰
234 ‰
E = 56 ‰
SW = 37 ‰
S = 82 ‰
SE = 114 ‰

| | | |
|---|---|---|
| ИЗРАБОТУВАЧ | ИВАНОВ инженеринг WWW.IVANOVENG.COM.MK<br>ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ<br>БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА | УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ диа |
| НАРАЧАТЕЛ | ОПШТИНА БИТОЛА | |
| ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ | САШКО ИВАНОВ диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095<br>НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА диа ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 | ДОБРИЦА НАСЕВИЌ ДИА ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443 |
| СОРАБОТНИЦИ | ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА диа<br>СТЕФАНИЈА ИВАНОВ диа диа | ПАВЛЕ ХРИСТОВ диа |
| ПРИЛОГ | ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ЗЕЛЕНИЛОТО, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
| ТЕХ. БРОЈ | 0801-01-04/17 | ДАТУМ 04.2017 |
| ЛИСТ | 4 | |

# ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## ВОВЕД

Изработката на планската документација Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, претставува континуитет на урбаниот развој во рамките на општината. Урбанизирањето односно условите за изградба и уредување на просторот од аспект на потребите за развој во рамките на планскиот опфат, претставува појдовен елемент во методолошкиот пристап при изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола.

Со изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола за период од 2016 до 2026 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно негово вклопување и активирање во можностите за функционалност, комплементарност, атрактивност, комуникативност и флексибилност како фрагмент од урбаната структура.

## 1. ВИД НА ПЛАНОТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Селото Дихово административно припаѓа на Општина Битола. Согласно член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), уредувањето и користењето на просторот во рамки на планскиот опфат на селото се врши со Урбанистички план за село.

Изработката на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на подрачјето на планскиот опфат, усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ како и со одобрената Планска програма за овој план.

За изработка на овој Урбанистички план за село применувани се актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18);
- Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15)
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Истражувајќи ги можните начини за организација и поставување на плански концепт за уредување на просторот во границата на планскиот опфат, применети се неколку принципи:

- Почитување на поставките на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
- Имплементација на Планската програма со дефинирање на единици на градежно земјиште за организација и изградба на објекти со предложената намена;
- Почитување на постојаната планска и проектна документација и надоврзување на истата;
- Применување на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање;
- Дефинирање на оптимален процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето;
- Дефинирање на оптимален капацитет на системите на комуналната инфраструктура и супраструктура.

Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола се изработува за плански период од 10 (десет) години односно за период од 2016 до 2026 година.

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

### 2.1. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ

Предложената планска концепција на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се базира на:

• Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
• Почитување на заклучните согледувања на Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;
• Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
• Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
• Надоградување на создадените вредности;
• Доследна примена на законската регулатива.

Границата и содржината на планскиот опфат се утврдени со Планската програма за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола (од 12/2016) изработена и донесена од страна на Општина Битола.

Дистрибуцијата на содржините во планскиот опфат се детерминирани од повеќе зададености на просторот кои условуваат одредени сообраќајни решенија и модуси на поврзување на поедините делови од планскиот опфат.

Во однос на наменските зони, доминантна е класата на намени А4 – времено сместување. Тоа во значителен дел претставува потврдување на постоечката изградена структура и логично надоврзување кон постоечката состојба.

Планирани се содржини од јавен карактер: јавни институции - објекти за образование, деловни простори, хотелски комплекси, верски објект, зони за спорт и рекреација и меморијални простори, кои треба да одговорат на барањата на постоечките и новите корисници.

Во село Дихово егзистира подрачно ООУ„Д-р Трифун Пановски"- Битола, за кое е предвидена наменска зона В1.

Во југоисточниот дел на селото се формирани меморијални простори, што всушност е и потврдување на постоечката состојба.

Дневното снабдување на граѓаните во селото и потребите од занаетчиски услуги се очекува да се задоволат во парцелите со намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени, како и во парцелите со намена А1, каде Б1 е компатибилна намена со максимален дозволен процент во однос на основната намена со 30 %.

Низ планскиот опфат на УПС Дихово поминува корито на река Драгор и река Мала Корија за кои во планската документација се предвидува регулација на нивното корито со профил од 6 метра и заштитен појас од 3 метра од двете страни на коритото.
Се предвидува регулација на корито на Суводолица 1 и Суводолица 2 со профил на корито од 4 метра и заштитен појас од 3 метра од двете страни на коритото.

- **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА**

Согласно Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година, во селото Дихово биле регистрирани вкупно 310 жители од кои 43 се деца на возраст до 14 години (14% од вкупниот број на жители).

Прирастот на населението за период од 15 години (од 2002год. до денес) е податок до кој што може да се дојде преку метод на апроксимација изведен со користење на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република

Македонија од 2002 година и анализа на постоечката состојба односно сублимација на инвентаризираниот градежен фонд и претпоставениот број на домаќинства.

Преку примена на демографски параметри врз апроксимативниот примерок и со метод на поставување на демографски рамки за развој во подрачјето кое за прв пат станува дел од градежната зона се доаѓа до планираниот број на жители за целото подрачје на планскиот опфат на УПС  Дихово.

Во опфатот на село Дихово инвентаризирани се околу 200 објекти за домување. Претпоставуваме дека во секој објект за домување има просечно 1 семејство со просечно 3,5 жители, и со овој метод добиваме околу **700 жители** (200*3,5=700).

Нето површината за домување која е ангажирана од објектите изнесува 33,25 ха. Од тука може да се добие податок за постоечка густина на населеност, па така, постоечката бруто густина на населеност изнесува 9,69 ж/ха, а постоечката нето густина изнесува 21,05 ж/ха.

Површината за домување во планскиот опфат се зголемува од 33,25 ха (површина на постоечка зона), на 35,69 ха, односно за 2,44ха.

Со цел постигнување на одржлив развој во планскиот период што меѓудругото подразбира и рационално оптоварување на инфраструктурата за новите површини се предвидува задржување на нето густината на населеност во однос на постоечката односно, вкупниот планиран број на жители во планскиот период од 2016 до 2026 година се предвидува да изнесува **751 жители**. Планираната просечна бруто густина на населеност изнесува 10,40 ж/ха, додека планираната просечната нето густина на населеност изнесува 21,04 ж/ха.

Планираниот број на жители во планскиот период претставува влезен параметар за планирање на комуналната инфраструктура која треба да се изгради и да ја оптимизира и надогради постоечката во село Дихово.

Бројот на жители е релевантен податок и при определување на намената на површините кои теба да одговорат на потребите за објекти од јавен интерес како што се основни училишта, градинки, потоа објекти за спорт и рекреација и сл., а согласно член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

- **ЗЕЛЕНИЛО**

Во насока на обезбедување на повисок стандард на домување, квалитет на работната средина и овозможување на начелото на одржлив развој, со урбанистичкиот план за село се дадени насоки за обезбедување на минимални површини со зеленило во рамки на единиците на градежно земјиште - блокови и градежни парцели кои ќе се формираат со урбанистичко-проектни документации во следна фаза.

Површините за зеленило претставуваат обврска за реализација и во рамки на наменските зони од другите класи на намени, во дворните места на објектите, со минимален процент кој што треба да се задоволи при формирање на градежните парцели, односно, при реалиација на градбите.

Така, во градежните парцели кои ќе се формираат со намена А – домување просечниот процент на зеленило изнесува 20%, 20% во парцелите до 1000 $м^2$ и 25% во парцелите со површина над 1000 $м^2$; во градежните парцели со намена од групите на класи на намени Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции минималниот процент на зеленило изнесува 20%; и Г - производство, дистрибуција и сервиси минималниот процент на зеленило изнесува 30%;
- во градежните парцели со намена Д3 - спорт и рекреација минималниот процент на зеленило изнесува 20%;

- во градежните парцели со намена  Д4 - меморијални простори минималниот процент на зеленило изнесува 20%.

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЗЕЛЕНИЛО НА НИВО НА ПЛАНСИ ОПФАТ | | просечен процент на зеленило во рамки на наменската зона | површина на зеленило во наменската зона | површина на зеленило по глава на жител | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | % | м² | м²/ж | |
| | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи<br>**А4** - времено сместување | 20% | 12733 | 16.96 | |
| | **Б - комерцијални и деловни намени**<br>**Б1** - мали комерцијални и деловни намени<br>**Б4** - деловни простори<br>**Б5** - хотелски комплекс | 20% | 57 | 0.08 | |
| | **В - јавни институции**<br>**В1** - образование и наука<br>**В5** - верски институции | 20% | 69 | 0.09 | |
| | **Г - производство, дистрибуција и сервиси**<br>**Г2** - лесна и незагадувачка индустрија | 30% | 730 | 0.97 | |
| | **Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** | | | | |
| | **Д1** - парковско зеленило | 100% | 2869 | 3.82 | 7.08 |
| | **Д3** - спорт и рекреација | 30% | 943 | 1.26 | |
| | **Д4** - меморијални простори | 30% | 1505 | 2.00 | |
| | ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО | | 2869 | 3.82 | |
| | ОСТАНАТО ЗЕЛЕНИЛО | | 16038 | 21.36 | |
| **ВКУПНО** | | | **18908** | **25.18** | |
| **ПЛАНИРАН БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ПЛАНСКИОТ ПЕРИОД** | | | 751 | | |

Според тоа, се доаѓа до показател за 25,18 м2 површина на зеленило по глава на жител во рамки на планскиот опфат, од кои 3,82 м2 по глава на жител од јавно зеленило, и 21,36 м2 на жител од останато зеленило.

## 2.2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

Планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:

- единици на градежно земјиште - блокови; и
- земјиште за општа употреба - секундарна улична мрежа и заштитно зеленило.

Наменската употреба на земјиштето и градбите е уредена на ниво на наменски зони.
Наменска зона е ограничена површина од градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето. Уредувањето на намената на земјиштето во урбанистичкиот план за село Диховосе врши со системот на класи на намени како инструмент со кој се врши класификација на дејностите и активностите во планскиот опфат.

Согласно целите дефинирани со Планската програма како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), со оваа планска документација се врши уредување на наменските зони со следните ознаки:

**А1 -** домување во станбени куќи;

**А4 –** времено сместување;

**Б1 -** мали комерцијални и деловни намени;

**Б4 -** деловни простори;

**Б5 -** хотелски комплекс;

**В1 -** образование и наука;

**В5 -** верски институции;

**Г2 –** лесна и незагадувачка индустрија;

**Д1 -** парковско зеленило;

**Д3 -** спорт и рекреација;

**Д4 -** меморијални простори (гробишта);

**Е1 -** комунална инфраструктра (сообраќајна инфраструктра)

Целокупната површината на планскиот опфат на УПС Дихово е поделена на единици на градежно земјиште - блокови. Во рамки на опфатот предвидени се **17 блока**, така што секој блок е со граници кои се совпаѓаат со границата на плански опфат или осовини на улици. За секој блок поединечно се дадени посебни услови систематизирани во табеларен приказ.

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 1** | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 1.35 | 85.30% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.23 | 14.70% |
| **ВКУПНО** | | **1.58** | **100.00%** |

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 2** | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 1.16 | 85.65% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.19 | 14.35% |
| **ВКУПНО** | | **1.35** | **100.00%** |

| | **НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ** | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 3** | **А** - домување<br>**А1** - домување во станбени куќи | 7.07 | 87.49% |
| | **Г - Производство, дистрибуција и сервиси**<br>Г2 - лесна и незагадувака индустрија | 0.24 | 3.01% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.77 | 9.49% |
| **ВКУПНО** | | **8.08** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 4 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 8.28 | 91.10% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.81 | 8.90% |
| **ВКУПНО** | | **9.09** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 5 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 3.34 | 88.39% |
| | **Б - комерцијални и деловни намени**<br>Б5 - хотелски комплекси | 0.17 | 4.55% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.27 | 7.06% |
| **ВКУПНО** | | **3.78** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 6 | **А - домување**<br>А1 - домување во станбени куќи | 3.81 | 76.98% |
| | **Б - комерцијални и деловни намени**<br>Б1 - мали комерцијални и деловни намени (пошта) | 0.05 | 1.05% |
| | **В - јавни институции**<br>В1 - образование и наука | 0.27 | 5.44% |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори**<br>Д1 - парковско зеленило | 0.29 | 5.80% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.53 | 10.74% |
| **ВКУПНО** | | **4.95** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 7 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 7.07 | 96.81% |
| | **Б - комерцијални и деловни намени**<br>Б4 -деловни простори | 0.06 | 0.86% |
| | **В - јавни институции**<br>В5 - верски институции (црква) | 0.08 | 1.05% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.09 | 1.28% |
| **ВКУПНО** | | **7.31** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 8 | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 7.78 | 95.40% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.38 | 4.60% |
| **ВКУПНО** | | **8.16** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 9 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 0.59 | 44.21% |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори**<br>Д4 - меморијални простори (гробишта) | 0.50 | 37.77% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.24 | 18.02% |
| **ВКУПНО** | | **1.33** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 10 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 0.76 | 65.47% |
| | **Е - инфраструктура**<br>Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.40 | 34.53% |
| **ВКУПНО** | | **1.16** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 11 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 2.32 | 78.73% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.63 | 21.27% |
| **ВКУПНО** | | **2.95** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 12 | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 0.29 | 36.54% |
| | **Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори**<br>Д3 - спорт и рекреација | 0.31 | 40.30% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.18 | 23.17% |
| **ВКУПНО** | | **0.78** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 13 | **А - домување**<br>**А1** - домување во станбени куќи | 2.45 | 89.08% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.30 | 10.92% |
| **ВКУПНО** | | **2.75** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 14 | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 8.75 | 94.10% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.55 | 5.90% |
| **ВКУПНО** | | **9.29** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 15 | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 2.51 | 85.49% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.43 | 14.51% |
| **ВКУПНО** | | **2.94** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 16** | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 0.84 | 83.77% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.16 | 16.23% |
| **ВКУПНО** | | **1.00** | **100.00%** |

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| **БЛОК 17** | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 5.30 | 93.31% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.38 | 6.69% |
| **ВКУПНО** | | **5.68** | **100.00%** |

Во следна фаза, спроведувањето на Урбанистичкиот план за село Дихово ќе се врши со изработка на планска, проектна и/или урбанистичко-проектна документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива.

Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со основен проект.

Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат површини за градење на две или повеќе градби, а притоа до градежната парцела има обезбеден пристап, градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект соглсно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

За секој блок поединечно се дадени нумерички показатели со максималните вредности за површини на намени и граница на блокот.

При дефинирање на градежните парцели, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:

• број на градежна парцела;
• граница и површина на градежна парцела (м2);
• граница и површина во која може да се гради (м2);
• максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
• вкупна површина по катови (м2);
• максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
• основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
• максимална висина на венец (м');
• максимален број на катови;
• потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно следната табела:

| ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | | МАКСИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ | МАКСИМАЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | МАКСИМАЛНА КАТНОСТ | МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м' | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ | МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **А1 -** домување во станбени куќи (руралната споменичката целина м.в. Село со втор (2) степен на заштита) | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2(до 30%); Д3 (до 30%); Б5(до 5%) | 30% |
| 2 | **А1 -** домување во станбени куќи ( контактна зона се пропишува трет (3) степен на заштита) | 60% | 2.1 | П+2 | 10.20 | Б1 (до 30%); В1(до 30%); В2(до 30%); Д3 (до 30%); Б5(до 5%) | 30% |
| 3 | **А4 -** времено сместување (контактна зона се пропишува трет (3) степен на заштита) | 60% | 2.1 | П+2 | 10.20 | Б1 (до 30%); Б3(до 30%); В2(до 30%); Д3 (до 30%); | 30% |
| 4 | **Б1 -** мали комерцијални и деловни намени | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | А1(до 20%); А3(до 20%); Б4(до 20%); | 40% |
| 5 | **Б4 -** деловни простории | | | | | Б5(до 40%); Б1(до 40%); Б2(до 40%); Б3(до 40%); В4(до 40%); Д3(до 40%); | 40% |
| 6 | **Б5 -** хотелски комплекси | | | | | Б1(до 40%); Б2(до 40%); Б3 (до 40%); Б4 (до 40%); Б6 (до 40%); В2 (до 40%); В3(до 40%); Д3 (до40%); | 40% |
| 7 | **В1 -** образование и наука (руралната споменичката целина м.в. Село со втор (2) степен на заштита) | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Д3(до 20%) | 20% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | **В5** - верски објект (руралната споменичката целина м.в. Село со втор (2) степен на заштита) | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Б5 (до 10%); Б1 (до 10%); Д1 (до 10%); Д3 (до 40%);Д4 (до 49%) | 49% |
| 9 | **Г2** - лесна и незагадувачка индустрија | 70% | 2.1 | П+1 | според технолошки процес | Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%); Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%) | 49% |
| 10 | **Д1** -парковско зеленило | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Б1(до 10%); Д3(до10%) | 10% |
| 11 | **Д3** - спорт и рекреација | 70% | 1.4 | П+1 | 10.00 | А4(до 20%); Б1(до 10%); Б2(до 30%); Б3(до 10%); Б4(до 10%); Б5(до 20%); Б6(до 30%); В3(до 20%); Д1(до 40%) | 40% |
| 12 | **Д4** - меморијални простори | 70% | 0.7 | П | според проектна документација | В5 (до 40%) | 40% |

Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона, урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:
- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела, на ниво на терен или подземно, или на јавен паркинг простор во рамки на блокот при разработка на блок со архитекотнско-урбанистички проект, а во согласност со нормативите од член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

## 2.3. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

### СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Сообраќаен план

Планирањето на уличната мрежа во планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола е извршено врз основа на актуелната законска и подзаконска регулатива и постојната состојба, односно изградниот градежен фонд, и изградената сообраќајна патна инфраструктура.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- магистрална улица низ населено место – село – 9.5м
  ул.„1"

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- сервисни улици 9м
  ул.„2"

- станбени улици 9м
  ул."3"

- пристапни улици 5,5м
  ул.„4",ул.„5",ул.„6",ул.„7",ул.„8",ул.„9",ул.„10",ул.„11"

- пристапна улица 3,5м
  ул.„12"

Сообраќајните поврувања се од север и југ - преку регионалниот пат Р2331 со кој село Дихово е поврзано со село Дихово (од север) и со Националниот парк Пелистер (од југ)

Според податоците добиени од ЈП Државни патишта (бр.10-350/1 од 10.01.2017) низ предметниот плански опфат поминува регионалниот пат Р2331 за кој во плановите на Јавното претпријатие не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса, но потребно е да се почитува ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р2331 согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр. 150/15, бр.31/16 и бр.71/16).

### Стационарен сообраќај

Решавањето на стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат зависи од дефининираната намена на земјиштето и се утврдува согласно нормативите од член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За градежните парцели паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.



РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА СУВОДОЛИЦА 1 И 2
ПРЕСЕК А-А




РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА МАЛА КОРИЈА И РЕКА ДРАГОР
ПРЕСЕК В-В



## Нивелациски план

Како составен дел на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола е изработен Нивелациски план на уличната мрежа. Со нивелацискиот план се дефинирани висинските коти и координати на осовинските точки како и надолжни нагиби на нивелетите.

| | X | Y | Z |
|---|---|---|---|
| **1** | 4541842.3021 | 7521499.2005 | 972.94 |
| **2** | 4541696.1119 | 7521591.5182 | 985.00 |
| **3** | 4541665.7438 | 7521507.9701 | 983.80 |
| **4** | 4541685.4580 | 7521432.8347 | 996.00 |
| **5** | 4541669.2771 | 7521332.7267 | 1000.00 |
| **6** | 4541624.5229 | 7521310.8680 | 1000.02 |
| **7** | 4541637.2308 | 7521438.0119 | 993.00 |
| **8** | 4541566.5547 | 7521466.8009 | 988.80 |
| **9** | 4541603.6459 | 7521556.1334 | 989.80 |
| **10** | 4541415.1960 | 7520983.9008 | 1057.50 |
| **11** | 4541280.6567 | 7521346.7693 | 1010.82 |
| **12** | 4541224.2874 | 7521166.6921 | 1030.68 |
| **13** | 4541192.5140 | 7521026.7566 | 1053.30 |
| **14** | 4541227.4690 | 7520966.3349 | 1057.50 |
| **15** | 4541106.8727 | 7521149.3610 | 1028.60 |
| **16** | 4541059.5339 | 7521011.9577 | 1055.60 |
| **17** | 4541022.8200 | 7520991.1666 | 1053.70 |
| **18** | 4541021.6158 | 7520900.7423 | 1063.00 |
| **19** | 4541001.4969 | 7520794.4924 | 1065.00 |
| **20** | 4541000.1681 | 7520973.4397 | 1058.47 |
| **21** | 4541003.1758 | 7521049.4284 | 1014.15 |
| **22** | 4540978.8191 | 7521089.3541 | 1056.80 |
| **23** | 4540978.5252 | 7520992.3580 | 1054.80 |
| **24** | 4539665.1428 | 7520890.3278 | 1120.39 |
| **25** | 4540910.2425 | 7521008.7587 | 1052.00 |
| **26** | 4539549.8893 | 7520923.9152 | 1129.42 |
| **27** | 4540936.6248 | 7521084.6328 | 1038.40 |
| **28** | 4540937.4187 | 7521142.4596 | 1037.82 |
| **29** | 4540905.1066 | 7521187.1335 | 1023.50 |
| **30** | 4540834.5302 | 7521007.2696 | 1048.00 |
| **31** | 4540837.9001 | 7521065.5874 | 1047.00 |
| **32** | 4540861.5160 | 7521134.4997 | 1033.02 |
| **33** | 4540827.3292 | 7521139.6141 | 1029.50 |
| **34** | 4540855.9848 | 7521199.7679 | 1021.50 |
| **35** | 4540833.0273 | 7521220.4004 | 1023.50 |
| **36** | 4540741.2852 | 7521141.0032 | 1030.10 |
| **37** | 4540687.5567 | 7521094.0570 | 1034.10 |
| **38** | 4540644.5136 | 7521056.2493 | 1044.67 |
| **39** | 4540629.0211 | 7521054.6959 | 1046.40 |
| **40** | 4540634.8667 | 7521139.5895 | 1044.70 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **41** | 4540643.9037 | 7521222.5579 | 1046.00 |
| **42** | 4540498.8860 | 7521084.2087 | 1058.50 |
| **43** | 4540404.7594 | 7521070.3858 | 1065.10 |
| **44** | 4539760.1814 | 7520997.3259 | 1105.36 |
| **45** | 4540046.2111 | 7520996.3007 | 1090.00 |
| **47** | 4540070.6448 | 7521110.4251 | 1094.00 |
| **48** | 4540030.0593 | 7521056.8627 | 1093.00 |
| **49** | 4540009.3799 | 7521084.0535 | 1095.00 |
| **50** | 4540063.0500 | 7521226.8119 | 1098.00 |
| **51** | 4539905.6325 | 7521091.7802 | 1097.00 |
| **52** | 4539864.6307 | 7520880.6721 | 1110.50 |
| **53** | 4539824.0821 | 7520881.7876 | 1109.50 |
| **54** | 4539795.8349 | 7520931.1554 | 1108.60 |
| **59** | 4539681.5239 | 7520922.2793 | 1113.70 |
| **60** | 4539635.7121 | 7520978.0157 | 1115.60 |
| **61** | 4539641.0282 | 7521140.0153 | 1109.00 |
| **62** | 4539560.8763 | 7521086.3748 | 1107.60 |
| **63** | 4539490.0059 | 7521066.3721 | 1109.60 |
| **64** | 4539330.2198 | 7520970.4682 | 1123.80 |

## <u>ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА</u>

Планираниот развој за водоснабдување и одводнување на фекалните отпадни и атмосферски води во планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се базира на насоките и заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и анализата на можностите и природата на теренот во рамки на планскиот опфат.

Низ планскиот опфат на УПС Дихово поминува корито на река Драгор и река Мала Корија за кои во планската документација се предвидува регулација на нивното корито со профил од 6 метра и заштитен појас од 3 метра од двете страни на коритото.
Се предвидува регулација на корито на Суводолица 1 и Суводолица 2 со профил на корито од 4 метра и заштитен појас од 3 метра од двете страни на коритото.

За согледување на потребите од водоснабдување и потребите за одведување на отпадните фекални и атмосферски води на планираните градби за плански период од 2016 до 2026 година направена е следната детална пресметка со проектирани вредности на потрошувачи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Домување | 63.67 | |
| 2 | Комерцијални и деловни намени | 0.29 | |
| 3 | Јавни институции | 0.35 | |
| 4 | Производство, дистрибуција и сервиси | 0.24 | |
| 5 | Комунална инфраструктура | 6.54 | |
| 6 | Зеленило | 1.10 | |
| | вкупно (површина на опфат) | **72.18** | **ха** |

### 1 Водоснабдување

**Водоснабдување домување**

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување за домување

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвиден број на жители | N= | 751 | |
| Водоснабдителна норма | Qo= | 200 | л/ден/жител |
| Коефициент на дневна нерамномерност | K1= | 1.5 | |
| Коефициент на часова нерамномерност | K2= | 1.3 | |
| Qср/ден=6201 x 200 | = | 150,200.00 | л/ден |
| Qмах/ден=1.5 x 1.240.000 | = | 225,300.00 | л/ден |
| Qмах/час=1.3 x1.860.000 / 24 | = | 12,203.75 | л/час |
| Секундарни проточни количини | | | |
| q ср/ден | = | 1.74 | л/сек |
| q мах/ден | = | 2.61 | л/сек |
| q мах/час | = | **3.39** | л/сек |

**Комерцијални и деловни намени**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Водоснабдување за вработени | Nв= | 4 | |
| Водоснабдителна норма | Qв= | 25 | л/ден/враб |
| Коефициент на нерамномерност | Kв= | 2 | |
| време за водоснабдување | т | 6 | часа |
| Qмах/ден=600x 25 | = | 100.00 | л/ден/враб |
| Qмах/час=60000*2 | = | 200.00 | л/час/враб |
| Qмах/час=120000/6 | = | 33.33 | л/час |
| Qмах/час=20000/3600 | = | **0.01** | л/сек |

**Образование**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Водоснабдување за ученици | Nв= | 199 | |
| Водоснабдителна норма | Qв= | 15 | л/ден/уч |
| Коефициент на нерамномерност | Kв= | 2.5 | |
| време за водоснабдување | т | 6 | часа |
| Qмах/ден=1000x 15 | = | 2,985.00 | л/ден/уч |
| Qмах/час=15.000*2.5 | = | 7,462.50 | л/час/враб |
| Qмах/час=37.500/6 | = | 1,243.75 | л/час |
| Qмах/час=6.250/3600 | = | **0.35** | л/сек |

| | | |
|---|---|---|
| Миење на улици и залевање на зелени површини 30м3/ден/ха (за полевање 16 часа) | 15.35 | м3/час |
| | **4.26** | л/сек |
| ПП вода | **15** | л/сек |
| **Вкупно потреба за водоснабдување** | **23.009** | **л/сек** |

## 2 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е

| | | | |
|---|---|---|---|
| qotp=qmax/cas x 0.80 x 1.25 | = | 23.009 | л/сек |

Усвоено минимален пресек од
ф250

### 3 Атмосферска канализација

| | | | |
|---|---|---|---|
| Интензитет на врнежи | | | |
| qi | = | 110.00 | л/сек/ха |
| коефициент на истекување | | | |
| ψsr | = | 0.40 | л/сек/ха |
| | | | |
| q atm= F x qi x ψsr | | | |
| q atm= 49.35 x 110 x 0.40 | = | 3,176.01 | л/сек/ха |

Усвоен минимален пресек ф300 до ф600

**Водоснабдување:**

За планскиот опфат се побарани и се добиени податоци за постоечка водоводна мрежа.

До реализација на системот за водоснабдување, се планира снабдувањето со вода да се решава локално во рамки на секоја градежна парцела одделно со користење на подземни води (бунари) или приклучување на постоечкта и веќе изградена водоводна инфраструктура.

Трајното решение за водоснабдување е планирано со изработка на приклучок на постоечката водоводна инсталација со профил Ø600. Постоечкиот цевковод Ø600 е во состав на Системот Драгор преку кој зафатените води од Баба Планина се транспортираат до пречистителна станица во село Дихово. Приклучокот и главната водоводна линија се со профил Ø150.

Во графичкиот прилог Инфраструктурен план на овој УПС презентерана е планираната водоводна мрежа и соодветно означена во легенда.

При понатамошна разработка на проектна документација и/или Основен проект за водоснабдување во плански опфат за УПС Дихово,Општина Битола и Проектантот задолжително да се обрати до ЈКП Водовод – Битола за добивање на хидротехнички услови.

Противпожарната заштита на предметниот локалитет е предвидено да се реализира преку поставување на хидрантска водоводна мрежа во профилите на сообраќајниците со надворешни хидранти.

Количеството на вода за противпожарни потреби при едновремена работа на два противпожарни хидранти изнесува:

$q_{пожар}$ = 2*5,0 = 10,0 л/сек

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува согласно Правилник за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење пожар како величина не помала од 2,5 бари. Исто така, согласно истиот правилник, противпожарна мрежа треба да ги задоволи следните услови:

-Максималното растојание помеѓу два хидранти изнесува 80 метри;
-Најмалиот пречник во прстенестата противпожарна мрежа изнесува Ø100 мм;
-Најмалиот пречник на приклучната цевка на хидрантот изнесува Ø 80 мм.

**Одведување на отпадни и атмосферски води:**

Во рамки на планскиот опфат на село Дихово не постои изведена фекална и атмосферска канализација.

За прифаќање и одводнување на отпадните води се предвидува изградба на систем на фекална канализација со пречистителна станица, а за одведување на атмосферските води се предвидува изградба на систем на атмосферска канализација.

Фекалната и атмосферската канализација се со траси во коридорите на сообраќајниците и ги следат подолжните падови на планираните улици. Техничките детали ќе се решаваат во следна фаза со основни проекти и проекти за инфраструктура.

Фекалната канализација завршува во планирана пречистителна станица надвор од опфатот на село Дихово, од каде пречистените отпадни води се водат површински водотек на река Црна.

Техничкото решение за поврзување на канализационата мрежа надвор од планскиот опфат карактеристики ќе бидат третирани со Проекти за инфраструктура и Основни проекти со оглед на тоа што правното дејство на овој УПС е исклучиво во рамки на границите на планскиот опфат.

Минималниот профил кој е усвоен за новопланираните краци на фекална канализација е Ø250 (Ø400).

За атмосферската канализација усвоен е минимален пресек од Ø300 (Ø500).

За отпадните води и водите од технолошкиот поцес во рамки на зоните за производство, дистрибуција и сервиси (наменска зона Г2 - лесна и незгадувачка индустрија,се предвидува систем на прочистување во рамки на сопствена парцела. Пред да се изврши поврзувањето на корисниците кон мрежата, се предвидува задолжителен третман на отпадните води од технолошкиот процес и фекалните отпадни води во сопствената градежна парцела. Понатаму, отпадните води се прифатени од фекалната канализациона мрежа се испуштаат во системот.
Притоа, квалитетот на отпадната вода мора да биде во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води", односно квалитетот на отпадната вода не смее да биде понизок од квалтитетот на реципиентот.

<u>Крајниот реципиент</u> на атмосферските и пречистените отпадните води, претставува река Црна, преку постоечките реки Црвена Река и Драгор.

Поврзувањето на корисниците со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води се предвидува да се изведе преку приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

Трасите на комуналната хидротехничка инфраструктура за планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се планирани на земјиште за општа употреба. Во Планската документација, на графички прилог *Инфраструктурен план* се прикажани водоводната мрежа, атмосферската и фекалната канализација и соодветно се означени во легенда.

**ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА**

Со Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, со површина на плански опфат од 64,88 ха, анализирана е електро-енергетската мрежа за плански период од 2016до 2026 година.

Потребите за електрична моќност во планскиот опфат се дефинирани со користење на следните коефициенти:

- А - домување: 1kW/жител
- Б - комерцијални и деловни намени и В - јавни институции: 193 kW/ха
- Г – производство, дистрибуција и сервиси: 293 kW/ха
- Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори: 15 kW/ха
- Е - инфраструктура: 15 kW/ха

| Намена на земјиште | | | коефициент | | потреби за електрична моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| **А** - домување | 751 | жители | 1 | kW/ха | 751.00 |
| **Б** - комерцијални и деловни намени | 0.29 | ха | 193 | kW/ха | 55.36 |
| **В** - јавни институции | 0.35 | ха | 193 | kW/ха | 66.73 |
| **Г**- производство, дистрибуција и сервиси | 0.24 | ха | 293 | kW/ха | 71 |
| **Д** - зеленило и рекреација | 0.00 | ха | 15 | kW/ха | 0.00 |
| **Е** - инфраструктура | 6.54 | ха | 15 | kW/ха | 98.04 |
| | | | | **ВКУПНО** | **1042.48** |

Потребите за електрична моќност во рамки на планскиот опфат за плански период од 2016до 2026 година изнесуваат 1042,48 kW.

Во рамки на планскиот опфат има евидентирано две трансформаторски станици која во графичкиот прилог *Инфраструктурен план с*е прикажани со соодветен симбол. Точна локација и дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат при разработка на урбанистичкиот план за село.

Согласно податоците од ЕВН АД Македонија, во рамки на опфатот поминуваат траси на надземни водови и тоа: 10 kV надземен далековод.

Предвидени се заштитни појаси за 10kV по 3 метри лево и десно од основината на далекуводот.
Трасите на новопланиранта електро-енергетска мрежа се прикажани на графичкиот прилог *Инфраструктурен план* и соодветно се толкувани во легенда.
Во зоната за лесна и незагадувачка индустрија, доколку се утврдат зголемени потреби за снабдување кај поединечните капацитети, се предвидува изградба на трансформаторски станици во рамки на градежните парцели.

Сите деталите и развојот ќе бидат дефинирани во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија.

Според податоците добиени од АД МЕПСО, низ планскиот опфат не поминува постоечки ниту планиран далековод.

**Улично осветление**
Според планскиот концепт на овој урбанистички план се предвидува изградба на нови сообраќајници па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со поставување на нови расветни тела.

Со изработка на основните проекти за осветлување на новопланираните сообраќајни површини, ќе се дефинира моќноста на новите светлосни тела.

## ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во рамки на планскиот опфат поминуваат траси на телефонски инсталации.
Во голема мера оваа мрежа ги опслужува постоечките објекти. Поврзувањето во телекомуникацискиот сообраќај е со приклучок на телефонската целтрала во Дихово .

Со цел да се опслужат и површините кои за прв пат се тема на урбанизација со овој план, планирана е нова електронска комуникациска мрежа.

Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и истите да се надоврзат на постоечката мрежа. Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м х 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на надлежната институција.

Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа. Бројот на потребните линии ќе биде дефиниран во наредната фаза и истиот не е лимитирачки.

## ГАСОВОДНА МРЕЖА И ОБЈЕКТИ

Согласно податоците во рамки на планскиот опфат на УПС Дихово нема изведена и проектирана гасоводна мрежа и објекти.

Доколку во планскиот период развојните програми на надлежните институции укажат на потреба од приклучување на село Диховово системот за гасификација, поставувањето на трасите на гасоводите и гасоводните објекти ќе се решава со проекти за инфраструктура.

## 3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Во доменот на заштита на животната средина, регулирана со Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/15, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 74/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл.Весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 59/12) и други законски и подзаконски акти, основната цел е преку соодветни плански поставки да се се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на предметот на планирање – населено место со доминантна намена домување и сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се уреди и одржува заштитното и парковското заленило, како и зеленилото во рамки на единиците на градежното земјиште, што значи подобрување на микроклиматските влијанија во локалитетот.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:
• интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
• примена на соодветни современи техничко-технолошки мерки секаде каде што е потребно;
• обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантните воздушни струења;
• подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај или во коридорите на сообраќајниците;
• подобрување на состојбата на зелените површини во рамките на градежните парцели и планскиот опфат и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленилото во локалитетот со зелените простори надвор од планскиот опфат.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Законот за водите (Сл.Весник на РМ бр.4/98, 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел остварување на поставката за нивно планско и рационално користење, се предлагаат низа мерки за следење и заштита на нивниот квалитет, меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на сепаратни системи за фекални и атмосферски отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет, неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот, пречистување и друго.

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди контрола на употребата на материјали, суровини, хемиски заштитни средства и други продукти што ќе се користат во прометот и функционирањето на содржините во планскиот опфат.

**Заштита од бучава**

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.Весник на РМ бр.1/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за домување со сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори кои не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградбата на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники на градење, кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените рамки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сервисните и станбените сообраќајници треба да се решава со насади од растителни видови (вегетација во функција на заштитни зелени бариери) во рамките на дворните места (градежните парцели), особено во парцелите кои со лицето се на потегот покрај коридорот на железничката пруга и регионалниот пат, формирање на поврзани зелени коридори и континуитет вон границата на планскиот опфат, доколку постојат услови за тоа.

**Третман на отпад**

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на различните видови отпад и создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

**Заштита од природни и технолошки хаварии**

Од аспект на загрозеноста на планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот и неговата физичка структура.

Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

**1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

• пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;

• сообраќајните површини да се со ширина поголема од 4,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;
• Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
• Во случај на пожар, планскиот опфат ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Битола;
• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

**2. Мерки за заштита и спасување од урнатини**

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка со Основни и Архитектонско-урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
• При рушење, објектот зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

**3. Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи**

Во рамките на планскиот опфат, во планираните објекти за домување и за сите придружни содржини неопходни за негово функционирање: работна зона за лесна и незагадувачка индустрија, јавни институции, комерцијални и деловни намени, површини за зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, како и предвидената можност за организација и уредување на компатибилни намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

**4. Заштита и спасување од радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските происи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

**5. Мерки за заштита на културното наследство**

Вградувањето на соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во УПС се врши согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ,бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16 ).
Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во просториите и урбанистички планови, врз основа на документацијата на недвижносто културно наследство, задолжително да утврдат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Според доставените податоци од Министерството за култура на РМ - Управа за заштита на културното наследство (17-116/2 од 20.01.2017год.), во рамките на планскиот опфат на УПС Дихово се наоѓа добра за кои основано се претпоставува дека претставува културно наследство, црква Св.Димитрие (4-802-036/114 Е-НД) како и основни индиции за постоење на археолошки локалитети.

За подрачјето на планскиот опфат на Урбанистички план на село Дихово, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола има изработени Заштитно конзерваторски основи од 2019 година со Решение за одобрување на Заштитино-конзерваторски основи од Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство (УП 17-225 од 15.05.2019).

**5.1 Мерки на заштита**

- Валоризација

**5.1.1 Валоризација**

Валоризацијата која следува во прилог е изготвена врз основа на теренските истражувања за потребите за изработка на урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола.Со оваа валоризација, се врши усогласување со постојните законски прописи, според усвоената методологија со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство.

Валоризација во опфатот на Урбанистички план за село Дихово, се однесува на постојната ситуација. На подрачјето на опфатот се предлагаат триесет и шест објекти и три археолошки локалитети да се здобијат со статус предлог.

Образложение за целината:
Специфичниот израз на руралната целина Дихово произлегува од нејзините историски, архитектонско-урбанистички, градежнички, етнолошки, амбиентални и пејзажни вредности кои му даваат одреден белег на целината, а кои се однесуваат на вредностите, својствата, функциите и значењето на доброто.

Застапеноста на севкупните вредносни содржини – археолошки и историски имаат значење во историскиот развојот на селото и му даваат одреден белег на истото. Историските вредности на оваа селска населба се должат на нејзината автентична урбана матрица. Карактеристиките на целината произлегува од автентично сочуваните архитектонски вредности на традиционалната архитектура во селото Дихово. Нејзините архитектонски вредности се присутни во масивните градби на кат изградени од камен кон крајот на 19. и во текот на 20. век, со правилна основа, со визба под целата нејзина површина или под еден нејзин дел, зависно од конфигурацијата на теренот, со симетрични основи и под влијание на градскиот тип објекти.

Сочуваните традиционални куќи во Дихово имаат архитектонски концепт што е резултат на функциите и формите на оваа куќа која е прилагодена на климатските услови и животот во ова приградско село. Автохтониот духовен и културен развој на селото, како и донесените печалбарски вкусови и амбиции влијаеле врз архитектурата, изгледот, просторната и функционалната организација на куќата во селото. Градежничката вредност е присутна во градителските модели и практики, својствени за традиционалните градителски центри во западниот дел на Балканот (во југозападниот дел на Македонија и северна Грција) - особено кај куќите со тимпанон над балконот, со примена на обработен и необработен камен и техники на градење на масивни, долготрајни градби на кат. Основните градежни материјали од кои се изградени традиционалните куќи на Балканот и во Македонија се каменот, дрвото и земјата кои заедно со вековното искуство на народните градители ја даваат градителската вредност на куќите во оваа рурална целина. Урбанистичката вредност на ова село е одраз, пред се на културата и традициите на населението и нивната професионална определеност, градителските вештини, а пред се на природно-географските карактеристики на локацијата. Дихово, за разлика од другите потпелистерски селски населби, било изградено на помала надморска височина, со улици паралелни со речниот ток и мрежа на улички производ на топографијата на теренот што формираат издолжена руристичка целина во правец север-југ со централен блок на објекти.

Самата селска населба Дихово е автентично сведоштво за збиен тип на село, со овален облик и градби поставени вдолж двете главни селски улици во блоковите кои тие ги формираат. Во неа сеуште постојат голем број на автентично сочувани градби кои припаѓаат на типот на куќи со централен распоред, на еден или два ката, од кои се сочувани само неколку. Најмногу ги има масивните камени градби на кат со правилна основа поставени во селско - стопански двор во кој се наоѓаат неколку помошни објекти, а самите селско-стопански целини ги дефинираат огради од камени Ѕидови и големи двокрилни порти.

Културата на доминантното македонско население, како и донесената култура доселениците од преспанските села Брајчино и Љубојно кои овде се доселиле во текот на 20 век го создале спојот на материјалното и духовното, на утилитарното и естетското во ова село.

Од културата на хомогените етнички карактеристики произлегува етнолошката вредност на оваа споменичка целина. Дихово било богато село во кое населението се бавело со земјоделство и сточарство,со валање на текстилни производи во валавиците покрај реката Драгор и мелење на жито на што укажуваат сведоштвата за постоење на повеќе воденици по текот на реката. На почетокот на 20 век во селото биле изградени првите мануфактурни фабрики кои произведувале текстил и декоративни гајтани за војнички униформи.

Како женска професија овде била развиена и домашната обработка на волна: ткаење на килими и јамболии, везење и плетење, како и изработка на други текстилни производи. Селската носија во ова село брзо била заменета со градската облека зардаи близината на градот и големиот број на печалбари кои ги носеле надворешните влијанија во селото.

Просторно-амбиентални вредности на селото Дихово формираат еден рурален амбиент, вклопен со околината и природата како резултат на социјалните, религиозните и економските потреби на луѓето кои живееле овде. Посебна вредност на амбиентот на ова село претставува наследената руристичка матрица која сосем ја сочувала својата улична структура. Градењето на нови индивидуални станбени објекти во наследената структура на селото на места е наметливо, односно тоа ги нарушува како архитектонските така и урбанистичките карактеристики на селото.

Имајќи предвид дека руралната целина Дихово е сместена во еден специфичен природен амбиент во подножјето на планината, по живописното течение на реката Драгор целината поседува и разновидни пејзажни вредности. Сите сочувани содржини кои ги поседува оваа рурална целина зборуваат за нејзините сведоштва и автентични вредности .

Специфичноста на оваа рурална целина се согледува и во нејзината руристичка матрица диктирана од конфигурацијата на теренот, искористена како подлога за градба на тукашните традиционални куќи кај кои е видливо градското влијание. Во руралната споменичка целина Дихово се среќаваат содржини со различни творечки изрази. Во основа тоа е архитектурата на тукашната селска куќа, со различни облици на архитектонски изрази во оформувањето на станбените објекти во селото. Оваа севкупност на материјални творечки изрази во себе ги има проткаено културните традиции, духот на градењето кој произлегува од етничкиот дух, професионалното определување изразено врз културата на живеењето и обичаите на населението кое живее во Дихово.

Својството на интегралност на содржините и функциите видливо е присутно во оваа рурална споменичка целина. Интегритетот на целината во голема мера е сочуван и покрај изгрдабата на нови објекти на влезот-северниот дел и излезот-јужниот дел од селото, со неадекватни архитектонски решенија за овој амбиент и со употреба на несоодветни градежни материјали. Степенот на зачуваност на целината од урбанистички и архитектонски аспект е на задоволително ниво од што во иднина ќе произлезе и определувањето на категоријата за оваа споменичка целина.

Руралната споменичка целина Дихово како жив организам ги исполнува повеќето руристички функции, што произлегуваат од нејзината природно-географска положба, етничката структура, традиционалните содржини и својства и од состојбите што ги наметнува современиот живот. Таа недвосмислено има значајна научна и културна функција во урбанистичко-архитектонските содржини кои ги поседува. Во целината делумно се практикува стопанската функција, иако со значително намален интензитет, како и туристичко - угостителската функција која е застапена, особено во сферата на алтернативните видови туризам.

Анализата на сите вредности, својства, функции и содржини што ги поседува целината упатуваат на тоа, дека истата ги поседува сите значења од културен, историски, етнографски, научен и поширок општествен карактер својствени за една споменичка целина.

**5. 2. Ревалоризација**

На подрачјето на опфатот нема објекти за ревалоризација

**5. 3.КАТЕГОРИЗАЦИЈА**
***( според извршена валоризација )***

За споменичката целина село Дихово се предлага категорија значајно културно наследство.

Додека, според извршената валоризација на објектите во границите на опфатот, се предлага утврдување на следната категорија/статус на културно наследство.

***5. 4. Режим на заштита***

Подрачјето на опфатот на ***УП за село Дихово - Битола*** е поделено на три дела и тоа: рурална споменичка целина, контактна зона и зона без дејство на заштита

***5. 4. 1. Зони на заШтита***

Во просторот на опфатот на УП за село Дихово, заради обезбедување на состојбата на културното наследство, со дефинирање на заштитен режим се утврдуваат следните зони на заштита:

- Во опфатот на УП за село Дихово за руралната споменичката целина *село Дихово* и контактната зона се предлага - **ЗОНА НА ОГРАНИЧЕНА (гарантирана) ЗАШТИТА.**

*5. 4. 2. Степени на заштита*
*за подрачјето на опфатот на УП за село Дихово*

- Во опфатот на УП за село Дихово, за руралната споменичката целина *село Дихово* се пропишува ***втор*** (2) ***степен на заштита*.**
- За контактната зона се пропишува ***трет*** (3) ***степен на заштита*.**

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување на непосредна заштита на начин кој ке ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко архитектонски, уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите и просторот во целината за користење.
- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, односно споменичката целина и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Руралната структура (изградена и неизградена), се третира според карактерот на зоната, во согласност со тековните потреби и функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата.
- Подрачјето на опфатот се сочувува како зона со амбиентални објекти, стопански помошни објекти, дворови, зелени површини, со постоечките тесни кривудави селски улици и улички - сокаци за потребите на жителите и посетителите.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните, новопроектираните и помошните објекти во споменичката целина *село Дихово* не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- Постојните помошни објекти кои се наоѓаат во парцелите на објектите кои се предвидени да добијат статус на заштитено добро да не го променат изгледот, применетите материјали, габаритот и висината.
- На подрачјето на руралната споменичка целина *село Дихово* и контактната зона не се дозволува изведба на мансардни поткровја.
- Новопланираните објекти во заштитеното подрачје да го следат концептот на отвореност на визурите. Катноста и височината, на евентуално новопредвидените објекти / или на евентуалните доградби и надградби / да бидат резултат на анализи и прилагодување во општиот амбиент и просторни репери.
- При обликувањето на надворешниот изглед на новите објекти во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.
- При планирањето на нови објекти во опфатот и било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство ( Сл.весник на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/.

Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под (2) втор степен на заштита, треба да се почитуваат следните насоки:

- Режимот на заштита од втор (2) степен, се однесува на руралната споменичка целина и објектите категоризирани како значајно културно наследство, во зоната на ограничена, односно гарантирана заштита. На објектите се дозволува конзервација, реставрација, реконструкција на некои делови и санација со можност за адаптација на ентериерот, под одредени услови, согласно законската регулатива
- Работите на непосредна заштита не смеат да бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата. Дозволените интервенции

главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, а екстериерот, односно изгледот на фасадите на објектите се зачувуваат во целост, со зафати на конзервација и реставрација, делумна реконструкција (зависно од оштетувањата), санација на културното наследство во рамките на историскиот амбиент

- На објект кој има оштетувања од поголеми размери и каде санацијата не е можна се предлага реконструкција и факсимилна обнова. Овие интервенции ќе се извршуваат во согласност со пропишаниот режим на заштита.

За локалитетот "Св.Недела" се пропишува следниот ЗАШТИТЕН РЕЖИМ:

- На парцелите: КП 957 и КП 958 од археолошкиот локалитет "Св.Недела" во опфатот на споменичката целина, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.:20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Дихово, во посебните одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на споменатите парцели, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

За локалитетот "Стара црква" се пропишува следниот ЗАШТИТЕН РЕЖИМ:

- На парцелите: КП 701/1 и КП 701/2 од археолошкиот локалитет "Стара црква" во опфатот на споменичката целина, не се дозволува градба на објекти, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.:20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).
- При изработката на Урбанистички план за с.Дихово, во посебите одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви градежни активности за потребите на инфраструктурата на споменатите парцели или за санација на објектот, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство.
- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања, согласно чл.74, ст.2, точ.1 од Закон за заштита на културното наследство. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.
  - Режимот на заштита од (3) трет степен, подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.
  - Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство. ( Во случајов НУ Завод и музеј- Битола)

Со оглед на недоволната истраженост на теренот со систематски археолошки ископувања на парцелите КП 555/1, КП 555/2, КП 555/3, КП 555/4, КП 555/5, КП 556/1, КП 556/2, КП 557/1 и КП 1125/1 од локалитетот "Ограѓе", се пропишува следниот ЗАШТИТЕН РЕЖИМ:

- При изработката на Урбанистички план за с.Дихово, во посебите одредби на планската документација да се напомене, дека при било какви

градежни активности на споменатите парцели, задолжителен е надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, на товар на инвеститорот, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.В.РМ бр.:20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).

- Во случај на евентуално откривање на наоди од претходни периоди на живеење, задолжително е да се извршат заштитни археолошки ископувања и истражувања, согласно чл.74, ст.2, точ.1 од Закон за заштита на културното наследство. По однос на добиените резултати од заштитните археолошки ископувања ќе се изврши ревалоризација на локалитетот, со утврдување на неговата категоризација и ќе се редефинира степенот на заштита со пропишување на соодветен заштитен режим.

### *5. 4. 3 Поединечни заштитени добра*

*(режим на заштита од втор степен )*

- *Зачувување на изворната состојба и можност за адаптација на ентериерот, работи на конзервација и реставрација, реконструкција, адаптација со уредување на постојните*

*локации под одредени услови.*

| Улица и (КП) | Режим на заштита (степен) | Опис на интервенции | Илустрација |
|---|---|---|---|
| **1. Село Дихово Кп.866** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба<br>можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот |  |
| **2. Село Дихово Кп. 695/3** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот. |  |
| **3. Село Дихово Кп.710** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот. |  |
| **4. Село Дихово Кп.726/4** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрац ија, реконструкција и санација на истиот. |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.735/2** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот. |  |
| **10.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.979** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот. |  |
| **11.**<br>**Село**<br><br>**Кп.980** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот како и внатрешна реконструкција. |  |
| **12.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.989** | втор степен | Можност за темелна реконструкција со зачувување на постојниот изглед на фасадите |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **13.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.994** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот. |  |
| **14.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.997/1** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **15.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.1005** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиоткако и внатрешна реконструкција |  |
| **16.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br>**Кп.1006/2** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **17.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.1007** | втор степен | Можност за темелна реконструкција со зачувување на постојниот изглед на фасадите |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.1009** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **19.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп.1011** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **20.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп. 1016/2** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **21.**<br>**Село**<br>**Дихово**<br><br>**Кп. 1018** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **22. Село Дихово Кп. 1019/3** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **23. Село Дихово Кп. 1022/3** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **24. Село Дихово Кп. 1029** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **25. Село Дихово Кп. 1030** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **26. Село Дихово Кп. 1032** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **27.** **Село Дихово** **Кп. 1035** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **28.** **Село Дихово** **Кп. 1037/2** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **29.** **Село Дихово** **Кп. 1037/1** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **30.** **Село Дихово** **Кп. 1039/1** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, конзервација,реставрација и санација на истиот |  |
| **31.** **Село Дихово** **Кп. 1039/2** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **32.** **Село** **Дихово** **Кп. 1040** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **33.** **Село** **Дихово** **Кп. 1017** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **34.** **Село** **Дихово** **Кп. 1038/1** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |
| **35.** **Село** **Дихово** **Кп. 1031** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3б.** **Село Дихово** **Кп. 1029** | втор степен | Тековно одржување на објектот, како и зачувување на неговата постојна состојба, со можност за адаптација на ентериерот, конзервација,реставрација, реконструкција и санација на истиот |  |

Режимот за заштита од втор (2) степен, се предлагаат мерки на непосредна заштита како конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.

Согласно ст.16 од чл.30 од Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно - конзерваторските основи за културно наследство (Сл.В.РМ бр.111/2005) со пропишаните интервенции се планира постојната урбана структура да се адаптира на тековните потреби и новите функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Пропишаните интервенциите главно се однесуваат на

адаптација на ентериерот, со цел екстериерот, односно фасадите на објектите да се зачувуваат.

„Санација” ќе се примени како постапка и метод на директна интервенција на заштитена градба, во случај на делумна замена или зајакнување на конструктивните елементи на заштитената градба, без да се измени надворешниот изглед на градбата и без да се влијае на безбедноста на соседните објекти.

“Реконструкција” во поединечни случаи, ќе се примени како постапка и метод на обновување на заштитено добро што во поголем дел е уништено или чии конструктивни и други делови се дотраени.

### *5. 5 Посебни мерки за заштита*

- Во опфатот на споменичката целина не се дозволени никакви градежни интервенции без предходни конзерваторски одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство, условено со пропишаниот режим на споменичката целина.
- Во рамките на опфатот на споменичката целина не се дозволува лоцирање на времени објекти, билборди, контејнери за отпад и сл. Не се дозволува поставување на урбана опрема и никакви градежни интервенции без предходни одобренија издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство.
- Во насока на ревитализација усогласено со карактерот на зоните на ограничена (гарантирана) заштита, се заштитува зелената, јавна површина, во дворот на училиштето заедно со постоечките стари дрвја, како комплементарна структура на амбиентот.
- Со предложените мерки на заштита се оневозможува било какво уништување на високо стеблестите растенија, додека се поттикнува одржување и доформување на тревните површини во опфатот, со регулација на пешачките патеки. Зелената површина ќе се одржува и заштитува согласно законската регулатива за заштита и унапредување на животната средина.
- Евентуалните надградби или изградба на нови објекти висински да кореспондираат со амбиентот на опфатот, со максимална катност П+1.
- Во рамките на предложената рурална споменичката целина и нејзината контактна зона не се дозволени никакви градежни интервенции без предходни конзерваторски одобренија, односно конзерваторски мислења издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- Со оглед на археолошките наоди во непосредната околината на опфатот, на цела површина на заштитеното подрачје на овој УП, се пропишува задолжителен надзор на стручно лице за заштита на културно наследство од надлежната установа, како обврска на инвеститорот при ископ на теренот или за потребите на инфраструктурата, согласно чл.74, ст.2, точ.4 од Законот за заштита на културното наследство. Со пропишаната мерка превентивно ќе се одстрани опасноста од загрозување и оштетување на културни слоеви од поранешни периоди на живеење, кои би преставувале културно историско наследство.

**Во зависност од резултатите на археолошките истражувања, доколку се појават и откријат вредни недвижни и движни материјални остатоци, ќе се изврши валоризација, и по потреба ќе се редефинира режимот на заштита. Степенот на заштита согласно соодветниот режим во прецизирани граници, ќе се утврдат по завршувањето на археолошките истражувања.**

## 4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

*Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план за село, односно за изготвување на извод од урбанистички план.*

**4.1.** Општите услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола.

**4.2.** Подрачјата во кои се евидентирани објекти на ажурирана геодетска подлога во Документационата основа на планот се третираат како изградено земјиште и се третираат како постојната состојба.

**4.3.** Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, а посебните услови се однесуваат на секој блок поединечно.

**4.4.** Планскиот опфат е организиран во 16 блока чии граници се совпаѓаат со осовините на новопланираните улици и со границите на планскиот опфат.

**4.5.** Во случај кога границата на градежната парцела се совпаѓа со границата на катастарската парцела и до неа има обезбеден пристап, истата се разработува со основен проект.

**4.6.** Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели или во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат површини за градење на две или повеќе градби, а притоа до градежната парцела има обезбеден пристап, градежната парцела и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**4.7.** При дефинирање на градежните парцели со соодветна планска, проектна или урбанистичко-проектна документација согласно важечката законска и подзаконска регулатива, ќе се утврдат следните урбанистички параметри:
• број на градежна парцела;
• граница и површина на градежна парцела (м2);
• граница и површина во која може да се гради ограничена со градежни линии (м2);
• максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
• вкупна површина по катови (м2);
• максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
• основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;
• максимална висина на венец (м');
• максимален број на катови;
• потребен број на паркинг места (пресметани согласно стандарди и нормативи) кои треба да се обезбедат во рамките на градежната парцела.

**4.8.** За наменските зони во планскиот опфат се дефинирани следните урбанистички параметри:

**А1 - домување во станбени куќи**

вкупна површина во плански опфат: 35,69 ха
максимален процент на изграденост: 60%**
максимален коефициент на искористеност: 2,1**
максимална катност: П+2 **
максимална висина на венец: 10,20м**

компатибилни класи на намени:

Б1 (до 30%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.

**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**А4 – времено сместување**

вкупна површина во плански опфат: 27,67 ха
максимален процент на изграденост:60%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:

Б1 (до 30%); Б3(до 30%); В2(до 30%); Д3 (до 30%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А4 не смее да надмине 30%.

**Б1 – мали комерцијални и деловни намени**

вкупна површина во плански опфат: 0,05 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 1,4**
максимална катност: П+1 **
максимална висина на венец: 8,00м**
компатибилни класи на намени:

А1(до 20%); А3(до 20%); Б4(до 40%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б1 не смее да надмине 40%.

**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**Б4 – деловни простори**

вкупна површина во плански опфат: 0,06 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 1.4**
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 8,00м
компатибилни класи на намени:

Б5(до 40%);Б1(до 40%); Б2(до 40%); Б3(до 40%); В4(до 40%); Д3(до 40%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б4 не смее да надмине 40%.

**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**Б5 – хотелски комплекси**

вкупна површина во плански опфат: 0,17 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 1.4**
максимална катност: П+1 **
максимална висина на венец: 8,00м**
компатибилни класи на намени:

Б1(до 40%);Б2(до 40%); Б3 (до 40%); Б4 (до 40%);Б6 (до 40%); В2 (до 40%); В3(до 40%); Д3 (до40%);

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Б5 не смее да надмине 40%.

**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**В1 - образование и наука**

вкупна површина во плански опфат: 0,27 ха
максимален процент на изграденост: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

максимален коефициент на искористеност: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
максимална катност: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
максимална висина на венец: 12,00м во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
компатибилни класи на намени:

Д3(до 20%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В1 не смее да надмине 20%.

**В5 – верски институции**

вкупна површина во плански опфат: 0,08 ха
максимален процент на изграденост: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
максимален коефициент на искористеност: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
максимална катност: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
максимална висина на венец: во согласност со режимот и посебни мерки на заштита
компатибилни класи на намени:

В5(до 10%); Б1(до 10%); Д1(до 10%); Д3(до 40%) Д4 (до 49%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена В5 не смее да надмине 40%.

**Г2 - лесна и незагадувачка индустрија**

вкупна површина во плански опфат: 0,24 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 2,1**
максимална катност: П+2 **
максимална висина на венец: според технолошки процес**
компатибилни класи на намени:

Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%);
Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Г2 не смее да надмине 49%.
**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**Д1 - парковско зеленило**

вкупна површина во плански опфат: 0,29 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 1,4**
максимална катност: П+1**
максимална висина на венец: 8,00м**
компатибилни класи на намени:

Б1(до 10%); Д3(до10%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д1 не смее да надмине 10%.
**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**Д3 - спорт и рекреација**

вкупна површина во плански опфат: 0,31 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 1,4
максимална катност: П+1
максимална висина на венец: 10,00м
компатибилни класи на намени:

А4(до 20%); Б1(до 10%); Б2(до 30%); Б3(до 10%); Б4(до 10%); Б5(до 20%); Б6(до 30%); В3(до 20%); Д1(до 40%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д3 не смее да надмине 40%.

**Д4 - меморијални простори**

вкупна површина во плански опфат: 0,50 ха
максимален процент на изграденост: 70%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: според проектна документација
компатибилни класи на намени:

В5 (до 40%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Д4 не смее да надмине 40%.

**Е1 - комунална инфраструктура**

вкупна површина во плански опфат: 6,54 ха

**4.9.** Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат зависи од дефинираната намена на земјиштето и се утврдува согласно нормативите од член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**4.10.** Паркирањето е предвидено да се решава во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно. Паркирање на јавни паркинг простори е можно единствено доколку се обезбедат јавни паркинг простори на ниво на блок со претходна разработка на урбанистичкиот план за село при што ќе се утврди точниот број на паркинг места кој се обезбедува на јавните паркинзи и ќе се назначи за чии потреби, односно, за кои градежни парцели се однесуваат.

**4.11.** Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење. Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

**4.12.** Висината на венецот дадена во нумеричкиот дел во посебните услови за градба е максимална, изразена е во должни метри и се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

**4.13.** Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

**4.14.** Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот, а во согласнсост со одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**4.15.** Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

**4.16.** Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување.
При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и

нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со "услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

**4.17.** Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска и телекомуникациска) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите и другите нивни технички карактеристики можат да биде предмет на промена со изработка на проекти за инфраструктура и основни проекти.

**4.18.** Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

**4.19.** Дефинирањето на градежни парцели за постоечките и новите трафостаници за потребите на блоковите ќе се утврдат со соодветна урбанистичко-планска и урбанистичко-проектна документација при разработка на урбанистичкиот план за село.

**4.20**. Доколку во градежни парцели со намена производство, дистрибуција и сервиси се утврдат зголемени потреби за снабдување со елетрична енергија дозволено е да се предвиди изградба на трансформаторски станици во рамки на градежните парцели.

**4.21.** За подземни кабелски водови на електро-енергетска мрежа во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за нивно водење, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

**4.22.** Доколку за водоснабдување се користат подземните води, динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до нарушување на режимот на подземните води.

**4.23.** Во градежните парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија, задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес и фекалните отпадни води, во секоја градежна парцела. Пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет до класата на реципиентот.

**4.24.** За добивање на Одобрение за градење во градежните парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија, задолжително да се добие мислење од надлежна институција во однос на планираниот третман на отпадни води.

**4.25.** Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал откако задолжително ќе биде извршен третман – пречистување во сопствената парцела (за парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија) и во целост според хидротехнички услови издадени од страна на надлежното комунално претпријатие.

**4.26.** Техничките решенија за поврзување на фекалната и атмосферска канализациона мрежа надвор од планскиот опфат, определувањето на позиции и технички карактеристики за пречистителни станици за третман на отпадните води пред испуштање во крајниот реципиент да се решаваат со Проекти за инфраструктура и Основни проекти.

**4.27.** Телекомуникациските коридори треба да се планираат во површини од тротоари, пристапни улици и пешачките патеки. За уличните телекомуникациски ормари потребно е да се обезбеди манипулативен простор со димензии од 1,0м x 0,5м. Бројот и местоположбата на истите ќе се дефинира согласно развојните потреби на мрежата и конкретните услови на теренот, во соработка со стручните служби на надлежната институција.

**4.28.** Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори бидат откриени остатоци на недвижно културно наследство, инвеститорот е должен да ги извести и да постапи според условите што ќе ги определат надлежните служби за заштита на културното наследство согласно актуелните законски прописи.

**4.29.** При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

**4.30.** Минималниот процент на зеленило во рамки на градежната парцела зависи од основната класа на намени и големината на градежната парцела, односно:
- во градежни парцели со намена А - домување, минималниот процент на зеленило изнесува 20% за парцелите со површина до 1000 $м^2$ и 25% за парцелите со површина над 1000 $м^2$;
- во градежните парцели со намена од групите на класи на намени Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции минималниот процент на зеленило изнесува 20%; и Г - производство, дистрибуција и сервиси минималниот процент на зеленило изнесува 30%;
- во парцелите со намена Д1 – парковско зеленило и Д2 – заштитно зеленило, проценотот на зеленило изнесува 20%.
- во градежните парцели со намена Д3 - спорт и рекреација минималниот процент на зеленило изнесува 20%;
- во градежните парцели со намена Д4 - меморијални простори минималниот процент на зеленило изнесува 20%.

**4.31**. При разработка урбанистичкиот план за село, доколку се појават соседни наменски зони кои се некомпатибилни помеѓу себе и кои не се раздвоени со јавна површина, да се предвидат „тампон" зони од високо зеленило за нивно разграничување. Овој услов не важи за сродните класи на намени кои спаѓаат во иста група на класи на намени.

**4.32.** Површините наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), кадешто карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

**4.33.** Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м.

**4.34.** Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м

**4.35**. Задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а

оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:20)

**4.36.** Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Рекламите и другите елементи од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

**4.37.** Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

**4.38.** Согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ бр.42/01; 05/03; 58/06; 110/08; 51/11; 151/11; 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр.36/04; 49/04; 86/08; 124/10; 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16), Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ, бр. 67/04; 81/07; 55/13; 158/14; 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ, бр.29/05; 36/11; 41/14; 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

**4.39.** Изградбата на нови објекти, како и изградбата на сообраќајници и комунална инфраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Согласно мислењето од Министерство за животна средина и просторно планирање и Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 163/13, 180/14. 146/15 и 52/16) дел од планската документација се и следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта :

**4.40** Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советото на град Скопје, предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот за државната управа и надлежен за вршење на работите од обласста на животната средина.

**4.41** Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки. Се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

**4.42** Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и другите активности да се врши во согласност со прифатените современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин на кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите врз корисниците.

**4.43** Објектите и постојките кои што се во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата вклучувајки и цевководи за транспорт на

такви материи и супстанци, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.

**4.44** Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

**4.45** Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99)

**4.46** Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува:
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади нво коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите.
- да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите
- да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање
- да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот и коритото поблиску од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножницата и насипот
- да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи)

**4.47.** При разработка на урбанистичките параметри од урбанистичкиот план, за тоа што не е регулирано со овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15).

**4.48.** Заклучни согледувања од Условите за планирање на просторот
За предметниот плански опфат релевантен плански документ кој ги дава основните влезни параметри и смерници при планирање на просторот претставуваат Условите за планирање на просторот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15909/2016 од 26.12.2016). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со технички бр.Y25216 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

**Условите за планирање на просторот се издаваат за потребите за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола.** Површината на планскиот опфат изнесува 72,2 ha.
Во рамки на опфатот се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.
**При изработката на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

***Економски основи на просторниот развој***

- **При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.**
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото, согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**
- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата**

**за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**

- **Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 72,2 ha.**

***Користење и заштита на земјоделското земјиште***

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на

Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Шуми и шумско земјиште***

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- При обезбедувањето на потребните количини на вода селото Дихово, потребно е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода и рационално користење на водата преку примена на модерни технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.
- Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во заштитните зони.
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителна станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.
- Во границата на планскиот опфат на селото минува реката Драгор за која при изработката на планската документација треба да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води со што ќе се заштитат објектите во крајбрежниот простор.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Планскиот опфат за село Дихово, Општина Битола нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).
- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

***Домување***

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
- Проекцијата на потребниот станбен простор за селото во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20

- 25 $m^2$/жител станбена површина, 40 - 80 $m^2$/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

***Јавни функции***

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ, а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и другите промени кои се во тек.

***Индустрија***

- **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- **Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**

- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

**Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР – Блаце – Скопје – Тетово – Кичево – Требеништа – Охрид – Битола – Меџитлија – ГР ) - коридор за патен сообраќај во насока север- југ.

**М-5** - (Крстосница Подмоље – Охрид – Ресен – Битола – Прилеп – Велес – Бабуна - крстосница Отовица – Штип – Кочани – Делчево - БГ-Звегор ), со (Крак Битола - крстосница Кукуречани – ГР – Меџитлија ).

- **Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

**А3 -** ( Крстосница Требениште –в рска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид -Косел- Ресен – Битола - Прилеп – Велес – Штип – Кочани – Делчево - граница со Бугарија - граничен премин Рамна Нива ), делница Битола- крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен премин Меџитлија- делница Косел - врска со А-3-Охрид - граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).

- При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16)..

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа***

- Планскиот опфат за село Дихово, Општина Битола нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа**.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности**.**

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

***Заштита на природното наследство***

Ђ **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во непосредна близина на заштитениот Национален парк Пелистер.**

Ђ **Планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Дихово, Општина Битола се наоѓа во непосредна близина на националниот парк. Доколку се утврди дека урбанизацијата на подрачјето може да има негативни импликации врз вредностите во паркот, при изработка на Урбанистичкиот план за селото потребно е да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата (“Службен весник на РМ”, број.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12,13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Законот за прогласување на дел од планината Пелистер за Национален Парк ((“Службен весник на РМ”, бр.150/07), како и заштитните категории, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ во Студијата за заштита на природното наследство.**

Ђ Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со

урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Туризам и организација на туристички простори***

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, **припаѓа на Пелагониски туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 25 туристички локалитети и е составен дел од простори со меѓународно значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

## 5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

*Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на блоковите дефинирани со Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола*

**5.1.** Процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, катноста и висината на венец ќе се дефинираат согласно табелата за максимално дозволени урбанистички параметри во рамки на градежните парцели која е составен дел на нумеричкиот дел на урбанистичкиот план за село.

| ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | | МАКСИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ | МАКСИМАЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | МАКСИМАЛНА КАТНОСТ | МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ м' | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ | МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **А1 -** домување во станбени куќи (руралната споменичката целина м.в. Село со втор (2) степен на заштита) | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Б1 (до 30%);<br>В1(до 30%);<br>В2(до 30%);<br>Д3 (до 30%);<br>Б5(до 5%) | 30% |
| 2 | **А1 -** домување во станбени куќи ( контактна зона се пропишува трет (3) степен на заштита) | 60% | 2.1 | П+2 | 10.20 | Б1 (до 30%);<br>В1(до 30%);<br>В2(до 30%);<br>Д3 (до 30%);<br>Б5(до 5%) | 30% |
| 3 | **А4 -** времено сместување (контактна зона се пропишува трет (3) степен на заштита) | 60% | 2.1 | П+2 | 10.20 | Б1 (до 30%);<br>Б3(до 30%);<br>В2(до 30%);<br>Д3 (до 30%); | 30% |
| 4 | **Б1 -** мали комерцијални и деловни намени | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | А1(до 20%);<br>А3(до 20%);<br>Б4(до 20%); | 40% |
| 5 | **Б4 -** деловни простории | | | | | Б5(до 40%);<br>Б1(до 40%);<br>Б2(до 40%);<br>Б3(до 40%);<br>В4(до 40%);<br>Д3(до 40%); | 40% |
| 6 | **Б5 -** хотелски комплекси | | | | | Б1(до 40%);<br>Б2(до 40%);<br>Б3 (до 40%);<br>Б4 (до 40%);<br>Б6 (до 40%);<br>В2 (до 40%);<br>В3(до 40%);<br>Д3 (до40%); | 40% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **В1** - образование и наука (руралната споменичката целина м.в. Село со втор (2) степен на заштита) | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Д3(до 20%) | 20% |
| 8 | **В5** - верски објект (руралната споменичката целина м.в. Село со втор (2) степен на заштита) | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Б5 (до 10%); Б1 (до 10%); Д1 (до 10%); Д3 (до 40%);Д4 (до 49%) | 49% |
| 9 | **Г2** - лесна и незагадувачка индустрија | 70% | 2.1 | П+1 | според технолошки процес | Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%); Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%) | 49% |
| 10 | **Д1** -парковско зеленило | во согласност со режим на заштита и посебни мерки на заштита (втор (2) степен) | | | | Б1(до 10%); Д3(до10%) | 10% |
| 11 | **Д3** - спорт и рекреација | 70% | 1.4 | П+1 | 10.00 | А4(до 20%); Б1(до 10%); Б2(до 30%); Б3(до 10%); Б4(до 10%); Б5(до 20%); Б6(до 30%); В3(до 20%); Д1(до 40%) | 40% |
| 12 | **Д4** - меморијални простори | 70% | 0.7 | П | според проектна документација | В5 (до 40%) | 40% |

**5.2.** Доколку при разработка на урбанистичкиот план за село се дефинираат нови наменски употреби на земјиштето кои се компатибилни на наменската зона урбанистичките параметри ќе бидат определени така што процентот на изграденост на ниво на градежна парцела не смее да надмине 70%.

**5.3.** Максималната висина на венецот да се планирана во однос на тротоарот од планираната улица, односно, заштитниот тротоар на градбите, земен како нулта кота. Планираната висина на градбите треба да биде пресметана со следните висини:

- кота на тротоар/заштитен тротоар (нулта кота): ± 0.00 м;
- кота на прво ниво (нулта плоча - е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар): ќе се дефинира со проектна програма за градбите и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека;
- катна висина за домување: мин. 2,90 м.
- катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.
- катна висина за друга намена: ќе се дефинира со проектна програма за градбите.

**5.4.** Границите на блоковите претставуваат затворени полигонални линии кои се совпаѓаат со осовини на сообраќајници и границата на плански опфат на урбанистичкиот план и за секој блок поединечно важат следните параметри.

БЛОК 1

**Граници на блокот**:

Од најсеверната точка на блокот, границата се движи по границата на планскиот опфат се движи кон исток по северната граница КП 727, КП 92/2, свртува кон југ и се совпаѓа со осовина на ул. “1”, свртува кон запад и се совпаѓа со осовина на ул. “4”, свртува кон север и се движи по границата на планскиот опфат по западната граница на КП 98/1, КП 89/10, КП 89/11, свртува и се движи по границата на планскиот опфат по северната

граница на КП 89/1, КП 89/2, КП 89/3, КП 89/4, КП 89/5, КП 89/6, КП 89/7, КП 89/8, КП 89/9, КП 90, КП 91/1 тука границата на блокот стасува со најсеверната точка на планскиот опфат.

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 1 | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 1.35 | 85.30% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.23 | 14.70% |
| **ВКУПНО** | | **1.58** | **100.00%** |

**А4 – времено сместување**

вкупна површина во плански опфат: 1,35 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 2,1
максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:

Б1 (до 30%); Б3(до 30%); В2(до 30%);Д3 (до 30%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А4 не смее да надмине 30%.

**Е1 - комунална инфраструктура**

вкупна површина во плански опфат: 0,23 ха

БЛОК 2

**Граници на блокот**:

Од најсеверната точка на блокот, границата се движи по границата на планскиот опфат се движи кон исток по северната граница КП 92/1, КП 92/3, свртува и се движи по источната граница на КП 92/3, КП 94/1, КП 103/1, КП 105/5, КП 105/3, КП 106, КП 110/2, свртува кон запад и се совпаѓа со осовина на ул. "3", свртува кон север и се совпаѓа со осовина на ул. "1" тука границата на блокот стасува со најсеверната точка на планскиот опфат.

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 2 | **А - домување**<br>**А4** - времено сместување | 1.16 | 85.65% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.19 | 14.35% |
| **ВКУПНО** | | **1.35** | **100.00%** |

**А4 – времено сместување**

вкупна површина во плански опфат: 1,16 ха
максимален процент на изграденост: 60%
максимален коефициент на искористеност: 2,1

максимална катност: П+2
максимална висина на венец: 10,20м
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%); Б3(до 30%); В2(до 30%);Д3 (до 30%)
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А4 не смее да надмине 30%.

**Е1 - комунална инфраструктура**
вкупна површина во плански опфат: 0,19 ха

БЛОК 3

**Граници на блокот**:

Од најсеверната точка на блокот, границата се движи кон исток и се совпаѓа со осовина на ул. "3", се движи по границата на планскиот опфат по северната граница на КП 112, свртува и се движи по границата на планскиот опфат по источната граница на КП 112, КП 114 свртува и се движи по југозападната граница на КП 114, свртува и се движи по источната граница на КП 116, 123/2, 129/9, ја сечи КП 127, КП 136, се движи по источната граница на КП 142/1, КП 143/1 свртува и се движи по југоисточната граница на КП 143/1, свртува и се движи по североисточната граница на КП 314/1, КП 315, КП 317/1, КП 318, свртуваи се движи по југоисточната граница на КП 318, КП 319, КП 317/2, КП 322, КП 340, КП 339, ја сечи КП 734, свртува и се движи по североисточната граница на КП 321/2, свртува и се движи по југозападната граница на КП 321/2, свртува и се движи по западната граница на КП 321/2, свртува и се движи по источната граница на КП 734, свртува кон запад и се совпаѓа со осовиан на ул. "49", се поврзува со осовина на ул. "48", свртува кон север и се совпаѓа со осовина на ул. "1" тука границата на блокот стасува со најсеверната точка на планскиот опфат.

| | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | површина (ха) | процент |
|---|---|---|---|
| БЛОК 3 | **А** - домување<br>**А1** - домување во станбени куќи | 7.07 | 87.49% |
| | **Г - Производство, дистрибуција и сервиси**<br>Г2 - лесна и незагадувака индустрија | 0.24 | 3.01% |
| | **Е - инфраструктура**<br>**Е1** - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура) | 0.77 | 9.49% |
| **ВКУПНО** | | **8.08** | **100.00%** |

**А1 - домување во станбени куќи**
вкупна површина во плански опфат: 1,17 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 2,1**
максимална катност: П+2**
максимална висина на венец: 10,20м**
компатибилни класи на намени:
Б1 (до 30%);
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена А1 не смее да надмине 30%.
**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**Г2 - лесна и незагадувачка индустрија**

вкупна површина во плански опфат: 0,24 ха
максимален процент на изграденост: 70%**
максимален коефициент на искористеност: 2,1**
максимална катност: П+2 **
максимална висина на венец: според технолошки процес
компатибилни класи на намени:

Б1(до 30%); Б2(до 30%) Б4(до 10%); В2(до 5%);
Д2(до 30%); Д3(до 30%); Д4(до 30%); Г3 (до 30%); Г4(до 30%)

* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена Г2 не смее да надмине 49%.

**во согласност со режимот и посебни мерки на заштита

**Е1 - комунална инфраструктура**

вкупна површина во плански опфат: 0,77 ха

**Режим на заштита**

Подрачјето на опфатот на УП за село Дихово - Битола е поделено на два дела и тоа: рурална споменичка целина м.в. Село и контактна зона.

**Блок 3** спаѓа во Контактна зона – зона на ограничена заштита (3).

За контактната зона се пропишува трет (3) степен на заштита.

**Општи мерки за заштита**

Од аспект на заштита на културното наследство, според режимот на заштита, треба да се почитуваат следните општи мерки на заштита:

- Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување на непосредна заштита на начин кој ке ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко архитектонски, уметнички и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите и просторот во целината за користење.
- Сите превземени мерки на заштита во опфатот се одредуваат според вредностите дефинирани со валоризација и категоризација на објектите, односно споменичката целина и се изведуваат под надзор од надлежната институција.
- Руралната структура (изградена и неизградена), се третира според карактерот на зоната, во согласност со тековните потреби и функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата.
- Ревитализацијата е определена во зависност од пропишаниот режим на заштита, а воведувањето на нови функции се сообразува според можностите на зоната.
- На постојните, новопроектираните и помошните објекти во споменичката целина село Дихово не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторско одобрение издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство.
- Постојните помошни објекти кои се наоѓаат во парцелите на објектите кои се предвидени да добијат статус на заштитено добро да не го променат изгледот, применетите материјали, габаритот и висината.
- На подрачјето на руралната споменичка целина село Дихово и контактната зона не се дозволува изведба на мансардни поткровја.
- Новопланираните објекти во заштитеното подрачје да го следат концептот на отвореност на визурите. Катноста и височината, на евентуално новопредвидените објекти / или на евентуалните доградби и надградби / да бидат резултат на анализи и прилагодување во општиот амбиент и просторни репери.
- При обликувањето на надворешниот изглед на новите објекти во опфатот на заштитеното подрачје да се користат природни и автентични материјали, а се препорачува и користење на традиционалните начини на градба.

- При планирањето на нови објекти во опфатот и било каква припремна градежна активност, како законска одредба согласно чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство ( Сл.весник на РМбр.20/04г.) во случај ако се откријат културни слоеви и наоди од претходно живеење, веднаш да се извести надлежната установа /НУ Завод и музеј - Битола/.

Од аспект на заштита на културното наследство подрачјето на опфатот кое подлежи под (3) трет степен на заштита, подразбира ограничувања во поглед на габаритот и катната висина на објектите во контактната зона како и прилагодување на архитектонскиот израз кон наследената рурална архитектура и традиционалните материјали и техники на градба.

- Преземањето на мерки на непосредна заштита на постојните и новопроектираните објекти во состав на контактната зона се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната установа за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство. ( Во случајов НУ Завод и музеј- Битола).

Режимот на заштита од (3) трет степен се предлагаат мерки на непосредна заштита како конзервација, реставрација, реконструкција, санација, адаптација, превентива и секој друг вид директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес според чл.11 точ.27 од од Законот за заштита на културното наследство.

Согласно ст.16 од чл.30 од Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно - конзерваторските основи за културно наследство (Сл.В.РМ бр.111/2005) со пропишаните интервенции се планира постојната урбана структура да се адаптира на тековните потреби и новите функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Пропишаните интервенциите главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, со цел екстериерот, односно фасадите на објектите да се зачувуваат.

